# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 104-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристана Лалчевска, Ангелка Пеевеа Лауренчиќ, Аднан Ќахил, Исмет рамадани, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети и Рафит Муминовиќ, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со работа по 15 точка - Предлог за донесување на закон за радиодифузна дејност.**

Продолжуваме со претресот.

Има збор господинот Драган Ѓорѓиев. Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,поголем дел од мојата дискусија ќе ја насочамна забелешки, препораки и коментари по однос на конкретни членови. На почетокот ќе кажам кратко да не се повторувам со обемното уводно излагање од страна на министерот.

Се работи за многу сложен изначаен закон во Република Македонија, закон кој буквално ги опфаќа сите граѓани во нашата држава, затоа што сите ние сме или гледачи или слушатели на некои од радиодифузните друштва во Република Македонија. Меѓутоа, мора да се каже дека помина долго време на усогласување на ставовите и внатре во институциите и сите субјекти кои се опфатени во оваа област, поминаа веќе 2 до 3 години, го чекаме ова законско решение кое ни е обврска и внатре во државата, меѓутоа и обврска кон Советот на европа и Европската унија, за на крај да добиеме едно решение кое е солидно решение, во кое се опфатени, можам да кажам, сите препораки, директиви, сите декларации кои се однесуваат на усогласување на европското законодавство, со законодавството на Република Македонија.

Во овој дел исто така мора да се напомене дека овој закон е усогласен и со другите домашни закони, како што е Законот за електронски комуникации и дека се прифатени добар дел од забелешките од многуте трибини кои се одржаа поповод овој закон во изминатиот период. Затоа сега ние во оваа прва фаза, добро е што оди во прва фаза, во која имаме можност да учествуваме преку свои забелешки и коментари, во однос на подобрување на одредени членови на овој закон. Затоа јас ќе се осврнам по одредени конкретни членови и моите коментари ќе ги дадам или за новини кои се внесуваат, а кои не ги содржи досегашниот Закон за радиодифузна дејност, или измени и дополнувања на одредени членови.

Ќе започнам со основната цел на овој закон, а тоа е дека овој закон треба да обезбеди слобода на изразување во радиодифузната дејност, во согласност со Уставот на Република Македонија, но и во согласност со меѓународните договори кои ние како држава ги имаме ратификувано. Понатаму, исто така основна цел е заштита на интересите на корисниците, унапредување и поттикнување на конкуренцијата и развојот на радиодифузната дејност во Република Македонија затоа што до сега немавме добри времиња за нашите радиодифузери, посебно обезбедување на транспарентност, независност и недискриминација во регулаторните процеси и обезбедување на независен и ефикасен радиодифузен сервис.

Ќе поминам конкретно по определени членови.

Во членот 6 во Глава 2, имаме новина. Воведено е, не профитна радиодифузна установа, покрај радиодифузно претпријатие и трговско радиодифузно друштво. Овде е позитивно тоа што се отвора можноста, образовни, културни и други установи и здруженија на граѓани и фондации да можат да основаат непрофитна радиодифузна установа, со цел да се задоволат потребите и интересите на специфични целни групи од публиката.

Во членот 11, предлагам две измени.

Првата измена се однесува на дополнување, имено политички партии, органи на управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа се ограничуваат да вршат радиодифузна дејнос, или да бидат основачи или да се стекнат со учество во сопственоста на радиодифузерите. Овде предлагам да се вметне-верски заедници и религиозни групи.

Имам прашање до минситерот, зошто се иземени верските заедници и религиозните групи да можат да бидат основачи. Дали е тоа грешка или е намерно ставено. Ако е намерно ставено која е целта.

Исто така во истиот член 11 предлагам бришење на зборовите "носители на јавни функции и членови на нивни семејства". Според мене не е во ред, ако на пример некој човек или фамилија со годининаназад е основач или сопственик на радиодифузно друштво и основната егзистенција на неговото семејство е тоа радиодифузно друштво и после 5, 10 или 20 години тој има можност да оди на јавна функција и оди на јавна функција, што ќе прави со таа сопственост на своето радиодифузно друштво, затоа што е предвидено и членови на неговото семејство не можат да бидат ниту основачи, ниту соосновачи, ниту да се стекнат со учество во овој дел. Ние имаме и во Парламентот еден претставник,

барем јас така мислам, Љубисав Иванов-Ѕинго е дел од сопственик или сопственик на телевизија "Сител" и ние не можеме да ја ограничиме неговата сопственост затоа што тој порано се занимавал со таа работа. Мислам дека тоа треба да се избрише. Вд други држави во Европа и во нашето опкружување тоа не е забрането.

Во Глава 3, заштита на плурализмот и разновидноста на радиодифузерите, одиме во позитивна насока во однос на делумно либерализирање на медиумската концентрација. Тоа е позитивно затоа што се остава можноста, радиодифузери, на пример на државно ниво да можат да имаат акции до 50% од капиталот на друго радиодифузно друштво на државно ниво, да имаат исто така сопственост на радиодифузно друштво на регионално ниво и да имаат можност на две радиодифузни друштва на локално ниво. До сега беше рестриктивно. Сметам дека Македонија како мал пазар за оваа радиодифузна дејност, треба и добро е што се либерализира во тој правец, за да овозможиме јакнење и зајакнување на нашите домашни трговски радиодифузни организации, за штопоуспешно да се вклопат во интегрирање на национален радиодифузен пазар, по однос на единствениот европски радиодифузен пазар.

Понатаму во членот 19 е внесена одредба во која на странско физичко или правно лице да може да основа и да учествува во сопственоста на домашен радиодифузер, под исти услови утврдени со овој закон, што важат за домашните физички или правни лица. Значи имаме можност, странски физички или правни лица да влегуваат овде и да бидат буквално рамноправни со нашите домашни лица. Тоа е препорака од Европската унија и е позитивно, меѓутоа треба овде внимателно, затоа што ќе има можност да влезат силни странски правни лица кои се занимаваат со оваа област и на некој начин да не застанат нашите домашни. Овој период барем на зајакнување на домашното радиодифузерство тоа е укажано и од Советот на европа, односно од Карл Јакуповиќ, во неговите забелешки, иако тоа е позитивна новина.

Во Главата 4 која можеби е и најважна во овој закон, опфатени се одредбите на Советот за радиодифузија и овде несомнено имаме поголеми надлежности, поголеми овластувања на Советот за радиодифузија и подобар начин на избор и разрешување на членови на Советот за радиодифузија. Тоа е корисно затоа што имаме зајакнување на оваа институција и целта е овој Совет кој е директно најнадлежен за спроведување на овој закон и надзорот на спроведување на овој закон, да го има тоа највисоко ниво на независност и во однос на тоа што значи финансиска независност, меѓутоа и тоа што значи политичка независност, имајќи ги предвид начинот на избор на членовите на Советот и нивното разрешување.

Советот за радиодифузија, при остварување на своите функции, потребно е да се грижи за обезбедување на слободата и плурализмот на изразување за постоење на разновидни, независни и самостојни медиуми, за остварување интересите на општеството, економски и технолошки развој на дејноста и за заштита на интересите на граѓаните во радиодифузната дејност.

Во членот 26 предлагам да се додаде уште една алинеја. Тоа е член кој ги набројува овластените предлагачи. Овластени предалгачи во овој предлог предложени се МАНУ кој предлага еден член, Интеруниверзитетска конференција која предлага тројца членови, Мнозинско здружение на новинари на Македонија двајца и Комисија за прашања на избори иименвуања на Собраниеот на Република Македонија тројца членови. Не е јасно зошто е изоставен претседателот на Република Македонија , затоа што имаме примери во регионот и во Европа каде претседателот на државата е овластен предлагач, имајки ја предвид стабилноста на неговата институција, имајки го предвид широкиот легитимитет кој го добива на непсоредни избори. Сметам, ако имаме 9 членови на Советот за радиодифузија, барем еден член треба да предлага претседателот на Република Македонија, со тоа да учествува во предлагањето на член во Советот за радиодифузија, а тоа да се изземе од тројцата членови кои ги предлага Интеруниверзитетската конференција. Аналогно таа исправка да се изврши и во членот 28.

Исто така, посебно треба да се истакне и тоа што во членот 28 став 4, во случај Собранието на Република Македонија да не избере член на Советот кој е предложен од овластен предлагач,при наредното предлагање до овластениот предлагач, Собранието веќе е должно да изврши избор и предвидено е тамо во рок од 15 и 30 денови, аналогно. И тоа е добро затоа што се намалува влијанието на Собранието на Република Македонија во однос на изборот на овие членови на Советот односно не зависни се овластените предлагачи по однос на повторениот предлог кандидат за член на Советот. Тоа, исто така оди во правец на независност и самостојност на радиодифузија.

Во членот 30, од постоечкиот закон имаме промена односно се предлага, покрај другите членови, претседателот и заменикот претседател кои до сега имаат засновано работен однос, да бидат исти со другите членови. Тоа исто така е препорака од Советот на европа и е практично затоа што при нивното одлучување до сега во пракса се покажа дека претседателот и заменикот претседател имаат огромно влијание во однос на донесувањето на одлуките на Советот, затоа што целодневно работејки, затоа што имаат редовен работен однос, беа во некоја предност пред другите членови. И овде имаме предлагање на избор кој го врши Советот за радиодифузија,избор на директор. До сега имавме секретар. Во тој правец ние имаме остра реакција од Советот за радиодифузија, меѓутоа неоправдана затоа што изборот на директор го

има во повеќе земји и неговата улога е да раководи со стручната служба на Советот, да предалга вработување и назначување на раководни лица во стручната служба и да врши други работи доверени од Советот. Со ова се предлага директорот да служи како соработник на Советот, да му олесни во неговата работа и исто така оди во правец на независност на Советот во однос на претседателот и заменикот претседател кои исто така ќе бидат избрани.

Во членот 32 кој се однесува на разрешување на членови на Советот од страна на Собранието, како што беше и изборот, исто така е позитивно што само во строго определени случаеви, со строго утврдени процедури, може да се разрешат членови на Советот. Тоа е добро и оди во правец на зајакнување на независноста на Советот.

Исто така, во забелешките кои ни се доставени, остра реакција односно сугестија од Советот за радиодифузија, има и во членот 34 каде се укажува на тоа дека нема став кој се однесува следното: за вршење на стручно-административни работи на Советот, се формира стручна служба, чија внатрешна организација и начин на работа поблискус е уредува со актите за организација и систематизација на работите и задачите. Овде може да се каже дека со тоа нема да се смени ништо затоа што новиот директор и новиот Совет нанекој начин ќе можат да ја ревидираат стручната служба односно да изменат лица на раководни места и со тоа ништо посебно нема да биде променето и нема потреба тоа да се менува. Сметам дека тоа решение е добро.

Во членот 36 е предвидено средствата за работа на Советот за радиодифузија да се обезбедуваат од средства прибрани од радиодифузна такса и од надоместокот на дозволи за вршење на радиодифузна дејност кои треба да бидат доволни за да ги покријат трошоците за работење на Советот. Овде се гледа финансиката независност на Советот затоа што имаме стабилни извори на финансирање од страна на Советот односно финансиите нема да зависат до Буџетот на Република Македонија затоа што акона било кој начин Советот се финансира од Буџетот на Република Македонија, несомнено е дека таа Влада односно тие партии кои ќе бидат на власт ќе можат да влијаат врз Советот. И тоа исто така оди во правец на самостојност, што е и целта на овој закон, бидејќи целиот закон, скоро сите надлежности се дадени на Советот и овде мора да имаме независност на тоа регулаторно тело.

Во членот 39, затоа што кажавме дека директорот го избира Советот, наместо досегашниот секретар, исто така во тој член оставена е можноста директорот да биде разрешен од Советот за радиодифузија, на негово барање, или поради нестручно и несовесно извршување на работите. Очигледное дека Советот на прилично едноставен начин, значи, поради нестручно и несовесно извршување на работите, ќе има можност да го разреши директорот. Тоа значи дека директорот е под Советот, во таа хиерархија и ќе биде обврзан да соработува.

Во Глава 5, дозвола за вршење на радиодифузната дејност, има значајна измена која се однесува на следното:

До сега се доделуваа концесии кои ги доделуваше Владата и дел од надоместокот за тие дозволи одеа во Буџетот на Република Македонија, Сега е добро што наместо концесии, Советот ги дава дозволите за вршење на радиодифузна дејност и надоместокот за доделување на овие дозволи оди исклучиво во Буџетот на Советот за радиодифузија. Исто така тоа е зајакнување на оваа институција како независно регулаторно тело.

Постапката за доделување на тие дозволи е опфатена детално , транспарентна е и на најдобар можен начин ја овозможува дозволата која треба да ја добијат радиодифузерите.

Одлуката за објавување на конкурсот е во согласност со Стратегијата за развој за радиодифузната дејност во Република Македонија и тука е позитивно да се каже тоа што долгорочното планирање на типови на сервиси кои ќе се нудат на граѓаните е позитивно, посебно во правец на деловна сигурност на потенцијалните инвеститори во оваа област, затоа што ќе знаат долгорочно да ги планираат своите инвестиции.

Во членот 57, заради состојбите на локалните радиодифузери кои се наоѓаат воисклучително тешка состојба затоа што знаеме сите, во локалните средини имаме голем број на локални дифузери, мал пазар, лоши состојби, лош квалитет на програмите и т.н., затоа што мали финансии се слеваат посебно во трговските радиодифузни друштва. Овде се предлага новина односно дозвола за вршење на радиодифузна дејност кој поради опфатот на слушаност односно гледанос, може да се додели на регионално ниво, покрај државното и локалното. Со ова се овозможува зголемвуање на гледачите или слушателите од 150 на 400 илјади граѓани и со тоа се оди во правец на финансиско зајакнување на нашите регионални радиодифузери и прераснување на локалните постоечки радиодифузери во регионални радиодифузери, тие што можат тоа да го нарпават.

Во однос на висината на надоместокот за дозволата, овде во предлогот имаме две алтернативи. Висината на надоместокот за дозволата за вршење на радиодифузната дејнсот се определува врз основа на следните критериуми: бројот на вкупното население во сервисната зона, предвидена со дозволата за вршење на радиодифузната дејнсот, видот на сервисот, радио или телевизија и форматот на радиодифузниот сервис. Сметам дека не е потребна втората алтернатива каде практично се налага, по определена формула да ја определуваме висината на износот, затоа што

сепак Советот и оние кои конкурираат даваат мислење различно од регионите, дали се однесува за рурални или урбани средини, дали се однесува за големината на бројот на гледачите или слушателите и така натака.

Значи висината да не оди по алтернативата која е наложена, туку по првата варијанта, со тоа ќе имаме пореална висина на надоместокот која сепак не треба да биде до тој степен висока за да го спречи развојот на радиодифузната дејност и разновидноста на понудата на сопственичката и во програмска смисла.

Во членот 63 кој се однесува на тоа Советот за радиодифузија да ја одзема дозволата во следните случаи: предлагам да се додаде и уште една алинеја, иако овде треба да имаме многу ограничено, во строго определени случаи, да се одзема дозволата, меѓутоа сметам дека треба да постои одредба која ќе гласи вака: ако имателот на дозволата по опомена на Советот не го плати соодветниот надоместок и ако тој, да кажеме, се определи повеќе од 12 или од 18 месеци не го плаќа надоместокот, Советот да има можност да ја одземе дозволата на тие радиодифузери кои по опомената не извршат уплаќање на веќе ненаплатениот надоместок за дозволата.

Во членот 67, овде имаше повеќе дилеми и на расправата на Комисијата за транспорт и врски и од страна на некои членови на институции кои се вклучени во овој закон во однос на Второстепената комисија која против одлуките на Советот за радиодифузија до неа се поднесува жалбата и решава по жалби од областа на радиодифузијата. Сметам дека воведување на Второстепена комисија на сличен начин како што се избира и Советот, се избираат и членовите на оваа Комисија, ќе оди во зајакнување на демократијата на поднесените жалби, имајќи предвид дека и против конечните одлуки на Комисијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд и сметам дека е ова добро регулирано иако имаше предлози да се измени тој дел, сметам дека ова ги решава проблемите како и забелешките од Советот на Европа кои одат во таа насока. Технички е испуштено во членот 67 став 2 не е предвидено, бидејќи има пет члена Комисијата и нивни заменици, треба да се внесат овластените предлагачи да предлагаат и членови и нивни заменици. Да се конкретизира.

Понатаму во програмските стандарди сакам само да кажам дека е добро што се предвидени минимум услови кои треба да ги исполнуваат радиодифузерите за да се емитува програата. Новина овде е членот 70 и 71. Овде предлагам бришење на членот 71 затоа што новината се однесува на заштита на деца и млади. Тоа е препорака и програмите на радиодифузерите не смеат да содржат порнографија, прекумерно насилство или други програми кои можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите. Ова е опфатено во членот 70 и не знам зошто во членот 71 се прави исклучок овие програми да можат да се емитуваат од 24,00 часот до 05,00 часот, предлагам бришење на овој член затоа што ако некои програми го загрозуваат физичкиот, психичкиот и моралниот развој, тие, според мене, не треба да се емитуваат и од 24,00 до 05,00 часот. Имаме такви искуства во други држави и сметам дека тоа треба да биде прифатено.

Во оваа глава е запазено значењето да се емитуваат европски аудиовизуелни дела односно запазена е таканаречената европска квота и тоа всушност е еден од предусловите за интегрирање на македонскиот радиодифузен пазар во единствениот радиодифузен европски пазар.

Во членот 76, сметам дека е значајно и барам мислење од министерот. Јас предлагам да се брише членот 76 од Законот за радиодифузна дејност кој денеска го разгледуваме, а образложението е следно:

Во предложениот текст од овој закон е наведено дека јавниот радиодифузен сервис на своите програми не може да организира и емитува игри на среќа со извлекување како лото, спортска прогноза, лотарија, инстант лотарија и други и со обложување на спортски натпревари. Сметам дека вака предложеното законско решение е спротивно на европското законодавство, бидејќи никаде во светот не постои ваква забрана за јавниот сервис.

Сакам да напоменам и тоа дека никогаш до сега јавниот радиодифузен сервис не организирал игри на среќа, туку само емитува извлегување од игри на среќа.

Вакво решение е спротивно и со правото за забрана на монопол загарантирано со Спогодбата со Европската унија и спротивно на Уставот на Република Македонија со кој се гарантира слобода на пазарот и претприемаштвото иако овде правиме баланс помеѓу трговските радиодифузни друштва и јавниот радиодифузер, меѓутоа, сепак во овој дел треба да се обезбеди еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

Право е на приредувачите на игрите на среќа да одлучат со која радиодифузна организација ќе склучат договор за емитување на извлекувањата од игрите на среќа, првенствено раководејќи се од економскиот интерес, бидејќи тука само за економски интерес се работи во овој дел, од тоа кој нуди најповолни услови за емитување и рекламирање, но притоа не смее да се занемари фактот дека битен фактор за оваа дејност радиодифузерот да има што поголема покриеност на мрежата.

Од тие причини сметам дека е потребно законот за радиодифузна дејност да има ограничувања во однос на извлекувањата на игрите на среќа дотолку повеќе што секаде во Европа овие емитувања се вршат на програмите на јавните радиодифузни сервиси.

Доколку нема согласност за бришење на овој член, предлагам до предлагачот на овој закон од

предложениот текст на законот за радиодифузна дејност овој член да гласи вака: Јавниот радиодифузен сервис и радиодифузна организација може да емитува игри на среќа со извлекување, набројани се кои, и со обложување на спортски натпревари, организирани само од субјект кој има лиценца од надлежен орган за организирање на игри на среќа.

Овој предлог јавниот радиодифузен сервис да може да емитува игри на среќа со извлекување е од причина што за сега јавниот радиодифузен сервис имал најголема покриеност на мрежата од над 95% на територијата на Република Македонија, што не е случај и со останатите трговски радиодифузни организации кои ја немаат таа можност и лиценците кои ги добиваат приредувачите важат за цела територија на Република Македонија и затоа во интерес на приредувачите, но и во интерес на играчите да се овозможи на сите граѓани да учествуваат во игрите на среќа, бидејќи ако нема гледаност на целата територија, ќе нема интерес за игрите на среќа, што индиректно ќе се рефлектира на државата, бидејќи со помалку промет ќе значи помалку приход за државата.

Во глава 7- дел за рекламирање телешопинг и спонзорство. Сега ќе се надоврзам на ова претходното на член 90. Иако целта е да се балансира помеѓу јавното радиодифузно друштво и трговските радиодифузни друштва, сметам дека, барем во наредните неколку години, треба да се зголеми прагот односно квотата што е предвидена во членот 91 времетраењето на рекламирање на јавниот радиодифузер односно МРТ, овде е нагласено да не може да изнесува повеќе од 7%. Во сите европски држави и кај соседите овој интервал се движи од 7 до 12%, ние одиме на најниско ниво иако можеме да кажеме дека имаме најслаб и по технологија и по огромен број на вработувања, најлоша состојба во нашата МРТВ и овде сметам дека треба да стои 10 до 12%. Со тоа ќе овозможиме, покрај бришење на членот 76 со игрите на среќа и со зголемување на овој процент сигурни дополнителни финансиски средства во насока на зајакнување на јавниот радиодифузен сервис, а додека со детална финансиска анализа може да се направи анализа дали можеме, за возврат на тоа, да отидеме на намалување на дел од висината на радиодифузната такса на пример од 2,5 на 2% со тоа растеретувајќи ги сите граѓани на Република Македонија, овозможувајќи од реклами од големите фирми кои можат да дадат големи пари за реклами во насока на намалување на радиодифузната такса. Меѓутоа, за ова сепак ќе треба взаемна усогласеност помеѓу МРТВ и Министерството за транспорт и врски и една финансиска анализа како и колку пари ќе се соберат. Со намалување на висината на радиодифузната такса, ќе имаме и поголем процент на наплата од страна на граѓаните.

Во членот 93 став 3 позитивно е тоа што зад трговските комерцијални радиодифузни друштва е предвидена највисоката квота на рекламирање што е позитивно во однос на зајакнување на тие трговски радиодифузни трговски друштва предвидено е времетраењето, спотовите и телешопингот да не смее да изнесува повеќе од 20%. Тоа е максимумот во овој момент, меѓутоа, со тек на време ќе имаме зголемување на овие квоти. Предлагам да се зголемат и овие квоти во функција на собирање на повеќе финансии од оние фирми кои сакаат да се рекламираат. За сега е максимумот и тоа е позитивно.

Во глава 9 - јавен радиодифузен сервис овде е опфатен и досегашниот Закон за основање на Јавното претпријатие МРТВ и со ова на некој начин се дефинира во позитивна смисла работата, статусот, независноста и бројот на програмските сервиси на МРТВ како јавен дифузен сервис, како правно лице кое има можност да основа и регионални продукциони центри и тн. Овде особено сакам да истакнам дека МРТВ се финансира од радиодифузната такса, од рекламирање, спонзорства, донации, продажба на програма и услуги од средства обезбедени во Буџетот. Посебно треба да се внимава кога имаме финансирање од Буџетот и донациите тие финансирања да не бидат условиени со одредени обврски во однос на програмите на МРТВ. Во таа насока го имаме ставот 6 во однос на донациите е предвидено тоа. Главната цел е јавното радиодифузно друштво да е обврзано да овозможи универзалност во пристапот и разновидност во програмската понуда.

Во однос на програмските сервиси само ќе се задржам на еден од нив, другите сметам дека се добро регулирани, тоа е ставот 6 од членот 117. МРТВ може да обезбедува и дополнителен програмски сервис наменет за емитување на активностите поврзани со работата на Собранието на Република Македонија по претходно склучен меѓусебен договор. Значи, овде е кажано дека може да обезбедува, не мора, меѓутоа, сепак овде и ние како Собрание имаме обврска со заклучокот кој го донесовме по однос на ова прашање да подготвиме заеднички договори со МРТВ до крај да го дефинираме тој договор за обезбедување на дополнителен програмски сервис наменет за емитување на активности поврзани со работата на Собранието, затоа што ако се прашаме што ако не се обезбедат средства во Буџетот за емитување на активностите во Собранието, дали тогаш нема да емитуваме, дали тогаш МРТВ нема да го емитува овој канал и тн. Овие дилеми не се до крај разрешени во овој дел.

Сосема кратко ќе спомнам дека органите на МРТВ се избираат на начин кој е многу сличен од начинот на кој тие се избрани во скоро сите држави во Европа и во соседството односно на еден најтранспарентен начин на предлог на овластени предлагачи. Предлозите доаѓаат од различни институции, од голем број институции со што се обезбедува влијание врз изборот на Советот врз различни сегменти од публиката и

целта е сеопфатно да бидат избрани членови на Советот кои ќе ги претставуваат различните групи во општеството. Младите, пензионерите, универзитетите, граѓанските здруженија и на транспарентен начин се предлагаат членовите на Советот.

Понатаму Советот по пат на јавен конкурс избира управен одбор на МРТВ кој управен одбор исто така по пат на јавен конкурс го избира извршниот директор и на тој начин е обезбедена меѓусебна контрола и следење на овие органи што ќе придонесе за квалитетно работење на органите на МРТВ.

Имам една забелешка во членот 132 каде за својата работа членовите на Советот на МРТВ не добиваат надоместок. Се работи за 21 член. Понатаму гласи: членовите на Советот на МРТВ кои живеат надвор од Скопје имаат право на надомест на патни и дневни трошоци кога присуствуваат на седница на Советот на МРТВ. Што со оние членови кои се од Скопје? За оние од страна ќе добиваат дневни трошоци, а овие не. МРТВ како голем јавен дифузен сервис со над 1000 вработени, со голем број на финансиски средства ако не може еднаш месечно да плаќа надоместок на членови на Советот на МРТВ, а очекуваме да влезат стручњаци од оваа област, сметам дека овде треба да има измени и да добиваат соодветен надоместок. Нека биде ограничена висината на надоместокот, да не биде голема, меѓутоа, без надомест на член на Советот на пример од Скопје, сметам дека е неоправдано и неиздржано.

Овде е регулирано и функциите на јавниот оператор за пренос на радио и телевизиски програми во Република Македонија односно тие ќе ги остварува Јавното претпријатие Македонска радио дифузија. Овде не сакам да должам затоа што си има посебен Закон за основање на ова јавно претпријатие.

Во однос на финансирањето во членот 146 кој се однесува на тоа радиодифузната такса да ја плаќа секој корисник на радио и ТВ приемник, имаме новина која ја нема во досегашниот закон, а која се однесува на следното:

Семејно домаќинство кое во својот состав има слепо лице со оштетување на видот од над 90% и глуво лице со оштетување на слухот од над 60 децибели е ослободено од плаќање на радиодифузната такса, меѓутоа, Советот со акт го уредува спроведувањето на оваа одредба и тоа е добро за оваа категорија на луѓе. Исто така е опфатено и таму каде семејните домаќинства во одредени населени места не се покриени со телевизиски сигнал на предлог на Советот за радиодифузија Владата да може да определи кои се тие населени места односно домаќинства кои нема да плаќаат радиодифузна такса затоа што знаеме дека има населени места кои или недоволно или нецелосно се покриени со овој сигнал иако тоа се мали територии.

Една од позначајните забелешки односно измени кои ги предлагам, сметам дека е ова суштинско, се однесува на членот 148.

Во членот 148 е предвидено регистерот на обврзници за плаќање на радиодифузната такса да го води Советот за радиодифузија и за разлика од претходно каде не се согласував со предлозите на Советот, овде сметам дека Советот за радиодифузија е во право и оваа обврска треба да си ја преземе како што до сега ја вршеше МРТВ затоа што искуството за водење на регистер на обврзници за плаќање на радиодифузната такса го имаа тие, тие се најголеми приматели во проценти на оваа радиодифузна такса, имаат луѓе кои до сега работеле, значи имаат база на податоци, работен потенцијал и тн., а од друга страна Советот има дваесетина луѓе кои недоволно добро ќе ја завршат оваа работа во однос на регистерот на обврзници.

Овде има оставено алтернатива, сметам дека алтернативата треба да биде прифатена.

Во однос на членот 150 кој се однесува на радиодифузната такса како таа ќе се собира, сметам дека начинот и наплатата која беше утврдена треба да остане така, меѓутоа, треба да се размислува тогаш кога ќе дојде инвеститор во ЕСМ дали ние, иако се однесува за јавна услуга, дали ние со закон можеме да му наложиме на идниот сопственик на ЕСМ дека ти мораш да ја собираш радиодифузната такса и за тоа собирање ќе добиеш 0,5% од таа радиодифузна такса.

Јас сметам дека овде треба да има облигации, односно договор помеѓу двете страни со тој сопственик кој што ќе дојде. И мислам дека ова ќе претрпи измени во периодот кој што ќе следи со инвестирањето во ЕСМ.

Во однос на Главата 12, право на исправки и одговор, само ќе споменам дека е новина и позитивно секое физичко и правно лице да има право да бара од одговорното лице на радиодифузерот бесплатно да објави исправка, односно одговор на емитуваната неточна, односно нецелосна информација со која се повредува легитимното право, или интерес на лицето, особено на неговото достоинство, чест, или углед. Овде се добива една рамноправност, затоа што секој треба да биде рамноправен во слободата на изразување и информирање, без разлика дали тоа се обични граѓани, дали тоа се новинари, дали тоа се радиодифузни друштва итн.

На крај во преодните и завршните одредби член 173 каде што имавме најмногу реакции од Советот за радиодифузија на кои што тие го темелат огромен дел од нивното образложение оди во насока дека со овој закон е предвидено во рок од 8 месеци од денот на влегување на сила на овој закон ќе се изврши избор на членови на Советот за радиодифузија според одредбите предвидени во законот. Советот за радиодифузија предлага да немаме избор

целосно на нов состав, туку со текот на времето како престанува мандатот на досегашните членови да се избираат и нови членови. Јас сметам дека тоа е сосема погрешно, затоа што сега имаме сосема нов закон за радиодифузија со многу поголеми надлежности и ингеренции на тој Совет и континуитетот нема да биде прекинат, со тоа што како ќе се врши изборот во рок од овие 8 месеци само да биде точно утврден редоследот на испаѓање на членовите на Советот за радифузија, така што последен да биде разрешен последниот член кој што ќе го избере Собранието на Република Македонија, да биде последен изземен претседателот на Советот за радиодифузија. Тоа не значи дека во овие нови девет предлози од овластените предлагачи нема некој да биде повторен со сегашен член на Советот за радиодифузија. Зошто толку големо залагање да останат досегашните членови за радиодифузија, односно Советот и во период и до 4 години. Ние знаеме дека пред една недела избравме 2 членови на овој Совет за радиодифузија и ако одиме по нивниот предлог кога ќе им истече мандатот, значи ќе имаме и двајца членови кои што и после три ипол, после близу 4 години нема да бидат разрешени. И затоа свесен сум за тоа дека можеме да воведеме пракса секоја нова Влада да врши измени во овој дел и да го менува Советот. Меѓутоа, сепак, не може да биде алиби, затоа што ние сега имаме менување на ингеренции на Советот и заради притисокот од меѓународната јавност сметам дека ова нема да се случува, иако на пример во Бугарија тоа веќе го имаме како пракса. Јас апелирам до предлагачот да си остане на овој став и сметам дека ова решение е добро, иако имаме огромни забелешки од Советот за радиодифузија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ѓорѓиев. Овој беше еден од подолгите говори, бидејќи носиме доста важен закон, се поминаа сите членови. Пратениците ако се согласуваат со одредени членови и забелешките да не ги повторуваат, туку да кажат само нешто што е ново, или поинаку за да можеме денеска да завршиме барем со овие два закони, со радиодифузија и со Извештајот на МРТВ кои што некако ми личат дека се блиску еден до друг.

Има збор господинот Јордан Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Почитуван претседател, почитуван министер, колеги пратеници, јас ќе се трудам да бидам во однос на забелешката на претседателот на Собранието да бидам конкретен и краток, со оглед на тоа ако се јавеше уште еден член од таа Комисија, најверојатно ќе зборувавме до 15,00 часот и другите немаше што да кажат.

Прво, накратко ќе го кажам моето мислење за законот, а потоа како известител од Комисијата за култура и конкретните забелешки по неколку члена. Како прво во однос на член 74, 121 и 119. Тешко се случува во нашата општествена реалност и во работата на Парламентот 100% да се сложиме по некој текст на закон. Меѓутоа, онака како што одеше јавната расправа, работата на новиот текст на законот за радиодифузна дејност за кое беше задолжен и Центарот за развој на медиумите конечно е завршена. 14 месеци во рамки на работната група на тој Центар кој ја предложи првичната верзија на законот, јавни дебати, коментари, се разменија мислења и ставови на заинтересираната јавност, интереси кои ние тука ги артикулираме што е постигнато високо ниво на потребна согласност што ретко се изразува кај други закони. Јас кај мене го имам работниот текст на Центарот за развој на медиумите, го имам и коментарот, расправата по новиот закон за радиодифузија и можам да изразам сопствено задоволство, а мислам дека го делам задоволството и на колегите пратеници кои ќе го подржат законот во оваа верзија во неговото прво читање, дека она што доаѓа од радиодифузниот еснаф во 90% е преточено во Предлог законот што го предлага Владата.

Мислам дека има едно високо ниво на консензус и особено за најзначајните решенија што ги носиме во законот за радиодифузна дејност и морам да кажам дека се работи за еден револуционерен закон во оваа сфера и од аспект на тоа што ние се прилагодуваме кон европското законодавство.

Сакам да кажам само 2-3 збора за тоа дека законот од 1997 година веќе е излитен и ја заврши својата функција, а негова основна функција беше да го среди хаосот во етерот кој настана со отворањето на мноштво ТВ и радио станици во Македонија, дури 160 што беше рекорд и сеуште е рекорд според бројот на населението во Европа. Денес тој закон звучи анахроно, затоа го носиме овој. Одтука основната цел на новиот закон е да биде усогласен со стандардите на европското законодавство во оваа свера и да овозможи развој на овој сектор и да создаде услови пред се за лојална конкуренција на пазарот, а сето тоа да биде потикнато од новите технологии и начини на пренос на програмите на радиодифузните организации.

Во оваа фаза на прво читање на законот може да истакнеме дека демократските принципи се содржани во верзијата на овој текст. Во овој дел особено треба да се истакне дефиницијата за радиодифузна дејност која се дефинира како емитување и пренос на радио и ТВ, програмски сервис и независно од техничките средства итн. Треба да се одбележи дека за прв пат од нашата пракса се воведува наспрам локално и државно емитување и регионално емитување на регионално ниво. Тука ние имаме една забелешка во однос на цензусот, опфатеноста на бројот на слушателите што значи на локално ниво и што значи на регионално ниво, а што значи на државно ниво. Локалното ниво се дефинира дека се покрива со население од 150 илјади жители, а регионалното емитување со 400 илјади жители. Мислам дека ова е парадокс во однос на разместеноста на населението во

Република Македонија со оглед на тоа дека во источна Македонија 400 илјади жители можеме да ги собереме во половина Македонија, така што регионалното емитување ќе биде нешто повеќе од регионално, ќе опфати половина територија на Република Македонија така што и тој кој што ќе го основа претпријатието нема да може да ја извршува функцијата. Овој апсурд под итно треба да се тргне од законот. Добро е што новиот закон го штити плурализмот и разновидноста на радиодифузните организации при што дозволува и сопственост на едно физичко лице, правно лице да може да има неколку радиодифузни организации . Не се согалсувам со колегата Драган, дека ако некој е пратеник па има роднина сооснովач е на радио и телевизија, дека тоа треба така да остане. Европските решенија се познати, тоа е неспоиво и така ние треба да го донесеме законот.

Еден од најважните елементи на радиодифузната дејност е улогата и поставеноста на јавниот радиодифузен сервис. Во новиот закон одредбите за јавниот радиодифузен севис се интегрален дел од законот. За разлика од досега каде ние имавме посебен закон за МРТВ, тоа е квалитетно ново, тоа е таа револуционерност која што сакам да ја кажам. Одредбите за МРТВ во новиот закон се револуционерни, повторно кажувам и треба да овозможат независност на овој сервис од политичката контрола, производство и емитување на програмите во согласност со функциите на јавниот сервис, рационалност, економичност и транспарентност во рамките во работењето на МРТВ. Ова се потврдува со член 21 каде Советот за радиодифузија е независно регулаторно тело со јавни овастувања. Истото стои и во член 26 уште поексплицитно каде се птврдува заложбата со еден збор вкупниот управувачки пакет на МРТВ се демократизира и се осамостојува од политичко влијание. Понудениот Предлог текст на законот член 179 кој беше исто така ставен под резерва во Комисијата за култура на некој начин е неприфатлив за вработените во јавната локална радиодифузија. Тука самам да ги истакнам забелешките кои доаѓаат од локалните радиодифузни претпријатија, забелешки кои дојдоа до моите колеги кои нема да се јават денеска заради тоа што ми ги пренесоа за да го скратиме просторот на дискусија. Такви забелешки доаѓаат од мојот град од Крива Паланка, од Виница, Берово, Делчево, Кратово, Свети Николе. Зошто доаѓаат? Затоа што според препораките на Европа основачи неможе да бидат општините овие локални радиодифузери едноставно ќе згаснат. Ќе погасиме една 55 годишна пракса во Република Македонија според цивилизациската обврска да го дефинираме сопствениот информативен простор. Не е срећно решение како што стои дека МРТВ ќе може, не вика: треба, туку ќе може да формира регионални дифузери, јавни радиодифузери. Знаејќи во каква ситуација се наоѓа МРТВ , ова ќе може и ќе остане најверојатно и наредната декада. Што предлагаат локалните радиодифузери. Предлагаат создавање на едно ново радиодифузно претпријатие во сверата на радиодифузијата со седиште во Велес и да припадне од радиодифузната такса 7,5%. За ова решение во овој момент незнам дали е изводливо, но ние мора да размислуваме за нешто друго. Мора да го заштитиме локалниот информативен простор кое е многу значајно во сите сегменти и на политичк информирање и на културата и на општествениот живот и на сето друго. Што значи, не смееме да се оглушуваме од проблемите на локалните радија.

И она што сакав да кажам конкретно од Комисијата за култура е забелешката во однос на членот 74. Што стои во членот 74? Радиодифузерите се должни дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик. Не. Со тоа не се исцрпува нешто друго, творештвото го нема никаде. А кај предлагачите од Центарот за медиуми е кажано подобро, тоа не сме го примениле во овој член стои дека радиодифузните организации се должни да емитуваат музика од домашни изведувачи. Што значи, македонското творештво и на етничките заедници никаде го нема во законот. Во расправата ни беше кажано од претставникот на Министерството за транспорт и врски дека тоа не било така во европското законодавство, јас не се согласувам. Секоја држава има цивилизациска обврска да го штити својот творечки простор. Ако не го штитиме нашето музичко творештво, со што ќе се штитиме, само со јазикот? Тука треба предлагачот да најде начин овој член да го прилагоди во однос на барањето што дојде од Комисијата за култура која е единствена, а мислам дека и македонските асоцијации во оваа свера се единствени дека тоа треба да биде запазено.Инаку се обезличуваме ако не биде така.

Од Комисијата беше дадена подршка на членот 121, бидејќи културниот идентитет е запазен во програмите на МРТВ.

И на крајот уште еден член, членот 117 заслужува посебно внимание од аспект на нашата собраниска обврска што произлегува од основачките права кон МРТВ која упорно во овие 3 години не си ја спроведуваме. Прво, го утнавме амандманот на Буџетот со што ќе создадевме поголеми шанси на МРТВ според нашиот заклучок да си ја прави трансформацијата онака како што треба да ја прави. Потоа ќе говорам за Извештајот за МРТВ. И сега да кажам дека овој закон нас како Собрание не нагрбува со убави обврски и треба да не нагрбува. Член 117, МРТВ на територија на Република Македонија емитува еден телевизиски програмски канал. МРТВ на територијата на Република Македонија емитува еден радио програмски сервис и тоа е добро, со закон тоа го преточивме. МРТ емитува посебни радио програми наменети за соседните земји, тоа е радио програми. МРТ емитува посебни радио

програми наменети за информирање на иселениците, емитува еден телевизиски програмски сервис сателитски. И шесто, МРТ може да обезбедува дополнителен програмски сервис наменет за Собранието. Токму за овој канал сакам да кажам, јас реков во една дискусија дека направивме собраниско сираче, навистина направивме. Овој канал нема стабилна програмска шема, ниту финансиска подлога за да може да работи. Стереотипни емисии колку сакате, критики од јавноста, споровозни емисии, да не кажам дека медиумското дизајнирање во овој канал едноставно е заборавено, а рековме дека ќе направиме високо експертски канал. Тоа треба да го направиме, треба да му формираме одбор на овој канал, да делегираме претставник од тука, меѓутоа и материјални средства. Инаку како што стои во ч!лен 117 обврските се овие. Трошоците за програмите што зборував 3,4,5 паѓаат на буџетот, а преносот од 5 и 6 што припаѓа и собранискиот канал му припаѓаат исто така на буџетот. Доста обврски прифаќаме, мислам дека имаме сила и доблест кога ќе го носиме буџетот некои работи да ги поправиме во однос на јавниот сервис за да навистина биде јавен сервис во интерес на сите граѓани.

**Љупчо Јорданоски:** Има збор господинот Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ цени дека има потреба од донесување на закон со кој конечно ќе се уреди и оваа област, бидејќи сме една од ретките земји кои ја немаат соодветно регулирано што резултира со еден своевиден хаос во радиодифузната свера. Ние како пратеничка група ќе го подржиме донесувањето на овој закон, но никако во ваква форма бидејќи цениме дека и покрај некои добри решенија законот изобулува со недостатоци и компромиси кои што веднаш по неговото донесување ќе доведат до ситуација истиот веднаш да претрпи мизмени и дополнувања. Затоа е подобро бидејќи го носиме во две фази, предлагачот да ги напушти овие стартни грешки кои што можат да генерираат понатамошни проблеми и да пристапи кон сериозно подобрување на текстот, земајќи ги во предвид препораките на Советот на Европа, забелешките на домашната стручна јавност и нормално забелешките на нас тука како пратеници. Јас имам конкретно неколку забелешки во неколку клучни делови од законот. Имено, сметам дека делот за избор на Советот за радиодифузија може да претрпи измено, односно мора да претрпи измени бидејќи од предлагачот нема некое посериозно образложение зошто на пример и по кои критериуми Здружението на новинарите може да биде предлагач на двајца членови во Советот за радиодифузија, а тоа неможе да биде Здружението на приватните емитери на радиодифузна програма кое исто така е еснафско здружение и кое има свој интерес и во одлуките на Советот за радиодифузија и кое што е поврзано со него, барем исто толку колку што во одредени ситуации може да го има и Здружението на новинарите во Република Македонија.

Исто така, според мене проблематично е што на Фондот за радиодифузија без да се понуди јасен концепт во однос на поделбата на рекламниот колач и радиодифузната такса.

Сметам дека како и повеќето, и како предлагачот дека на МРТВ треба во целост да и се оневозможи емитување на реклами на својата програма, но во исто време државата мора да изнајде јасен механизам кој што практично ќе обезбеди ефикасно и навремено прибирање на радиодифузниот надоместок. Тоа во сегашниот случај што сега го имаме, начинот на собирање итн., и концептот кој што е уреден за собирање очигледно не дава резултати и не функционира онака како што е замислено а и со законот не гледам дека тоа е ниту превизирано ниту дефинирано.

Исто така сметам дека е потребно со овој закон многу попрецизно да се дефинира националниот интерес на јавниот сервис кој би го субвенционирала државата. На програмите на МРТВ треба да се дефинира законски минималнот процент на емитувана програма, сопствена продукција на македонски јазик или на јазикот на заедниците, додека кај приватните дифузери сметам дека иако таквиот процент би се косел можеби со нашата определба за слободен проток на информации и со определбата на пазарна ориентирана економија без државен интерес за рецензионизам, сепак запазувањето на сопствената продукција на македонски јазик и на јазикот на заедниците во програмите и на приватните радиодифузери е битно не само за афирмација на идентитетот, културниот и секаков друг на македонскиот народ, на заедниците кои што живеат во Република Македонија, туку и од еден попрактичен аспект кој што го спомна и колегата Михајловски, а тоа е дека треба да се обезбеди на некој начин фаворизирање и заштита на домашната продукција која што сепак е една економска гранка во Република Македонија, иако навистина цело време зборуваме и се трудиме дека економијата е една од најслабите точки на оваа Влада во овие три години. И овој сегмент е исто така дел од таа економска свера и од таа стопанска свера која што е малку регулирана и трпи огромна нелојална конкуренција и мислам дека на овој начин и во овој закон би требало тоа да биде регулирано. Дали тоа ќе биде процентот 50 или 60%, за тоа можеме да дискутираме во понатамошниот тек на донесување на овој закон односно во фазата на еден вид јавна дискусија во меѓувреме додека дојдеме до втората фаза, меѓутоа, сигурно дека на овој начин мора да има регулација, иако можеби тоа би изгледало како некој вид на интервенционизам и би се косело со определбите на слободен проток на информации. Меѓутоа, сметам дека другата премисса која што

претходно ја кажав, заштитата на домашната продукција од двете причини не само како заштита на идентиетот, туку и како заштита на една индустрија која што можеби е во повој, можеби е мала, меѓутоа најмалку илјада луѓе тука остваруваат егзистенција и ја претставуваат Република Македонија, мислам дека треба да се обрне внимание.

Исто така, сметам дека непрецизно е регулирана второстепеноста во одлучувањето по одлуките на Совет за радиодифузија и мислам дека тука мора да се остави простор независното судство да решава во втор степен, а извршната влат во никој случај да не се инволвира во ниеден случај во одлуките кои што го засегаат овој сектор.

Други конкретни забелешки со кои што не мора да се сложите, ниту колегите ниту предлагачот, меѓутоа, е дека социјалните случаи би требало односно мора да се ослободуваат од плаќање на радиодифузна такса. За нив барем имаме квантифицирани, определени критериуми, кои се тие и тука ќе има многу помала можност за субјективизам во проценките.

Исто така, со оглед дека радиодифузната таксас предвидена во членот 149 и досега многу тешко се наплатуваше, се собира, можеби треба да се размисли нејзино намалување на тој процент од просечно исплатената плата, дури и да се надополнува од Буџетот. Пак можеби звучи како некој интервенционизам меѓутоа мора да имаме барем еден нвид преодни решенија, некои практични решенија кои што ќе овозможат функционирање и на МРТВ и на јавниот сервис отколку да носиме решенија кои што се за во иднина сигурно прифатливи, меѓутоа во моментот многу тешко функционираат. Наредната точка од дневниот ред што ја имаме денес кажува дека ова е токму така и дека МРТВ се соочува со тешки проблеми можеби најтешки од своето постоење.

Во членот 26, како што претходно спомнав, во делот каде се регулира начинот на избори и именување и предлагачите на членови на Совет за радиодифузија стои дека Комисијата за избори и именувања предлага тројца членови бидејќи сум и член на таа комисија, знам како тоа функционира, сметам дека и во Законот треба да стои определба која што и во експертизата на Советот на Европа е наведена, а тоа дека и опозицијата е предлагач на членови на советот подеднакво како и позицијата освен ако не држиме до тие експертизи, или ги употребуваме само во оние случаи кога ни одговара односно кога и одговара на власта. Значи, конкретно иако во Комисијата по дефиниција не значи дека нема да помине предлогот, досега тоа многу ретко се случувало и сметам дека во законот треба да стои таква одредба затоа што во експертизата на Советот на Европа и опозицијата е предлагач на членови на Советот подеднакво со позицијата.

На крајот нешто околу третманот на локалните радио станици или телевизиски станици онаму каде што ги има.

Во добар дел се согласувам со колегата Јордан Михајловски, за нивниот третман и сметам дека државата во овој случај треба да овозможи еден преоден период во кој што онаму каде што има потреба и каде што нема да се наруши принципот на еднакви можности ќе го субвенционира делувањето на јавните локални радиодифузни установи со цел граѓаните на одредено подрачје да не останат без информациите од локален карартер. Праксата покажува дека приватните локални радио станици, телевизиските можеби имаат, многу помалку имаат емисии од информативен карактер и покрај традицијата на постоење и инвестирање на приватните локалните радиодифузери. Во прилог мислам дека оди и фактот што тие се едни од ретките посебно радиодифузери кои што на локален план двaваат навистина важни, витални информации, кои што за населението во овој момент може да бидат централните вести на државната телевизија, така да сметам дека нивната екипираност и она што понатаму би значело неизвесност, не само како луѓе кои што се таму вработени, туку како искусни стручњаци кои долго време работеле во овој сектор и нивната екипираност и техничка и интелектуална спремност мислам дека не треба да биде оставена неискористена, затоа што вака како што е мислам дека не е доволно јасна. Односно јасна е, меѓутоа, без некое реално согледување за идната нивна судбина. Се предлага решение кое што практично ќе ги укине односно ќе престанат да постојат затоа што многу малку или воопшто ретко кои од нив може да се трансформира на таков начин како што е предвидено, па затоа мислам дека треба да се размисли во наредниот период да се овозможи во законот еден преоден период во кој што ќе се одземе, каде, во кои региони, во кои локални средини има потреба од делување на тие работодавачот радио станици. Нивната форма дали ќе биде токму така како што тие предлагаат со формирање на едно посебно претпријатие, мислам дека тука предлагачот односно Владата и институциите кои што се занимаваат со тоа и кои се во состав на владините служби треба да размислат за тоа и да понудат некое решение кое ќе биде соодветно и кое што ќе значи некои сигурно опстојување на локалните радио станици, а исто така нема да се коси со Европските трендови и Европските определби на овој закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Китановкси.

За реплика се јави госпоѓата Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Сакам да реплицирам во вашето излагање господине Китановски во делот што се однесува во делот на радиодифузијата, каде што предложивте асоцијацијата за електронски медиуми да има член во советот за радиодифузија. Советот за радиодифузија претставува регулаторно тело кое што треба да ги регулира независно освен политички, треба да биде независно економски, затоа што приватните

радиодифузери имаат интерес да не бидат контролирани ни во наводници. Во таа ваша логика би требало и јавниот сервис да има свои претставници и веднаш во ова тело ќе се јави конфликт на интереси, конфликт на јавните интереси, конфликт на приватниот интерес, на приватниот капитал така да сметам дека овој ваш став, за кои се јавив за реплика, да го преиспитате околу присуство во регулаторното тело на приватни радиодифузери, затоа што се коси со нивниот интерес за профит.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Повелете господине Китановски една минута контрареплика.

**Илија Китановски:** Благодрам.

Мислам дека присуство на еден претставник апсолутно нема ништо да промени нниту да значи, мислам еден претставник на Совет за радиодифузија, ниту ќе биде тоа доминантно, ниту ќе значи, меѓутоа од друга страна и овозможи да бидат застапени и нивните интереси. Не гледам што е тука лошо, иако можеби има некој вид на конфликт на интереси, меѓутоа се работи за предчувство. Практично само за присуство кое воопшто нема да значи решавачко влијание врз одлуките на Советот за радиодифузија а ќе се има еден линг помеѓу ова зружение и Совет за радиодифузија.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Господине потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Еве пред нас конечно се наоѓа Предлог за донесување на закон за радиодифузна дејност и покрај тоа што Владата го најави во октомври 2002 година и од тогаш нон стоп говоревме за овој закон за радиодифузија, говоревме дека со тие одредби ќе се решат многу проблеми и во однос на комуникациските врски и во однос на она што значи радиодифузија, решавање на меќусебните односи и релации помеѓу Јавниот дифузер, помеѓу приватните медиуми и се она што значи нешто во оваа област во Република Македонија. Но, еве поминаа повеќе од две ипол години, во меѓувреме беа предложени 3 закони на опозицијата кои што беа отфрлени и покрај тоа што за истите имаше јавна расправа, како што имаше за овој закон, така да и Владата доколку беше заинтересирана и се вклучеше директно во тие предлози на закони со свои амандмански интервенции и корекции можевме денеска да го имаме овој закон за радиодифузија, можеби и донесен не само во прва фаза, ззатоа што вака предложен јас не би се согласил со колегите од позицијата дека претставува 90% инкорпорираност од она што некој го кажал и што го предвидел во однос на она што требаше да биде реализирано. Слушајќи ги нивните забелешки мислам дека се суштински забелешки, дека се во делови кои што задираат во статутарноста на законот од каде што се донесени погрешни одлуки. Зошто го говорам сето ова?

Затоа што и покрај тоа што во своето експозе министерот кажа дека во изработката на законот освен што беа инволвирани и афирмирани странски експерти и претставници на државните органи беа инволвирани и претставници од цивилната свера од Република Македонија. Тука јас би се соглсил со него, но по расправата на Комисијата за транспорт и врски и после забелешките кои што ги добивме, кои што се многу поголеми во однос на она што значи, Закон за радиодифузија, мислам дека имаме многу пообемен материјал во однос на овие 182 члена, покажува концепциски несогласување со ова што е пред нас предложено како Закон за радиодифузија. Тие забелешки доаѓаат директно од дозволата од Совет за радиодифузија, од МРТВ, од локалните радиодифузери, од здружението на приватните емитувачи, од Македонското радио и што е уште полошо Пактот за стабилност каде што требаше да ги следиме сите напатствија кои што доаѓат од нив со тоа што и со овој закон за радиодифузија ќе се приближиме до она што значи Република Македонија да биде поблиску до Европската Унија. И тука апсолутно имаме заедничко мислење, но, во сите овие варијанти, во сите овие случувања и во овој предлог на закон јас и понатаму упорно ќе стојам на едно, она што е мое и моја заложба, секогаш дека и во сите видувања и предвидувања повторно македонскиот народ и Република Македонија треба да си ја најде својата специфичност, затоа што безличноста доведува до нешто друго, а посебно во овие медиуми и ова што сега во моментот во Република Македонија се емитува апсолутно одговара и на една политика од дамни времиња на нашите соседи кон Република Македонија и некои ситуации кои што се обидува со овој закон да ги регулираме, но мислам дека начинот на кој што моментално во Република Македонија јавноста да се информира, дали се тоа приватни медиуми, дали е јавниот дифузер мислам дека има премногу, да не кажам, нешто што значи контрола, или подобро би ја нарекол само контрола во однос на настани, случувања, известувања, како од политички настани така и од ситуации кои што се реалност во Република Македонија. Доколку и понатаму продолжиме на овој начин, мислам дека апсолутно и со законот нема да дојдеме во ситуација која што ќе биде добра, која што ќе овозможи емитување на програма, приближување до европските трендови со тоа што ќе го имаме она што го бара законот, независно известување. Зошто го говорам сето ова.

Совет за радиодифузија на овој начин како што е предвидено да биде формиран и уште поважно после него она што значи Комисија за жалби ккоја што треба ние тука да ја формираме, Собранието и собраниската комисија која што работи на именување на овие претставници мислам дека ќе дојдеме повторно до едно политичко решение

кое што за жал нема да задоволи одредени критериуми кои отсекогаш важеле во Европската Унија и понатаму важат. Значи, ќе имаме ситуација во која што апсолутно ќе треба да придонесеме судската власт да биде таа која што ќе ја дава последната и конечна одлука како независна власт кон она што значи извршната власт во Република Македонија. Тоа со овој закон не е направено и мислам дека тука ќе треба да се направи многу повеќе.

Во однос на она што е предуслов понатаму за развој на радиодифузниот сектор, како што кажа и господинот министер и тоа што го говоревме и од Пактот за стабилност следниот чекор е дегитализација, која претставува и обврска за Република Македонија и која што треба а се регулира и да се реализира некаде 2010 или 2012 година. Со овие проблеми што ние во моментот ги имаме, веќе 2005 на прагот 2006 година ова е прво читање на законот.

Се надевам дека многу побрзо ќе поминат овие други две фази. Но, ако се продолжи со истото темпо со кое што дојдовме до правата фаза, мислам дека ќе не најде и 2007 година за почеток на важење на законот. Тоа не го посакувам. Би требло многу побрзо.

Она што се забелешки од комисии, од стручни служби и на крајот на краиштата треба да се седне, да се најде некој компромис, кој што компромис понатаму ќе ја води целата работа, затоа што исклучивоста, по законот, каде што се дава повеќе или помалку право на одредени субјекти, може да доведе до конфликтни ситуации што нема да придонесат за развојот на комплетниот радиодифузен сервис.

Во однос на она што минситерот го спомна, за локалните радиодифузери,мислам дека тое е еден голем проблем, затоа што како што кажа Јордан Михајловски, радиостаници што работеле 50-60 години station наназад со ова треба да прекинат.

Регионалните центри, како што најавува Македонската телевизија, но тоа го најавува веќе 15 години, дека ќе почне да функционира и дека во склопот на сето ова ќе почне да работи и да функционира и Македонската телевизија и локалните сервисери, ќе се приклучат на овие регионални центри. Гледајки што и како се емитува моментално на Македонската телевизија, апсолутно не се согласувам со сето ова, дека ќе може да биде направено. Затоа што и самата Македонска телевизија има огромни финансиски пробелми. Она што во моментот е програмска политика на Македонската телевизија, она што гледачите можат да го видат, апсолутно не соодвествува со она што е потребата на граѓаните во Република Македонија.

И покрај тоа што е ова прва фаза, јас би преминал на изнесување забелешки. Би сакал моите забелешки да бидат поконкретни во однос на овие членови што се предложени од законот. Имам забелешки на 15-16 членови од овие 180 членови и покрај тоа што за многу од нив може повторно да се дискутира и да се бара подобро решение, затоа што, барем според она што јас можев да го прочитам, а го прочитав неколку пати, мислам дека некои работи остануваат недоискажани. Дека ќе претставуваат проблем во понатамошното уредување на овој закон.

Би почнал со мојата прва забелешка, забелешка на членот 5, каде што кажува дека одредбите на овој закон се применуваат на сите радиодифузери под јуриздикција на Република Македонија. Ова е во ред.

Но, во ставот 3, говорите - Под јуриздикција на Република Македонија се и радиодифузери кај кои, па во алинеја 1 велите - седиштето на радиодифузерот е во Република Македонија, а уредувачките одлуки за програмата се донесуваат во држава членка на Европската унија или во држава страна на Европската конвенција за прекугранична телевизија или во трета страна, но значителен дел од работната сила, ангажирана во спроведување на радиодифузната дејност е во Република Македонија.

И, алинеја 2, кажува дека - седиштето на радиодифузерот е во Република Македонија, а значителен дел од работната сила работи како во Република Македонија, така и во држава членка на Европската унија или во држава страна на Европската конвенција за прекугранична телевизија или во трета страна.

Е сега, јас ќе го прашам минситерот, дали може во моментов да одговори, или тоа ќе го оставиме за втората фаза, затоа што уредувачките одлуки за програма, каде што Република Македонија под јуриздикција на Република Македонија се сите овие радиодифузери, а уредувачката политика се носи во некоја од државите членки на Европската унија, во некоја членка што е наш сосед, таа уредувачка политика колку вие ќе имате можност да ја контролирате, затоа што во моментот, во Република Македонија, претпоставувам дека и после донесувањето на законот, дека тоа ќе продолжи, за моја жал и за жал на сите во Република Македонија, мислам дека во законот некаде да се стави да се спомне сите оние радиостаници, радиотелевизиски станици кои зрачат на територијата на Република Македонија, а за тоа немаат право, а веќе почнаа и локални радио станици од соседните земји да одземаат голем дел од фрекфенциите на Република Македонија. Значи во моментот повеќе се слушаат програми од соседна Република Грција, Албанија, Бугарија отколку овие програми што функционираат, за кои што вие ќе издавате дозволи во Република Македонија. Мислам дека тоа некаде треба да се санкционира. Јас , во овој закон тоа не го видов, за жал.

А, и со ова што законски вие давате некоја радио станица под јурисдикција на Република Македонија, уредувачките одлуки да се донесвуаат во држава членка, мислам дека со тоа ја губиме апсолутно независноста и вие како Влада и Советот за радиодифузија што треба да

определува дозволи и всушност да види и да биде одговорен за работењето на овие сервисери на кои се издаваат дозволи.

За мене, ова е недопустливо и мислам дека треба да се размисли добро, затоа што наша програма многу тешко, поминувајќи ја Грчката граница, ве уверувам дека на 15 километри, освен Македонското радио, ништо друго не можете да слушнете. А, влегувајки на територија на Република Македонија, како што кажа и господинот Тромбев, Неготино, Кавадарци, таму директно се слушаат програми од Солун и комплетно цела Република Грција. Мислам дека е тоа голем проблем.

Наредниот пат, при второто читање, апсолутно мораме да најдеме начин како тоа да го направиме.

Во вашето излагање говорите , а и во самиот закон, во членот 10, каде што се кажува дека образовни, културни и други установи и здруженија на граѓани и фондации можат да основаат непрофитна радиодифузна установа со цел да се задоволат потребите и интересите на целни групи во Републикава. Ако тука не дефинираме што значи ова, можат да ни се случат многу непријатни работи. Затоа што здружение на граѓани може секој да организира.

За она понатаму, што е забрана за емитување, мислам дека и вие можете да го имате тој проблем. Дали тоа ќе биде од полова, од политичка припадност, од не знам која припадност, секое здружение на граѓани, може, вие му давате право со закон да формира, да си направи уредувачка политика и тука, апсолутно после тоа не ќе може никој да ги контролира и тие ќе бидат сигурно, ова што понатаму го кажувате во ставот 2, на една фркефенција, тајм-шеринг, сето тоа ќе биде задоволено, но нема да биде задоволена основната ситуација, предвидувањата кој и како целни групи можат да ги основаат овие радио или телевизиски станици.

Следната забелешка е членот 26, каде што пред малку и колегата Китаноски и госпоѓата Лилјана Ивановска збореа кој и како се овластени предлагачи, значи МАНУ, Интеруниверзитетсклата конференција, мнозинското Здужение на новинарите и Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Сега се поставува еден проблем, затоа што во ситуацијава имаме 9 членови кои ќе го претставуваат овој Совет. Кажувате дека МАНУ дава по 1 член и тој член ќе биде избран во првиот избор само за 2 години, а МАНУ е институција која, за разлика од сите овие други, можеби опстојува најповеќе и ги има најтешките услови за некој да стане академик во однос на мнозинското Здружение на новинари што исто така треба да го утврдите, кое е тоа мнозинско Здружение на новинари. Затоа што денеска може да биде едно, утре да се преформира друго, така што нивните претставници, и тоа двајца по 2 години мислам дека апсолутно не е дефинирано. Мнозинско Здужение на новинари, многу релативна работа, за што некој ќе треба да докаже и потврди. Интеруниверзитеткста конференција, 3 свои претставници на 6 години и Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија 3 претставници со 4 години. Кажувате дека се избираат за мандат од 6 години и дека членовите на Советот за радиодифузија немаат право на повторен избор. Ова, до сега е прв закон каде што ова го прочитав. Претходно кажувате во кои услови не можат да бидат членови на Советот, ако имаат некои врски во однос на тоа што значи интерес, тогаш нема ни да бидат членови. Така што ограничувањето да имаат едно право на повторен избор, овие први членови кои ќе ги дефинираме, од МАНУ и од овие, ако остане вака како Здружение на новинари, имаат мандат само 2 години. Тука ќе заврши нивното. Оние кои ќе ги избере Собранието 4 години, другите ќе го поминат целиот мандат.

Понатаму, членот 32, став 2, алинеја 3, каде што се говори како членот на Советот за радиодифузија може да биде, да му престане мандатот. Тоа е алинеја 3, во која што се говори ако неоправдано отсуствува од три последователни седници на Советот за радиодифузија или од 5 седници во текот на 6 месеци. Ова, мислам дека до сега, со ниту еден акт на било кој совет, на било кое регулаторно тело, апсолутно не е вака регулирано. Затоа што 5 седници во текот на 6 месеци може и да не одржи Советот. Не мора да значи тоа. Овие три последователни седници може во рок од 6 или 9 месеци, зависи од работењето на Советот за радиодифузија. Според мене, тоа би требло да отпадне, оваа трета алинеја, затоа што не дефинира точно и прецизно што и како.

Во однос на финансиските средства, што ги обезбедува тој член 36, исто така се говори за нешто, како што е со Македонската телевизија, што предвидувавме дека ќе биде реално, средствата ќе бидат од радиофузна такса и од надоместокот од дозволи за вршење на радиодифузна дејност, што треба да бидат доволни да ги покријат трошоците на работење. Ако има вишок, тој се пренсува, а ако нема, недостатокот се покрива од државни фондови.

Пред некој ден имавем ребаланс на Буџетот, во кој што господинот министер не можеше да најде ни 500 илјади денари. Ако на овој начин се дефинираат работите, во првата година додека се извадат дозволите, тука имате еден став за кој што понатаму ќе говорам, доколку не постојат средства што ќе треба да ги добие Советот за радиодифузија од издавање на дозволи, од друга страна последниот месец, ќе го видиме Извештајот за Макеоднската радио телевизија дека наплатата е многу намалена во однос на она што било претходно, мислам дека ќе дојдеме во една тешка ситуација да не ќе може да се обезбедат финансиски средства за наредната

година или за години што доаѓаат, затоа што финансиите се можеби една од клучните работи што ќе треба да биде дефинирана во законот и да биде многу прецизна, да се знае што, како и колку. Затоа што вие предвидувате понатаму некои работи што до сега никој не ги предвидел, а мислам дека многу тешко ќе оди и понатаму, затоа што субјективноста е составен дел на сето ова.

Еве, веднаш членот 45, став 3 во кој што говорите - Пред донесувањето на одлуката за објавување конкурс, ова е објавување конкурс за стратегија на развој на радиодифузијата, ќе спроведе јавно истражување и анализа во поглед на програмските сервиси за што треба да се објави конкурсот од аспект на потребите на публиката и може да изврши консултации со заинтересирани страни. Ова е едно толку широко кажување и ситуација што во законот апсолутно не треба да постои, затоа што може да не однесе во сосема погрешни насоки. Советот за радиодифузија во моментот издаде уште 3 дозволи за емитување на комплетната територија на Република Македонија, од кои едната сеуште нема почнато да зрачи. Ако тие испитуваат колку и што е и на овој мал простор, донесувањето на 5, на 6, на 7 вакви телевизиски станици кои би зрачеле на територијата на цела Република Македонија, понатаму ќе донесе уште поголеми пробелми.

А за јавното истражување, во денешни услови многу често гледаме што и како се случува во Република Македонија,какви се тие анкети, кој како ги нарачува и после што излегува во реалноста. Анкети во кои што се промашува со 80-90%, мислам дека тие како агенции или како јавни установи или како телевизии или дневни весници апсолутно не треба да постојат после тоа. Ако има некој морал и чест, тоа е она што го говоревме за реалноста во искажувањето на ставовите на политичките партии во однос на живеењето во Република Македонија.

Членот 49, каде што кажуваме дека кандидатите на конкурсот треба да пополнат посебен образец што го пропишува Советот за радиодифузија, во оваа ситуација, кога формираме едношалтерски системи, кога бараме ситуација што побрзо да се формираат сите овие ситуации и да конкурираат, податоците што вие ги барате на овој начин, а ги има повеќе од 10-11, за што човек ако почне да ги бара сигурно дека нема ни да стигне да ги собере овие податоци пред да побара и да се пријави да го пополни овој образец, мислам дека тука, Советот за радиодифузија може да функционира со било кои претставници од Владата дека ова може да се собере на овој едношалтерски систем, мислам дека тој е за ова предвиден. Податоци, доказ за исполнување на услови утврдени со закон, во поглед на вршење на дејнсот, односно дека не постојат пречки за вршење на дејноста. Прецизен деловен план, програмски проект, технички проект. Ајде, ова и да го прифатиме. Документи што го гарантираат финансирањето на деловен план,односно на дејноста, документ од надлежни институции за платени даноци, за бонитетот, податоци за сопственост на удели и во други радиодифузери. Сето ова во Министерството за економија и Советот за радиодифузија може и мора да го има. Овие 12 барања човек не може да ги собере, гледајќи како функционираат шалтерите. Мислам дека еден месец ќе биде малку време за да може да ги заврши сите работи, а од друга страна кажуваме дека правиме едношалтерски систем и ја олеснуваме работата за формирање и функционирање и на овие радиостаници, во однос на она што понатаму ги очекува тие кои ќе ги добијат дозволите.

Членот 60, став 7 - Годишниот надоместок за дозволата се плаќа за една година однапред,почнувајќи од денот на доделувањето на дозволата за вршење на радиодифузна дејнсот. Сега, во тоаа година вие имате можност таа дозвола да биде одземена поради неработење, неправилно работење или не знам што. Постои можност 6 месеци човекот и да не почне со работа. Овој годишен надоемсток за дозвола, една година однапред, апсолутно, барем за мене е неприфатлив, затоа што начинот на кој што се бара и начинот на кој што после ќе треба да функционира, многу тешко ќе ја определи вината, дали субјективна или објективна, дали е вина на Советот за радиодифузија, дали добил на време фрекфенција или не знам што да може да работи, па ова ќе донесе ситуација каде што многу од овие ситуации ќе треба да се решат на суд. Какао што се решавале и до сега, за жал со многу изгубено време и многу потрошени пари.

Членот 67, за што говорев и во воведниот дел е токму тој член каде што против одлуките на Советот за радиодифузија жалбата е поднесена до Комисијата за решавање на жалби од областа на радиодифузијата. Комисијата ја избираат на предлог на Комисијата за прашања на избори и именвуања, ги именува и разрешува Собраниеот на Република Македонија. Повторно имаме едно политичко решение,каде што апсолутно, одлуките на Советот за радиодифузија, оваа Комисија многу тешко ќе може да ги разреши и тука мора да имаме жалба до суд кој ќе биде меродавен и ќе одлучува. Се надевам, со промените во судството, брзината на одлучувањето, сигурно ќе биде многу поголемо.

Членот 69 и членот 70, во кои што се говори за програми насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија или кон поттикнување или повикување на воена агресија или на разгорување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост.

По повод дискусијата за Македонската телевизија јас кажав, во моментот втората програма на Македонската телевизија оди на албански јазик или на јазиците на народностите во Република Македонија. Што и како некој говори мислам дека може да разбере само оној кој го знае јазикот. Бидејќи овде нема никаков превод на македонски јазик, а многу од тие емисии се доста интересни,

за да може да ги слушне и македонскиот гледач и слушател, но тоа не е возможно. Имаме ситуација што ние ја дефинираме во Македонската телевизија, но нивните да кажам оправдувања или она што не можат да го напрват е токму поради финансиски средства, да направат дуален систем за да може да оди со превод за да можат и гледачите на македонски јазик да го следат тоа. Мора да се најде начин ова да се регулира во законот, затоа што на овој начин немаме превод на она што значи емитување и реемитување на програми преку кабелски телевизии, каде што гледаме превод на хрватски јазик, српски јазик, бугарски јазик - има се само македонскиот јазик апсолутно го нема. Ние тоа го толерираме и се направи еден голем проблем со хрватската програма, Втората програма на Хрватската радио телевизија, тоа стана национален проблем и тука сите кажавме дека тоа е влијанието, тоа треба да се укине, се укина и се случи се друго, а во моментот се емитуваат не знам колку такви програми кои директно и во овие ситуации сега, политички случувања во Македонија, имаат свои коментари, свои насочувања и укажувања за одредени работи кои се случуваат во Република Македонија, што значи директно влијаат на македонската јавност и на она што се случува во Република Македонија и тоа треба да биде исклучено, дефинитивно.

Во членот 70 се вели дека "Програмите на радиодифузерите не смее да содржат порнографија, прекумерно насилство или други програми кои можат сериозно да ги загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите". Јас ќе ве прашам што се случува со на кога во ударните термини во 17,00, 18,00, 19,00, 20,00 или 21,00 часот на сите вести на Македонската телевизија и на сите останати пренесувачи се прикажува насилство, а мислам дека оние слики во хорор филомивите ги нема, кои одат директно на програма и еднаш треба да се застане и да се каже ова може или не смее да се емитува. Ако бараме заштита од такво прикажување во филмови, емитувањето на вакви вести едноставно ги згрозува граѓаните и доаѓаме во ситуација сето друго што на некој начин е ненормално да стане нормално. Денес ако нема бомба во Ирак и ако не видиме расфлени трупови по цел терен, како да не сме виделе ништо и ќе бидеме задоволни ако другиот ден не се случи нешто. Ако тоа важи, треба да важи директно за тие програми кои се емитуваат токму во ударните термини.

Понатаму,ше зборувам за членот 73.За тоа говореа и моите колеги и јас би се задржал само малку на тој член, каде што се вели дека европските аудиовизуелни дела треба да бидат емитувани најмалку 51%, а во членот 74 се вели дека радиодифузерите се должни да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик. Тоа е еден проблем и до сега Македонската телевизија велеше дека тоа не го прави затоа што ги нема финансиските средства, затоа не може да ги направи тие емисии, за да може да функционира сето тоа, но верувајте ми, ако сакаме нешто понатаму да функционира во ова држава, тогаш Буџетот на Република Македонија и она што значи ветување, потоа Собранието како создавач на Македонската телевизија треба да ги исполнува оние обврски кои ги превзема на себе. Ако тоа не го правиме, тогаш јавниот радиодифузен сервис ја губи својата улога. Кажав, ако тој се однесува исто како приватните телевизии со некои шпански и боливиски серии, тогаш се е во ред и нема што да се лутиме, освен вестите, другото нека остане така како што е, а новата програма која сигурно македонскиот гледач ја бара, сега за сега во најавите многу тешко ќе се направи.

Во однос на членот 78 дефинитивно треба да решиме што и како понатаму со спортските емисии и спортот. Тука е кажано кои се настаните што треба да бидат пренесувани, јас мислам дека тоа што во моментот Македонската телевизија е ограничена на еден канал на кој што може сето тоа да го прави, а Третиот експериментален канал апсолутно не е решен, мислам дека имаме проблем кој дефинитивно не оддалечува од она што значи изборна шема на Македонската телевизија и претставува и за Македонската телевизија голем проблем.

Членот 82 (ова што пред малку го говорев) ставот 2 вели" "Доколку прогрмските сервиси што се реемитуваат преку јавните комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, освен ТВ шопингот и рекламите". Ова многу тешко може да се направи, мислам дека кабелските телевизии барем во првите моменти додека не профункционира она вистинското, ќе треба да престанат со работа, затоа што тешко ќе можат да ги задоволат овие услови што се бараат со закон.

Во однос на членот 117 веќе влегуваме во она што значи делот од Македонската радио телевизија, каде што се кажува како што претходно говорев дека имаме еден канал на македонски јазик, а колку е тој на македонски јазик може да кажат граѓаните, но во секој случај тој е тој. Вториот канал апсолутно македонскиот јазик го нема, а третиот канал - ние со закон донесовме одлука дека треба да биде дополнителен програмски сервис наменет за емитување на активностите поврзани со работата на Собранието на Република Македонија, по претходно склучен меѓусебен договор. Дали ние не го склучивме договорот? Очигледно не го склучивме. Тој канал, она што го кажавме како забелешки, во моментот е без своја концепција и програма, недефиниран и повеќе е нешто што можеби ќе биде добро после некоја година, но во моментот апсолутно не функционира. Тука се јавува голем проблем и мора да се направи да профункционира, а како ќе профункционира доколку не се вклучи Македонската телевизија директно со

Собранието на Република Македонија. Можеби овие спортски програми треба да бидат составен дел на овој канал, кога не се емитува програма од Собранието и кога Собранието нема да работи, односно во сабота и недела постои можност некој да откупи програма или пак најважните настани во спортот да биде најавувано дека ќе бидат на овој експериментален канал, затоа што се случуваше поради немање на термини на Првиот канал да се префрлуваат на Третиот канал, луѓето да не бидат информирани, затоа што и вие не знаете каде ќе одат и тука настануваа големи проблеми.

Во ставот 3 се вели: "Македонската телевизија емитува посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазик". Ако тоа е обврска за Македонската радио телевизија, мислам ека ова е надвор од она што значи нивен програмски дел, каде што на Македонската телевизија во моментот се говори на седум јазици, што го нема на ниедна друга телевизија во Европа. Мислам дека за ова треба да се издвојат средства од Буџетот на Република Македонија и освен ако не е напишано само декларативно и формално, мислам дека ова е многу важен дел за кој треба да се направи програмска шема што ќе функционира како што треба. Во моментот таква работа многу тешко ќе оди. Значи тоа е тоа што ќе мораме да го бараме.

Членот 124 повторно е посветен на Македонската телевизија, каде во ставот 2 се вели: "Македонската телевизија е должна на секој телевизиски програмски сервис во периодот од 18,00 до 22,00 часот да обезбеди најмалку 40% програма изворно создадена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници". Дали ова кажува дека од 18,00 до 22,00 часот, освен вестите кои добија должина од 50-60 минути, ќе треба да се обезбедат и други такви топ шоу емисии кои се најефтини, а колку го задржуваат вниманието гледаме и самите, затоа што во меѓувреме нема ниту една серија која граѓаните можат да ја видат. Притоа мислам на нова серија, освен оние стари серии кои се емитуваат и кои се произведени пред 20, 30 години. Тоа е повторно во делот за Македонска телевизија, за која ќе проговориме кога ќе дојде извештајот за нејзината работа.

И јас би се согласил со колегите што претходно говореа и не би говорел многу дека регистерот на обврзниците за плаќање на радиодифузна такса треба да го води Советот за радиодифузија, со што апсолутно не се согласувам.Тоа не може да го прави. Од друга страна, членот 150, кој е вклучен за финансирањето на ЕСМ, вака како што е напишан во оваа втора фаза, во ставот 2 стои: "Наплатата на радиодифузната такса ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија". Во сите ситуации, токму ова трговско друштво за дистрибуција на електрична енергија е предвидено изгледа прво да се приватизира, така што сега не знам дали ова претставува обврска, доколку го донесеме, за тој што ќе го купи ЕСМ. Мислам дека тука ќе бидеме малку во подредена улога, затоа што секој планира да добие профит, а не да има проблеми и да ја собира таксата која треба да биде за еден јавен радиодифузен сервис, кој ќе служи на Владата и граѓаните на Република Македонија. Луѓето кои ќе го купат ЕСМ сакаат да направат профит и тука приказнат завршува. Дали ќе ги принудиме тоа да го направат или не, мислам дека тоа зависи од тоа колку и како ќе им се понуди на тие господа за собирањето и колку средства ќе можат да добијат од сето тоа. Значи ова се моите забелешки во однос на некои од членовите на законот. Мислам дека при второто читање или во втората фаза добар дел од забелешките на колегите и стручните служби на Република Македонија ќе бидат прифатени и и дека ќе можеме да прочитаме еден нов текст кој што ќе нуди добри позитивни решенија кои ќе можат да бидат придонес за решавање на радиодифузниот сектор во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Дали меѓу пратениците кои се пријавија за збор за време на дискусијата на пратеникот Мавроски има некој пријавен за реплика?

Нема.

Тогаш има пратеникот Ивановска Лилјана.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе.

Пратеничката Лилјана Ивановска, затоа што во европската пракса и функциите имаат женски род.

**Слободан Најдовски:** За мене пред се сте пратеник, така пишува во Деловникот и во Уставот.

**Лилјана Ивановска:** Така пишува, меѓутоа праксата се гради и се надоградува..

**Слободан Најдовски:** Кога ќе влеземе во Европската унија, тогаш.

**Лилјана Ивановска:** Близу сме до Европската унија, меѓутоа, можеме и понапред да одиме.

Благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници и пратенички,

Овој закон навистина, како што кажа претседателот на почетокот на седницата, претставува многу важен закон и затоа го предизвикува вниманието на пратениците. Основи за донесување на законот секако се уставните начела и меѓународните конвенции и договори, особено правото за слободно изразување и информирање кое е дефинирано во Конвенцијата за човекови права.

Најнапред ќе кажам неоправдано долго се чекаше на овој закон, особено што овој закон претставува прва фаза од законот. Имено, не постои идеален закон, како што и овој закон не може да биде идеален, затоа што има голем број на субјекти учесници во дефинирањето на

радиодифузнат дејност и голем број на интереси кои тешко можат да се усогласат, така што праксата може да го потврди добриот закон или да го редефинира. Ова сакам особено да го потенцирам затоа што предлагачот се повикува на Европската директива за телевизија без граници, каде што Европската комисија најавува креирање на нова Директива телевизија за граници. Значи самата Европска комисија врши ревизија на своите директиви и тоа секако мотивирано пред се од проблемите во пракса или нерешени решенија во одредени директиви или законски решенија. Затоа, амбицијата на Министерството да донесе идеален закон го одолговлекуваше овој закон и неоправдано долго чекавме на овој закон, затоа што особено претставува еден од условите за нашиот статус земја кандидат.

Овде во овој контекст сакам да ги кажам критериумите од Копенхаген за нашето членство во Европската унија а тоа е критериумот: стабилност на институциите кои гарантираат демократија, владеење на правото, човековите права и заштита на малцинствата. Ова особено важи за јавниот радиодифузен сервис и за Советот за радиодифузија како силни институции во државата, едните како јавен сервис, другите како регулаторно тело кое треба да ја регулира оваа област, треба да бидат стабилни и силни институции од сите аспекти, организациони и финансиски.

Во уводниот дел на излагањето скам да ја спомнам и поврзаноста на овој закон со други закони, особено со Законот за електронски комуникации кој го донесовме во јануари о.г., каде што се регулираат кабелските оператори. Овде сакам да кажам дека кабелските оператори сеуште го прекршуваат правово за емитување на своја програма или пак телешоп канали кои во овој закон се строго забранети и сметам дека регулирањето на кабелските оператори, исклучиво регулирани во делот на пренос на каналите, треба да остане чиста ситуација, за да нема нарушување на авторските права, особено на скапи продукции од другите канали.

Исто така, поврзаноста, во тој контекст се спомнува Законот за авторски права и заштитата на авторските права и во телевизиските канали особено гледаме ниско продукциски жанрови кои се доста ефтини и незаштита на странските скапи продукции, за кои имавме неколку случаи на реакции до Советот за радиодифузија.

Законот за пристап на информации, ја чекаме втората фаза од Министерството за правда, исто така е тесно поврзан со законот за радиодифузија и во овој контекст сакам да кажам за Глава 13, каде се спомнува пристапот до информациите, сметам дека оваа Глава 13, во консултација со Министерството за правда, не треба да стои, затоа што ја чекаме втората фаза на законот за слободен пристап до информации, каде што детално е информиран пристапот на информациите до граѓаните, пред се, меѓутоа и секако до медиумите.

Овде во овој контекст на поврзаноста со другите закони, сакам да истакнам дека во Република Македонија неколку пати се разговараше на трибини и на Комисијата за законот за медиуми. Таков закон постои во Република Хрватска и во сите дискусии до сега се водеше дискусија за зависноста на јавниот радиодифузен сервис, за Советот за радиодифузија и во коментарите на Европската комисија, пред се, во политичката зависност. Меѓутоа, во овој контекст сакам да ја спомнам се поизразената економска зависност од центрите на моќ на медиумите. Законот за медиуми, не само електронските туку и пишаните медиуми, треба да регулира и да оневозможи силно економско влијание и зависност на одредени медиуми од одредени центри на економска моќ, пред се. Ќе ве потсетам, една таква ситуација имаше особено во нашите електронски медиуми при активностите на пратеничката група на ЛДП околу амандманите за цената во фиксната телефонија за Македонски телекомуникации, каде што после таа наша активност воопшто немаше простор во медиумите. Јас разбирам колкав рекламен простор има во тие медиуми, меѓутоа, немам разбирање кога една таква активност воопшто медиумски не беше покриена. Меѓутоа, тоа не е тема на денешната расправа, иако сакав да ја истакнам таа економска зависност на медиумите, која во иднина треба да се реши, особено имајќи предвид дека Република Хрватска таа зависност на медиумите во законот за медиуми ја ограничи на максимална зависност од еден сопственик на некој медиум со 30% максимална зависност или конзорциум или поединечна зависност. На тој начин сметам дека таа зависност ќе се намали.

Радиодифузијата претставува скап бизнис и затоа колку почисти правила на игра ќе имаме во овој закон, толку ќе има побрз развој на медиумите. Во овој контекст сакам да го истакнам значењето на донесување на национална стратегија за развој на медиумите, особено на поттикнувањето на независната продукција, што е посебно важно за таа независност на медиумите, имајќи го предвид основното човеково право за правото на вистина и правото на знаење.

Да се вратам на законот, на решенијата на законот и најнапред ќе кажам што треба да реши овој закон. Ќе направам неколку промени кои што овој закон треба да ги донесе или да ги дефинира, а тоа е регулаторното тело, кое што е силна институција и кое што треба во делот на контролирање и озвучување, кое што треба да се изгради, тука ја кажав својата забелешка. Таа забелешка беше во врска со тоа дека треба да биде ослободен од економски интереси, особено оние што се занимаваат со оваа дејност, која што е високопрофитна дејност, доколку сериозно се занимава некој со неа.

Второ прашање кое што треба да реши, тоа е правниот статус и задачите на јавниот сервис. За јавниот сервис посебно ќе се осврнам во моето излагање, што е исклучително важно прашање,

особено во обезбедување на финансиска стабилност на јавниот сервис во Република Македонија. Во минатото имавме случаи кога дури одредени политички субјекти на локално ниво повикуваа за неплаќање на радиодифузната такса. Во моето излагање кога ги носивме измените и дополнувањата на радиодифузната такса уште еднаш ќе го повторам мојот став дека радиодифузната такса има карактер на јавна давачка, со сите можни ослободувања кои што ги имаше наброено во постојниот закон за радиодифузија во делот на пренос на сигнал и во делот на социјални случаи кои што треба да бидат ослободени. Меѓутоа, тие се строго дефинирани и во Министерството за труд и социјална политика.

Треба да се реши можност за постоење на трет непрофитен сектор во радиодифузијата, што е позитивен аспект на задоволување на посебните потреби на одделни сегменти од јавноста.

Да се обезбеди повисок квалитет на програмата. За тоа доста зборуваше господинот Спиро Мавровски, особено задоволувањето на интересите на гледачите како корисници, а посебно овде ќе потенцирам заштитата на малолетниците од штетните влијанија на содржините. Во минатото во Република Македонија имавме емитување на секакви програмски содржини, особено на играните филмови кои содржат висок степен на насилство и порнографија. Да се создаде поповолно опкружување за развој на капиталот на радиодифузијата. Овде посебно сакам да потенцирам дека треба во стратегијата посебно да се потенцира развојот на приватните медиуми во делот на мотивирање, во делот на таа стратегија треба да ги дефинираат сите мерки за развој на медиумите. Секако, овој закон , неколку колеги дискутираа за статусот на локалните радиодифузни друштва. Долго време локалните радиодифузни друштва имаа статус скво или нерешен статус што е најлошата ситуација за било кој субјект или учесник во било која проблематика во државата. Локалните радиодифузни друштва, имајќи предвид од почнатата децентрализација на моќта во државата во сите сфери, сметам иако се работи за средства и сите локални радиодифузни друштва не можат да ги задоволат критериумите, меѓутоа, сметам дека треба да се вложи исклучителен напор заради долгиот стату скво на локалните радиодифузни друштва, да се реши статусот на еден комплексен системски начин. Така што, регионални не само дописници, туку продукциони центри кои што ќе емитуваат програма и на локално и на државно ниво. Затоа што, емитувањето само на државно ниво нема да ја постигне целта, бидејќи тие досега ,пред се, емитуваа програма на локално ниво и некои центри имаат и дописен статус до МРТВ. Затоа, сметам еден комбиниран модел на одржливост на локалните радиодифузни средства кои што би емитувале програма и на локално и на регионално ниво мислам дека пред се ќе ги задоволи јавниот интерес на граѓаните на локално ниво, особено неможноста локалната самоуправа сметам дека во моментов не може да го реши тоа праќање. Меѓутоа, во системот на МРТВ се обезбедени средства и комбиниран модел може ова прашање да се реши.

Сега ќе се осврнам поединечно на важните прашања кои што во овој дел треба да се решат. Јавниот радиодифузен сервис за мене е најзначајното прашање кое што треба да се реши во законот за радиодифузија. Во сите извештаи досега кои што ги гледавме за МРТВ и следниот кој што ќе го гледаме, основните прашања се финансирањето на МРТВ, кое што пак предизвикува проблеми во функционирањето на МРТВ. Во овој мандат на Собранието ретко се слушаше политичката зависност на МРТВ и сметам дека тоа е еден голем успех, но состојбите се далеку од тоа да бидеме задоволни така како што треба да функционира. Ниската наплата на радиодифузната такса, јас на Комисијата посебно истакнав дека неоправдано е подвојувањето на радиодифузната такса од сметката за електрична енергија. Затоа што и тоа претставува јавна давачка и сметам дека овде постои одговорност на одредени луѓе кои што дозволиле одвојување од радиодифузната такса и го довеле финансирањето на МРТВ во таква состојба, додека ослободувањата на одредени региони, за што дискутиравме на Комисијата за транспорт и врски, требаше да биде решена и не е решена во некои сектори. Меѓутоа, тоа е незначителен дел во приходот на радиодифузната такса во делот на приходите и ниската наплата доведе  до таква состојба во јавниот радиодифузен сервис. Во контекст на тоа како јавниот радиодифузен сервис треба да функционира во Република Македонија, дозволете да потсетам на Резолуцијата на Министерската конференција во Прага во 1994 година која што зборува за иднината на радиодифузниот сервис во Европа. Ќе прочитам дел од таа резолуција, кои се барањата што треба да ги исполни јавниот радиодифузен сервис. Особено, имајќи го предвид јавниот интерес на граѓаните на Република Македонија. Ќе набројам неколку од нив. Радиодифузниот сервис во принцип треба да ги исполнува следните функции.

Да бидат преку своите програми референтна точка за сите членови на јавноста, како и фактор на социјална кохезија и интеграција на сите поединци.

Групи и заедници, тие особено треба да одбиваат каква било културна, полова, религиозна или расна дискриминација , како и било каква форма на социјална сегрегација.

Да претставуваат форум за јавна дебата во која ќе се изрази што е можно поширок спектар на гледишта и мислења. Ова посебно сакам да го потенцирам, затоа што во сите електронски медиуми многу малку се застапени јавните дебати каде што можеме да слушнеме една критичка мисла по било која проблематика.

Да емитуваат непристрасни дејствија , информации и коментари. Да емитуваат плуралистички, иновативни и разновидни програми што задоволуваат високи етички стандарди за квалитет, а не да го жртвуваат стремежот кон квалитет на сметка на пазарното работење.

Да ја планираат и да ја составуваат програмата со цел да го задоволат интересот на широката публика, а истовремено да водат грижа и за потребите на малите групи. Тоа е исто така важно во креирањето на мултикултурното општество и секако сите групи во општеството да го најдат своето место во јавниот сервис.

Да ги рефлектираат различните филозовски идеи и религиозни убедувања во општеството со цел зацврстување заедничкото разбирање и толеранција и подобрување на односите во заедницата во мултиетничките и мултикултурните општества.

Активно да придонесуваат преку нивните програми кон поголемо вреднување и популаризирање на разновидноста на националното и европското културно наследство.

Да обезбедат програмите што ги нудат да содржат значаен дел во оригинална продукција, особено играни филмови, драми и други креативни дела, како и да ја имаат предвид потребата од вклучување на независни продуценти и од соработката со кинематографскиот сектор. За ова претходно зборував за проблемите во реалноста во Република Македонија.

Да им го прошируваат изборот на слушателите и гледачите, нудејќи програми што комерцијалните дифузери обично не ги обезбедуваат.

Извинете што го задржав долго вашето време, меѓутоа сметам дека оваа резолуција која е исклучително важна во делот на дефинирањето на јавниот сервис.

Јавниот радиодифузен сервис во законското решение сметам дека треба сериозно да се испита одлуката за бројот на програмските сервиси. За тоа зборуваше колегата Спиро Мавровски и делумно господинот Илија Китаноски, затоа што е доведено во прашање остварувањето на програмските функции на јавниот сервис на македонски јазик. Искуството покажа дека емитувањето на програмата на МТВ на два канали, еден на македонски, еден на јазиците на етничките заедници, МТВ не може во целост да ги оствари функциите на јавниот сервис. Иако, во многу земји има по два канали или по еден канал јавниот сервис, меѓутоа Република Македонија имајќи ја мултиетничката, мултикултурната средина треба да изнајде решение за овие канали, имајќи го предвид претходно реченото, особено загрозеноста во одредени термини емитувањето на македонскиот јазик.

Овде сакам да искажам едно мое јавно размислување околу статусот на МРТВ. Како што знаете Законот за јавни установу е веќе во сила кој што решава многу прашања и овде гласно размислувам дека можеби посоодветно би било МРТВ да се организира како јавна радиодифузна установа, бидејќи со новиот Закон за установите кој е веќе во сила , со него се уредува начинот на организирање и работење на правните субјекти од областа на општествените дејности. Одредбите од овој Закон се применуваат само кога оделни прашања не се уредени со посебен закон. Така што, не би биле обврзувачки за јавниот сервис, доколку клучните прашања на неговото функционирање се дефинираат со Законот за радиодифузна дејност. Сметам дека ова би било од голема помош во функционирањето, особено на некои прашања кои што не можат дда се решат. Иако, досега постоеше посебен Закон за МРТВ, сега законодавецот МРТВ ја решава во Законот за радиодифузија, што е подобро решение и важно е да функционира јавниот сервис на претходно искажаните нормативи.

Исто така, сакам да искажам за јавниот сервис дека треба да се вградат одредби со кои се дефинираат основните организациони целини на МРТВ, радиото и телевизијата. Имајќи предвид дека се две одделни медиуми со свои специфики, сметам дека понатаму треба да постојат како посебни целини. Ова е исто така искажано во мислењето на МРТВ доставено до членовите на Комисијата за транспорт и врски. Сметам дека нема да има пречки во организирањето на јавниот радиодифузен сервис.

Локалните јавни радиодифузни претпријатија, за нив претходно го искажав мојот став. Сметам дека треба да се изнајде решение, особено со ова прашање треба да се занимава Владата во делот на обезбедување на средства, во делот на решавање на проблемите. Меѓутоа не се согласувам со мислењето на Здружението на јавните локални радиодифузни претпријатија кои предлагаат ново формирање на јавно претпријатие. Тоа е мој личен став, затоа што сметам дека тоа е скапо решение. Можеби пофункционално во некои други времиња, но формирање на ново претпријатие, со нови тела сметам дека премногу ќе го оптовари радиодифузната такса и трошоците околу тоа.

Јавниот оператор за пренос на радио и ТВ сигнали. Овде треба јасно да се дефинираат програмите на јавниот сервис кои што се пренесуваат на средствата за радио и ТВ мрежа. Сметам дека овој трет канал треба јасно да се дефинира во делот на програмските содржини.

Финансирањето, тоа е едно од прашањата кое што е клучно прашање околу обезбедување на стабилен јавен сервис. Овде има решенија и во светот каде исклучиво од буџетот или со радиодифузна такса, постојат и такви, и такви решенија. Моментално предлагачот предлага радиодифузна такса која што ќе ја наплаќа како досега ЕСМ и доколку ЕСМ се приватизира, се наметнаа колегите како ќе се наплаќа радиодифузната такса и претставува

облигационен однос помеѓу субјекти кои што би требало да вршат наплата.

Моето мислење околу регистерот не е толку односно не знам зошто толку прашина се крена околу еден регистер на претплатите, затоа што тоа претставува само една дата на податоци која што некој треба да ја води и за тоа да обезбеди одреден надоместок. Мислам дека мнозинскиот корисник на радиодифузната такса, тоа е МРТВ треба да го води тој регистер или ако поинаку се договори Владата со Советот за радиодифузија и за тоа да добива од сите корисници на радиодифузната такса надоместок за водење на тој регистер. МРТВ од сите учесници треба кои се корисници на радиодифузната такса, треба да добива соодветен надоместок за таа услуга која што не е толку страшно сериозна.

Советот за радиодифузија и неговата независност и вистинската улога на Советот за радиодифузија. Ова регулаторно тело е посебно важно во остварувањето на улогата на контролата на сите учесници тука и приватните електронски медиуми, дифузери и јавниот сервис, особено основната улога на програмската содржина и издавањето на дозволи за радиодифузери. Исклучително важна улога во целата област е тоа.

На Комисијата за транспорт и врски доста се зборуваше околу континуитетот и продолжувањето на постоењето на Советот за радиодифузија. Од една страна е залагањето на Советот за радиодифузија за продолжување на мандатот, кој што пак од друга страна , членовите избрани по стар закон и оформување на нов совет за радиодифузија, како и се спомнуваа негативните пракси во соседните земји во Србија и Бугарија. Негативните пракси не мора да значат лошо решение во законот. Сметам дека при изборот на новите членови за Советот на радиодифузија треба да бидат избрани по новиот закон за Совет на радиодифузија, меѓутоа да се обезбеди континуитет на новите членови во Советот за радиодифузија.

Во делот, особено важното за радиодифузерите е дозволата за вршење на радиодифузна дејност. Овде во законското решение Асоцијацијата на приватни електронски медиуми предлага формула за пресметка за висината на дозволата, што сметам за исклучително добар предлог. И порано сум се залагала во законските решенија што помалку да има уредби и одлуки на Министерството после носењето на законот, така што сметам дека секоја јавна давачка во секој закон треба да биде дефинирана во самиот закон или пак основните критериуми или вредноста на бодот да биде дефинирана во законот. Така што, овој предлог на Асоцијацијата на приватни и електронски медиуми, освен Министерството што треба да направи одредена симулација што тоа би значело во средства, мислам дека е добро решение и јавната давачка и радиодифузерите да бидат на јасно од почеток при добивањето на дозволата колку ќе изнесуваат тие средства што треба да ги плаќаат. Сметам дека тоа треба да биде решено во законот.

За програмските стандарди зборуваше колегата Јордан Михајловски и на Комисијата за култура доста се расправаше, каде што треба посебно да се обезбеди минимална застапеност на националната продукција во програмските содржини и стандарди со цел за заштитување на националниот идентитет на Република Македонија .

Јавните комуникациски мрежи во ова решение, како што кажав во еден дел на моето излагање, не смеат да емитуваат сопствена програма, рекламирање и теле-шопинг. Сметам дека ова решение треба да остави чисти ситуации во делот на радиодифузијата.

Во Глава 12, Правото на исправка и одговор, ова прашање е исклучително важно, особено на делот на оневозможување на манипулации и шпекулации во пренесување на информацијата. Ова е исклучително важно, меѓутоа, овде се зборува само за електронските медиуми. Правото на исправка на одговор сметам дека треба да биде дефинирано, како што спомнав, за иницирање на закон за медиуми, каде што правото на исправка треба да стои и за пишаните медиуми, меѓутоа, ова не може овде да се реши. Сметам дека во член 156 исправката, односно одговорот се објавува без измени и дополнувања на исто место во Програмата, затоа што пишува "или соодветно". Овде се отвора простор со кажаното "или соодветно" да биде на помалку важно место доколку некоја вест, шпекулација се објави, но на најавата на дејствата, или на најава на многу важно место од Програмата, исправката може да биде во некој сосема неважен дел, како што тоа обично се случува во пишаните медиуми и исправките доаѓаат во некое ќоше од весниците, а додека ударната шпекулација е на насловна страница со големи болдирани букви и тешко се исправа неправдата направена кон некој субјект кој што бил предмет на текстот.

Во контекст на мојата дискусија сакам да го нагласам посебното значење на чувањето на аудиовизуелната документација. Особено Македонската Радио Телевизија поседува големо богатство од документација која сега не е решена. Нејзиното чување и документирање се исклучително важни и би рекла дека ова прашање е од национален интерес. Сметам дека Владата треба да изнајде средства, затоа што се работи за големи средства и ова прашање на чувањето на документацијата треба да остане во јавниот сервис, можеби и со формирање институт за аудиовизуелна документација, кој што би ја чувал таа документација, би ја подготвувал и би ја давал, пред се, на располагање на други заинтересирани субјекти од радиодифузијата, други медиуми кои на соодветен начин и во процедура би ја добиле таа документација, која е исклучително важна и за пристапот до таа документација и за други медиуми.

Меѓутоа, примарно е јавниот интерес за чување на таа документација, затоа што претставува историја на Република Македонија, затоа што претставува културно наследство на Република Македонија.

Исто така, сметам дека во овој закон треба да се реши за застапеноста на политичките партии за време на избори.

Како што знаете ние во Собранието на Република Македонија, често пати пред избори носиме одлука за застапеност на политичките партии при изборите, сите видови на избори, парламентарни, локални и претседателски, така што сметам дека ова прашање треба да биде решено во Законот за радиодифузија.

И на крајот, во мојата дискусија ќе кажам дека во однос на овој текст на законот Министерството за транспорт и иврски треба повторно да направи брза консултација со јавноста и јавното мислење и сите заинтересирани субјекти и сите забелешки по основ на законот да ги вгради во новиот текст на законот и што побрзо текстот на законот да го видиме во втора фаза во Собранието и конечно, да имаме нов закон за радиодифузија.

Пратеничката група на Либерално-демократската партија, ќе го поддржи законот за радиодифузна дејнсот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Имате збор господине Балковски.

Повелете.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Министерството за транспорт и врски.

Доста долго го чекавме овој Предлог закон, еве сега дојде, ние имавме добри седници на Комисијата за транспорт и врски, каде што уште на самиот почеток се виде дека со овој закон, воопшто, сите учесници во Законот имаат многу голем број на забелешки. Сега штом со овој Предлог за донесување на закон, односно прва фаза на Законот за радиодифузна дејнсот, сите имаат голем број на забелешки како чинители во овој закон. Навистина, сакам да кажам дека ако претнекој ден имавме доста добар концепт на Законот за железници од истото министерство, сега сакам да кажам дека овој закон како концепт не е добар. Значи ние воопшто го имаме погрешено целокупниот концепт во областа на радиодифузната дејност за донесување на овој закон за радиодифузија. Затоа што, се доведуваме во ситуација овој Предлог закон, односно Предлогот за донесување на законот за радиодифузна дејност во прва фаза е всушност, закон за земја каде што воопшто досега не постоела радиодифузија. Ништо немало и сега ние носиме нов закон, каде што ќе се дефинираат сите односи, на сите чинители, на сите учесници во овој закон, без притоа, да се води сметка воопшто, дека досега сепак, имало систем и сите учесници функционирале на некој начин. Ние ќе го поддржиме како предлог за донесување на закон. Се носи, за да на некој начин слободата на информирањето, мислата, формирањето на средствата за информирање, пристапот до информации, работен одговор, исправки, како Уставни категории се донесат во еден повисок стадиум, а не како почетен стадиум за донесување на овој закон. Затоа кажувам дека како концепт воопшто е погрешен овој Предлог закон за радиодифузија.

Ако е тоа така, и ако го поддржиме, се надевам сите, оваа прва фаза на донесување на овој закон, навистина, Министерството за транспорт и врски ќе има огромна задача, меѓутоа, не само како Министерство, но и сите учесници во донесување на овој закон, во наредните фази навистина, да донесат еден Предлог-закон кој што ќе дејствува во насока на развој на радиодифузната дејност во Република Македонија. Затоа што, ако го донесеме овој Предлог закон сега, верувајте дека уште поголем број на проблеми ќе се јават, отколку овие проблеми што сега ги имаме во функционирањето на учесниците во оваа дејност. Не може во законот во член 2 да се кажува што е целта на овој закон и што треба овој закон да обезбеди. Целта е ако, откако овој закон ќе се донесе и сите членови претставуваат цел на овој закон, што треба овој закон да обезбеди. Не може со член на закон да се каже што е целта на овој закон. Ако го кажеме тоа нема потреба од сите други членови да ги носиме. Со два члена, ние ќе го завршиме целиот закон. Целта се става во основот, причините, основните начела и содржината на законот. Што сакаме со тој закон да донесеме. Не можеме во член на закон да кажеме целта на овој закон е тоа и тоа. Ако го кажемем тоа и тоа, тогаш воопшто, после сите други членови, бидејќи овој е доста обемен закон нема потреб да ги правиме, затоа што во член сме ставиле што треба да е цел на овој закон. Целта на овој закон е да обезбеди слобода на изразување, заштита на интересите на корисниците и унапредувањето, транспарентноста и независен и ефикасен јавен радиодифузен сервис. Меѓутоа, целта се образложува во сите други членови на овој закон.

Потоа, во член 5 има доволно време да се направи и корекции во однос на термините во овој закон и мислам дека како Министерство за транспорт и врски без разлика во кои сегменти се носат законите, меѓутоа, сите термини треба да бидат содржани, затоа што Министерството е едно. Мислам дека треба да се смени терминот јурисдикција на Република Македонија, затоа што во членот 5 се кажува одредбите на овој закон се применуваат на сите радиодифузери под јурисдикција на Република Македонија. Има сосема друг термин за тоа, како што пред некој ден во цел закон за железници се провлекува терминот инвеститор, инвеститор, а од друга страна во законот за градба инвеститорот го отфрливме како термин. Значи тоа треба да го користиме и во сосема други закони. Овдека направив една паралела со Законот за

железници, меѓутоа, сепак мислам дека и во Законот за радиодифузија навистина, треба да се обрне внимание на термините што се користат.

Во член 6 кажува дека радиодифузната дејност може да ја врши радиодифузер, под услови и начин утврдени со овој и со друг закон. Со кој друг закон? Ако имаме друг закон, треба да го кажеме. Ако не, подобро е само со овој закон тоа да биде утврдено.

Се поставува прашањето дали е подобро јавно радиодифузно претпријатие што ќе се основа во Република Македонија и ќе работи на начин и услови утврдени со овој закон, дали треба за јавото радиодифузно претпријатие да се направи сосема нов закон, или тоа да биде содржано овде, затоа што навистина, имаме преобемен закон, поготово што ако се прочита целиот закон и ако се разгледа, без разлика што имаме многу голем број на членови, членовите се многу обемни. Не може член во Законот да има сосема целосна страница. Членот треба да биде јасен, прецизен, да се кажува што содржи. Не може членот да се објаснува. Значи ќе се направи реченица две, па после тоа го објаснуваме што сака членот да содржи со тоа и стигнуваме до еден преобемен член каде што воопшто се губи целокупната намера на членот што сака да каже. Ова не е објаснување, не е сите анализи што сме ги добиле на тој закон, па сега да ги вметнеме во законот и да кажеме дека директивите и сите предлози се испочитувани и имаме еден преобемен закон, меѓутоа, членовите кога ќе ги читаме воопшто не знаеме на што тоа се однесува. Еве прочитајте го членот 14, ќе видите дека сосема една цела страница имаме од тој член. Или членот 17, па и членот 18.

Значи објаснувањата треба да бидат, односно не треба да има објаснувања во членовите, туку членовите треба да бидат сосема прецизни и сосема точни во своите одредби на овој закон.

Во Глава 4, Совет за радиодифузија, навистина, големо прашање што ќе се прави со Советот, дали ќе се реши на ваков начин каков што е Предлогот во овој закон, или ќе се оди со некоја варијанта која ја предлага самиот Совет за радиодифузија и тука треба во иднина, кога ќе се носи втората фаза навистина, треба да се разговара со Советот за радиодифузија, најпрвин како партнер во целокупната оваа дејност во однос на сите други учесници, а не како Министерството ќе направи со овој закон, Советот е незадоволен, а согласно законот, Советот апсолутно, ги има сите ингеренции на дејноста во Радиодифузијата, а Министерството апсолутно, нема ниедна ингеренција. Прочитајте ги сите овие закони, во ниеден закон не се кажува дека Министерството ја има таа и таа ингеренција. Ссега, ако е тенденција на Владата ова Министрство за транспорт и врски навистина да престане, тогаш тоа да го направиме со закон на органите на управа и ќе кажеме дека сите дејности од Министерството за транспорт и врски си се распределуваат на агенции, на совети, на комисии и во други министерства и ова Министерство навистина, нема потреба да постои. А во Законот за радиодифузија од сите членови во ниеден член да не се каже што врши Министерството за траспорт и врски, тогаш мислам дека навистина, Министерството нема потреба како Министертсво да го носи овој закон. Може Министерството за правда да го донесе овој закон и воопшто, ќе функционираше исто така како што функционира и сега со донесување, како носител да биде Министерството за транспорт и врски.

За да кажам дека многу преобемни се членовите, ќе цитирам само еден член 21 од Совет за радиодифузија каде што освен што се кажува дека Совет за радиодифузија е независно регулаторно тело, што и треба така да биде, со јавни овластувања во радиодифузната дејност кои се утврдени со овој закон и се основа како непрофитно правно лице, потоа имаме доста други објаснувања и на крајот имаме дека седиштето на Совет за радиодифузија е во Скопје. Тоа е закон. Значи ако се одлучи седиштето да биде на друго место, да не е во Скопје, тоа ќе биде против закон. Нема потреба од такви реченици да кажам, во Законот, каде ќе биде седиштето. Тоа може да се одреди со деловните работи или со статутот, затоа што има многу поважни работи што се одредуваат со законот, а не каде ќе биде седиштето, или пак во членот 18 каде што многу децидно се набројуваат кои се тие поврзани лица, па се кажуваат членови на семејство, се цитираат родители, деца, браќа, сестри, посвојувачи, посвоени, брачни и вонбрачни заедници, членови на потесно семејство на брачен другар, иматели, мислам дека воопшто се преоптоварува со непотребни работи овој закон.

Во членот 24 Совет за радиодифузија ги избира Собранието на Република Македонија членовите на Совет за радиодифузија. Тука навистина, треба да размислиме и како Собраие, меѓутоа, како предлагачи, кои овластени предлагачи ќе бидат членови на Советот и мислам дека ако МАНУ, Интеруниверзиетската конференција, Мнозинското здружение на новинарите и Комисиајта за прашања на избори и именувања на Собранието на Република Македонија, ако овие се предлагачи, ништо нема да се постигне во независноста на Советот за радиодифузија. И сега Советот за радиодифузија е независен, затоа што преку Комисијата за прашање на избори и именувања од Собранието на Република Македонија, навистина се предлагаат стручни и професионални лица што работат во Советот за радиодифузија. Немојте да мислите дека ако МАНУ каже некој предлог и тој предлог ќе биде најпаметен предлог во Република Македонија, или Интеруниверзитетската конференција. Сите тие предлози можат да сстигнат во Комисијата за прашања на избори и именувања, Комисијата да направи предлог и врз основа на тој предлог да се предложи и Собранието да го усвои, а не да се кажува кој се може да предложи односно да биде овластен

предлагач. Апсолутно во тоа нема потреба, поготово што плус уште се оптоварува сето тоа и се кажува дека МАНУ ќе предложи 1 член па Интеруниверзитетската конференција ќе предлага три члена, па Здружението на новинарите два члена и Комисијата за прашања на изборите и именувањата три члена. И кога ќе се направи една таква збрка во однос на предлозите, предлозите нема ни да стигнат до Собрание, затоа што МАНУ од каде ќе избере еден или Интеруниверзитетската конференција три, или пак да не зборувам за сите други здруженија и комисии што треба овдека да се направат. Воопшто, ќе се постави прашањето дали Советот на ваков начин ќе се формира, за да почне со работа.

Членовите 31, 32, и сите други членови каде што се објаснува работата на Советот за радиодифузија, дека тоа треба да биде во Деловник, а не во закон, каде што се кажува претседателот на Советот за радиодифузија, претседава на состаноците. Тој сигурно претседава, инаку, што ќе прави претседателот на Советот. А во случај на негово отсуство, или спреченост ги извршува заменик пртетседателот. Јас мислам вакви работи се прават во Деловник, а не се прави во закон. Или дека член на Советот може да поднесе оставка и сите други работи. Важно е членовите 33 и 34, тие се важни членови, каде што се кажува дека работата на Советот за радиодифузија е јавна и организира јавни состаноци најмалку два пати годишно и овие се опаски што Советот треба да ги направи. Да го организираме како Советот ќе работи, уште овдека да напишеме во колку часот тој ги одржува седниците на Советот, така да биде се решено, не треба воопшто Деловник за работа да носи Советот, ниту пак Статут.

Членот 37 е навистина, важен затоа што кажува кој ги врши следните работи. Можеби тука треба подетално да се кажат кои работи ќе ги врши Советот за радиодифузија, меѓутоа, веќе овде доаѓаме до членот 38, каде што се кажува дека сручната служба од член 34 на овој закон, раководи директно. И тука ќе имаме апсолутно, комплицирање на целокупната постапка кога во однос на тоа кога имаме претседател на Советот за радиодифузија, а од друга страна кажуваме дека се формира стручна служба, која што ќе раководи директно.

Кога ова го кажувам, го мислам претходното што го кажав, дека ние немаме концепт на овој закон, затоа што овој закон се прави во земја каде воопшто немало или не функционирало ниту една државна телевизиска станица, или пак воопшто не знаеме што е Совет за радиодифузија. Совет за радиодифузија и сега функционира и тоа многу добро и ние само треба да го покачиме нивото на функционирање и да го постигнеме развојот на Советот за радиодифузија. А не сега да го формираме Советот, па уште кажуваме на каков начин и што и уште покомплицирано правиме каде што кажуваме во Законот дека со стручните служби раководи директорот. Добро е што ова не е конечна фаза, затоа што јас се надевам дека сите овие работи ќе се расчистат во наредните фази и мислам дека не би требало воопшто да остане вака и треба сите забелешки, дури и од Советот за радиодифузија да се земат, затоа што после тој ќе го спроведува овој закон, а од друга страна имаме големи несогласувања со донесување на овој закон со Советот за радиодифузија.

Можеби треб да се размисли во овие сите членови кои што се за Советот за радиодифузија да се направи еден член, затоа што нема, меѓутоа, да се донесе, каде што ќе се утврди која ќе биде релацијата на Советот за радиодифузија, дали со Владата, или со Министерството за транспорт и врски.

Во дозвола за вршење на радиодифузната дејност, во членот 43, се кажува дека постапката за доделување на дозвола е транспарентна и се води на начин што обезбедува еднаквост, рамноправен и недискриминаторски третман на сите учесници во постапката и потоа таа постапка треба да се објасни.

Не е доволно само со една реченица да кажуваме, ги скратуваме членовите каде треба да се објаснува, а многу непотребни работи објаснуваме со многу поопширни членови. Како што е на пример членот 49 каде ќе треба малку да се поедностави целата постапка затоа што се кажува дека кандидат на конкурсот поднесува пријава на посебен образец што го пропишува Советот за радиодифузија, се кажува се што треба да содржи и на крај дека треба да има изјава заверена на нотар дека ќе ги почитува основните технички услови, стандарди и параметри утврдени со Законот за електронски комуникации. Сигурно тој ќе ги почитува. Ако мислите дека е заверена изјавата кај нотар дека тој ќе ги почитува законите. Ако не го почитува законот ќе му ја одземете дозволата. Зошто такви оптоварувања во однос на законот?

Се псотавува прашањето за дозволата за вршење на радиодифузна дејност дали да се дава на физичко или на правно лице затоа што мислам дека воопшто не може да се подели дозвола на физичко лице, сето тоа треба да оди на правни лица затоа што треба да се има на увид што работеле тие правни лица, не може физичко лице да добие дозвола за работа и после тоа да прави што сака, ќе ги имаме овие проблеми што сега ги имаме, а уште поголеми понатаму.

Членот 57 - дозвола за вршење на радиодифузна дејност според опфатот може да се додели на државно, регионално и локално ниво. Апсолутно овој член треба да отпадне однсоно да се смени и мое мислење е дека треба да има само државно и локално ниво, не можеме да имаме региони, па потоа да кажуваме да, овој регион е со ваква застапеност, а другиот рагион е со таква, па ќе се испомешаат регионите и нема да имаме ниту локално ниту државно, ќе имаме

регионално и не ќе знаеме што е државно. Ако е интересот државното да го заштитиме и локалното, воопшто нема потреба со регионално ниво да се бавиме во овој закон.

Исто така и висината за надоместокот законот тоа не го кажува, а треба многу прецизно во членот 60 да се нарпави тоа, овде имате две алтернативи, едната алтернатива е на АПМ каде се кажува висината според формула и навистина треба да се направи една анализа и ако е добро треба да се постави во законот и нека се утврдува според формула, да не се утврдува начинот и пресметката и бројот на бодовите за определување на висината за вршење на радиодифузна дејност со одлука ја утврдува Советот, а од друга страна се кажува дека надоместокот нема да биде висок до тој степен за да го спречи развојот на радиодифузната дејност. Ајде сега кажете колку ќе се плаќа надоместок од овие два става на овој член. Не знаеме колку. Тогаш автоматски доаѓаат проблемите. Најголемите проблеми помеѓу Советот од една страна, АПМ и сите други учесници во радиодифузијата е надомест. Ако немаме конкретно во закон, секогаш ќе имаме проблеми и овој закон воопшто нема да успее. Веднаш штом ќе се донесе овој закон без формула или некаков друг начин како тој надоместок ќе се пресметува и колку ќе биде содржано во закон, мислам дека воопшто нема да се постигне никаков успех , не може да се каже надоместокот нема да биде висок до тој степен. До кој степен? Кој надоместок? Кој однос? Тоа во еден закон треба да биде содржано каде сакаме да ги регулираме односите помеѓу сите учесници во радиодифузијата.

Понатаму во член 68 против одлуките на Советот жалба се поднесува до Комисијата за решавање на жалби од областа на радиодифузијата и тука кажуваме како треба и кои да бидат членови на таа комисија. Таа треба да биде владина комисија и се поднесуваат до второстепена. Ако не е така треба да се поднесуваат до суд. Зошто да формриаме повторно некоја друга комисија? Ако не сакаме Владата како второстепен орган да одлучува како комисија на Влада сите овие одлуки односно жалби треба да одат во судска постапка, па таму нека се решаваат. Зошто да формираме таква комисија. Значи, таа комисија ќе биде над Советот за радиодифузија, а Советот уште повеќе го искомплициравме со стручни служби, со директори, сега повотрно ќе дадеме уште една комисија за решавање на жалби од областа на радиодифузијата. Значи, тие ќе бидат најважната комисија во целиот овој закон.

Треба многу да се обрне внимание во членот 78 - настани од големо значење за спортот затоа што ќе ни се случи со ваков закон и со вакви членови воопшто спортот може и да не биде застапен затоа што овде се кажува дека радиодифузерите можат да емитуваат или одложено да емитуваат настани од големо значење, ако е може, значи не мора. Ние може само од странски програми да се информираме што се случува со големи настани затоа што големи настани овде не се само спортски настани. Како настани од големо значење се сметаат, овде се кажува кои во спортот, меѓутоа, со други начини користејќи го овој член ние можеме едноставно да бидеме тотално изолирани од се што се случува во земјата од радиодифузерите затоа што тие можат, меѓутоа, не мораат.

Исто и кај членот 80 каде се кажува за изборната кампања многу е направено во однос на рекламирање, телешопинг, спонзорства и се се кажува што не смее, а ништо не се кажува што смее и доаѓаме до јавниот радиодифузен сервис. Затоа треба да се размисли дали треба да се реши со еден друг закон за МРТВ или да остане во ова, меѓутоа, ако е веќе во овој закон, навистина треба да ги одредиме сите односи помеѓу МРТВ, Советот за радиодифузија, сите други чинители и учесници во оваа дејност и сепак јас би кажал и Министерството за транспорт и врски затоа што во членот 117 се кажува дека веќе имаме едно ограничување дека МРТВ емитува еден телевизиски програмски сервис на македонски јазик и едн телевизиски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните. Значи, веќе отфрлуваме автоматски законски дека ќе постои некој програм, имаме само два програми еден на македонски еден на албански. Истото тоа ни се случува и со радиото. Еден македонски еден албански. Ние ги користиме сите директиви од Европската унија, правиме закони каде сакаме да донесеме развој и во оваа област во радиодифузијата, а тука ограничуваме до максимум дека не може МРТВ да се проширува понатаму затоа што со закон е направено дека треба да има два програма еден македонски и еден албански. Со ваков закон и со ваков член не се носи развој и секаде во сите членови ги давате обврските што треба да направи МРТВ, значи само обврските, воопшто никакви права не и давате на МРТВ, а од друга страна кога доаѓа начинот на финансирање, се кажува дека за покривање на трошоците се воспоставува радиодифузна такса. Оваа радиодифузна такса се покажа во минатото дека не функционира. Зошто сега пак да ја ставаме во закон. Ако не функционира дајте да измислиме нешто ново, дајте предложете неколку варијанти. Како што имате неколку алтернативи за различни членови овде воопшто немате алтернатива. Не функционира. МРТВ еве сега ќе имаме Извештај, се кажува дека навистина е лоша ситуацијата, ние упорно пак кажуваме дека мора да се воспостави радиодифузна такса. Нема да се плаќа радиодифузна такса поготово што уште во закон се кажува дека тоа ќе го прави ЕСМ односно се пресметува во сметката на наплата на електричната енергија. Ние дали сакаме да знаеме дека ЕСМ ќе се продаде, па како ќе се направи тој однос со сопственикот, па уште да му дадеме до знаење дека треба да се собира радиодифузна такса, нема да ја собира. И да ја собира граѓаните нема да ја плаќаат на ваков

начин како што е сега. Ако правиме нов закон, ако веќе сосема нов концепт се прави на овој закон, дајте да решиме на каков начин ќе се финансира радиодифузната такса, односно МРТВ. Ако е тоа така, ако ги даваме сите обврски, сите членови на МРТВ се обврски, па дајте да ја финансираме од Буџетот. Јас поставувам само како алтернатива, тоа треба да се види. Ако може на начин тоа да се направи, треба да се направи на таков начин. Не може само да се даваат обврски на МРТВ, а од друга страна кога ќе дојде извештајот ние ќе ги донесеме како заклучоци за работата на МРТВ и тоа ќе прекрати и после само ќе кажеме дека не се собира радиодифузната такса, а имаме член односно цела глава финансирање во членот 145, 146, 147, 148 до 153, значи цели членови на начинот како е финансирано тоа и автоматски ништо ново не покажуваме. Ние не покажуваме дека имаме концепт, имаме решение за финансирање на МРТВ. Ние ги дадовме обврските, а од друга страна кажуваме дека немаме начин како тоа да го направиме во однос на финансирањето.

Кога сум кај МРТВ органите на МРТВ се Советот, Управен одбор и извршен директор. Тука уште повеќе ќе се комплицира целата работа и не знам дали воопшто има потреба, треба да се размисли за тоа, затоа што е прва фаза од Совет на МРТВ каде се кажува дека Советот на МРТВ ќе биде составен од 21 член и кажуваме кои се Универзитетот "Свети Климент Охридски", Тетовскиот универзитет, Југоисточниот универзитет, Здружение на пензионери, единици на локални самоуправи, Олимписки комитет, мнозинско здружение на новинари, Стопанска комора, друштва на писатели, инвалидски организации и Комисија за прашања на избори и тоа кога ќе се направи една таква збрка во тој Совет како ќе функционира тој Совет треба да одреди Управен одбор, а тој Управен одбор извршен директор ни МРТВ ќе функционира како што нема да функционира ни Советот на радиодифузна дејност.

Ние ќе го донесеме законот и добро е што го носиме во прва фаза оти сега можеме да ги видиме проблемите во овој закон. Се надевам дека концептот ќе се смени на овој закон, мислам на концептот на донесување на овој закон ќе се смени за да имаме навистина еден закон кој ќе донесе развој во областа на радиодифузијата, а како прва фаза ќе го подржиме со надеж дека сите овие дискусии од пратениците, но и сите забелешки од сите незадоволни чинители, јас не слушнав ни еден учесник на Комисијата за транспорт и врски, меѓутоа, и пошироко каде е задоволен од овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Имаме време за реплика.

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам потпретседателе.

Јас ќе реплицирам само во еден дел од дискусијата само за еден член, тоа е членот 26.

Со добар дел од дискусијата и забелешките се согласувам со господинот Балковски, меѓутоа не ми е јасно господинот Балковски предлага да нема овластени предлагачи во однос на изборот на членови на Советот и тоа е целосно во спротивност со препораката 23 на Комитетот на министри на Советот на Европа за независноста и функциите на регулаторните власти за радиодифузниот сектор за да политичарите не се инволвирани во предлагањето на кандидатите.

Тој предлага Комисијата за избори и именувања понатаму да остане овластена да предлага кандидати за членови на Советот, што е сосема погрешно затоа што основите на независноста на Советот за радиодифузија ќе бидат нарушени и не ми е јасно како толкаво сомневање во институциите како што се МАНУ, Интеруниверзитетската конференција, мнозинското здужение на новинари. Да, неговото сомневање беше во насока дека тие во предвидениот рок и тоа во рок од 8 месеци и неговото сомневање е дека во тој рок нема да достават предлог членови за Советот, не ми е јасно зошто толку сомневање во така стабилни реномирани институции и дека тие кандидати нема да бидат компетентни и т.н.

Затоа моето укажување овој предлог во овој член остане така каков што е. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за господинот Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам потпретседателе, само едно дообјаснување.

Кога кажав дека треба Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието да биде овластен предлагач на сите членови, мислев да не се комплицира постапката затоа што, ако веќе имаме добро размислување за сите овие институции, зошто да немаме за Комисијата за избори и именувања. Во таа Комисија членуваат пратеници, а тие пратеници ги бира народот. Сега, од каде да имаме толку добро мислење за МАНУ, за Универзитетската конференција или за сите други организации, а да имаме сомнеж во Комисијата. Нека ги достават предлозите ние ќе одлучиме, вака нема да дадат предлог ни една од институциите. Ќе видиме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници.

Дебатираме со различни аргументи и ставови за еден закон и добро е тоа што не сме оптеретени многу со политичките партии од каде доаѓаме и

се надевам дека она што и министерот сакаше и го кажа во своето воведно излагање, со дискусиите да придонесеме за доработување на законот па и ние со нашите предлози тоа да го направиме.

Се согласувам со она што и министерот го кажа на почетокот дека законот можеби, еве имам таков впечаток, тоа го кажаа и некои пратеници, условно кажано, можеби доцни, но е закон кој третира различни групи и пред се различни интереси. Да немаме илузија дека можеме да најдеме компромис помеѓу сите заинтересирани за оваа област, да најдеме идеален закон, туку мора да најдеме идеален компромис или идеално незадоволство од сите што ќе продуцира закон кој ќе биде согласно европските критериуми и препораки.

Она што сакам веднаш на почетокот да го поздравам, тоа е што законот оди во две фази и заедно со Предлог-законот Министерството ни понуди мноштво на материјали и писм од различни асоцијации и секој од нас пратениците најде нешто интересно или артикулираше нешто од тие писма и денес ги преточува тука во расправата.

Многу е тешко еден ваков закон да ги артикулира, реков, сите барања, бидејќи интересите се различни. Притисокот и она што се критериуми од Европа се исто така големи, бидејќи и она како што кажа министерот, овој закон заедно со Законот за електронски комункации и Законот за информатичко општество, ќе заокружи еден процес што има посебен интерес во Европа.

Имплементацијата на политичките критериуми е едно, но во Европа не можете да влезете доколку не можете вие тоа дигитално да го пренесете и да се поврзете со нив. Затоа овој закон треба да биде влез во низа активности што треба да ги направиме на тој план.

Често овде во Собранието, зборувам за европското партнерство и за критериумите што ги имаме, и тука беше кажано во рамки на критериумите од Копенхаген, дефинирани се стандардите. Тие стандарди мораме да ги почитуваме, посебно стабилноста на институциите и тоа ќе го искористам како поткрепа на две мои тези, прво за овластените предлагачи и второ за Советот за радиодифузија.

Овој закон од една страна треба да биде усогласен со аудиовизуелното аки на Европската комисија и да ги почитува транспаретноста, предвидливост и ефективноста, значи воспоставување на една регулаторна рамка за радиодифузија, согласно европските стандарди и едно законодавно усогласување со директивата Телевизија без граници.

Денешната расправа отвори неколку дилеми, во дел ќе се согласам и со претставници од позицијата, во дел ќе се согласам и со претставнци од опзицијата, што реков зборува за една релаксирана атмосфера денес што ја имаме со цел да придонесеме за подобрување на овој законски текст.

На почетокот да кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе ја поддржи потребата од донесување на овој закон, а сега ќе зборувам за некои мои ставови околу одредени точки што најчесто беа споменувани.

Прво, тоа е продолжувањето или не, или менувањето или не на Советот за радиодифузија.

Апсолутно ќе се согласам со господинто Балковски дека Советот за радиодифузија е пример за една од ретките институции која континуирано добива позитивни оценки од страна на експертите и како тело е формирано уште во 1997 година и остана за цело време пример за ефикасна работа. Тоа можеби е мој впечаток, но тоа го потврдува и заклучокот на експертите од ЕУ, извештај направен во јануари 2002 година каде за Советот и начинот на кој делува се дадени пофалби, независноста, експертскиот пристап и тн., инструмент кој не е интегриран во државниот апарат, кој успешно пребродил осум години и мислам дека знаењето што е акумулирано во тој Совет, не зборувам само за луѓето, туку во тој Совет, треба да се искористи. Веднаш ќе се префрлам на преодните и завршните одредби.

Тој Совет можеби е кадарен да ја продолжи и да ја заврши онаа трансформација и активности што се очекуваат во рамките на осум месеци, како што се предвидени. Не сум убеден дека нови луѓе ќе можат да ја завршат цела низа активности што претстои за преоценка на некои работи, за дефинирање на некои работи и мислам дека тука треба да најдеме некое компромисно решение за континуитет, дали дел или на целиот Совет, во продолжување на таа работа. Тоа го поткрепувам, реков, со стандардите во рамки на Копенхаген критериумите за стабилност на институциите и искуството што го имаме од некои соседни земји, како што е Бугарија каде со промена на Законот, бидејќи така заклучиле ако го сменат Законот можете да ги смените сите членови. Тие три пати го менуваат Законот за да можат да ги променат членовите. Или пак, во соседна Србија и Црна Гора каде никако не може да профункционира тоа затоа што има множество на различни предавачи. Затоа за сочувување на стабилноста и ефикасноста на институциите, мислам дека тоа треба да продолжи.

Во однос на статусот и независноста што се бара во рамки на овој закон, за јавниот радиодифузен сервис, јас ќе зборувам малку подоцна.

Реков, различни писма и дописи имаме во рамки на законот, што апсолутно го поздравувам. Добро е но како поткрепа го наоѓам и за континуитет на членовите во рамки на Советот. Поткерепа наоѓам во барањето на Асоцијацијата на приватни електронски медиуми на Македонија.

Инаку кога сме кај Советот, доста дилема предизвика и тоа кои да бидат овластените предлагачи. Повторно го користам стандардот во

рамки на Копенхаген критериумите дека тоа треба да бидат стабилни институции. Овој закон имаше неколку варијанти, во првичниот предлог постоеше како предалгач претседателот на Република Македонија, потоа се појавија мнозински здруженија на новинари, па во претпоследниот предлог имаше мнозинските здруженија на потрошувачи. Тука апсолутно стојам на тоа дека претседателот на државата како институција, стабилна и дефинирана во нашиот систем, треба да биде предлагач. Такво искуство имаа од повеќе европски земји, за тоа се зборуваше, да не повторувам. Додека пак мнозинскиот статус или статусот на мнозинско здружение во даден момент е релативна работа. Во даден момент едно здружение на новинари може да биде мнозинско, во друг момент може да преовлада и да стане тоа мнозински, или пак мнозинско здружение на потрошувачи често може да варира. Затоа не спаѓаат, кога се зборува од европски аспект, во алтернативи кои континуирано можат да бидат овластени предлагачи.

Јас стојам на тезата дека предлагањето на членови од Комисијата за избори и именување и овде од Собранието, може да биде квалитетно и компетентно, доколку и таков пристап имаме. Не мислам дека, тоа беше и последниот пример што на овие последните два члена што ги бираме, не наиде овде на дилема и доби апсолутна поддршка. Значи битно е гласањето овде во Собранието да добие поддршка на кандидатите, а тие ќе ја добијат поддршката ако отсликуваат или одразуваат квалитет и компетентност во рамки на она што е предвидено во законот.

За тоа кои да бидат основачи, за верските и религиозни групи, зошто фалат, тоа беше исто така зборувано.

Кога сме кај Советот за радиодифузија, тука ја имам дилемата што ја имаат и некои пратеници, што ја има и Асоцијацијата на приватни електронски медиуми и Советот за радиодифузија, за функциите директор и стручната служба. Стручната служба е формирана од 1997 година. Реков има кумулирано знаење, видела, посетувала, учела, се едуцирала и мислам дека тоа знаење треба да го зачуваме таму и начинот на кој функционира целиот систем треба да го сочуваме, бидејќи се покажал и нашол оправдување или позитивни коментари.

Мислам дека воведувањето функција директор е апсолутно непотребно. Досегашниот концепт на професионалец, претседател на Совет и негов заменик и стручната служба, сосема позитивно одговорија на предизвиците, посебно во еден тежок период од формирањето и потоа функционирањето.

Дефинирање на нова стручна служба со директор, мислам дека ќе ја измести целата работа и Советот ќе изгуби независност, ќе отиде премногу во администрација и не мислам дека можеме тука да придонесеме за подобрување. Мислам дека тука малку ќе ја заглавиме работата.

Понатаму, во однос на претпоследната варијанта направено е скоро целосно усогласување со Законот за електронски комуникации. Недостига еден дел, во еден член пишува - надлежна институција за електронски комуникации. Веројатно тоа е испуштено.

Исто така ќе дебатирам за второстепеноста, односно Комисијата за решавање на жалби или член 67.

Во овеќе варијанти, на повеќе тркалезни маси беше отворено ова прашање и мислам дека формирањето на ваква комисија е во директна спротивност со одредбите за препораки за независно тело. Единствена ревизија на одлуките, согласно тие препораки, треба да бидат судските одлуки.

Дилемите кај нас што се јавиле во работната група, се однесуваа на уставната категорија на двостепеност и мислам дека е добро што и од колешката Цветанка Ивановак во рамки на дебатите во комисиите за уставните измени, се иницираше прашањето за двостепеност, не од аспект на судските инстанци или од аспект на заштитата на граѓанските права, туку од некои комсии, што самите си ги наметнуваме и ја отежнуваме целата процедура.

Овде во Собранието формиравме и Комисија за конкурентност и Агенција за електронски комуникации и Дирекција за заштита на личните податоци. За сите нив формиравме еден второстепен орган кој во една инстанца треба да ги штити интересите. Но повторно решенијата, пак, и ако не сте задоволни од тоа, ако се поведе управен спор до Врховниот суд. Европската конвенција зборува за овозможување правен лек, а тој правен лек ќе се најде пред судските инстанци. Имаше една варијанта, претпоследна варијанта кога заедно со експертот Јакуповиќ, кога беше дефинирано Советот да биде повторно тој, но само во 2/3, имаше една таква варијанта. Јас имам една таква варијанта на работна трибина каде има дилема меѓу Секретаријатот за законодавство, заедно со експертите. Така што мислам дека треба да се размисли кој да биде тој, дали можеме директно на суд да одиме, согласно европските препораки, бидејќи вака мислам дека претерано ќе заглавиме во некои процедури, а до колку устeвните измени и дихот на уставните измени одат во тој правец и наиде на расбирање, мислам дека и овој закон ќе се хармонизира и ќе конвенгира кон истото решение.

Она што, во споредба со еден друг, една претходна варијанта на закон што ја имавме, еден работен текст кој беше дистрибуиран и до нас пратениците, следната точка што сакам да ја изведам, мислам дека тука никој не ја каж, тоа е сателитскиот пренос или емитувањто преку сателит.

Во верзијата на законот ние што ја имаме, тоа е член 57 од новиот закон или член 54 од стариот,

единствено за да можете да емитувате преку сателит, доволно е да доставите известување до Советот за радиодифузија. Можеби мене ми изгледа прелиберално затоа што претходната варијанта што беше на член 54, зборуваше дека треба да се добие согласност од Советот за радиодифузија.

Имиџот на Република Македонија ја прават програмите на одредени телевизии. Не мислам дека можеме било што да дигнеме или да емитуваме во сателит, бидејќи тоа ќе биде репер за она што е имиџот, културата, творештвото во Македонија, но не сум сигурен, или се плашам дека можеби некој ќе го злоупотреби тоа. Затоа не е доволно само писмено да се информира Советот за радиодифузија, туку треба да се даде и некоја согласност, нормално треба да биде во координација и со Агенцијата, или надлежните институции од електронски комуникации, затоа што сега нема 200 телевизии да дигнат сателити горе и да направиме хаос. Мислам дека нема место, но зборувам хипотетички. Затоа членот 54 од првата варијанта што ја имаме ние добиено како пратеници, ми изгледа поприфатлив.

Доаѓаме до она што веројатно и најмногу побуди овде интерес. Тоа е јавниот сервис. Во материјалите добивме уште една книга, јас ќе го цитирам тука господинот Небојша Спаиќ, уредник во Белградско радио или човек, дел од системот на РТС, на една конференција го истакнал следното: "Јавниот сервис нема пријатели. Политичарите сакаат да го злоупотребат, приватните го сакаат мртов за да не им пречи, вработените му се најголеми непријатели затоа што не сфаќаат што е јавен а што е државен медиум и не си ги менуваат навиките, раководството, успешно му го уништи имиџот правејќи телевизии и радија за власта, наместо за гледачите, а тие не сакаат да плаќаат за нешто што не го познаваат како свое". Или, како што понатаму вика, за да имаме успешна трансформација или успешна реформа, таа реформа или ќе биде радикална и ќе вклучува драстични мерки, или Македонија ќе дозаглави во блатото на периферија, непрофесионализам и политичка манипулација. Веројатно и затоа е многу тешко и овој закон да најде најмал заеднички содржател на интересите на сите заинтересирани страни. Асоцијацијата на приватни електронски медиуми си има свој интерес, Македонската радио телевизија свој, различен Советот за радиодифузија како регулаторно тело и со најголеми обврски кој треба да ја понесе целата одговорност во иднина, локалните радио трговски друштва, приватните радио дифузерски друштва. Значи многу е тешко и овој цитат апсолутно отсликува и овде притисокот што го има Министерството, за да може да дојде до најпосакувана варијанта за сите. Затоа во законот треба попрецизно да се дефинира статусот на МРТВ, како што и коментарите од господинот Јакуповиќ, кој знам дека е доста педантен затоа што сум работел во еден Комитет за информатичко општество во Стразбур, со него и доста темелен господин.

Кај нас е дефиниран во претходниот Закон дека основач е Собранието, тука некаде е скриено тоа, не го пишува. Треба да се дефинира точно каков е статусот. Членот 117 исто не е доволно експлицитен и не се кажува дали е тој едниот канал и со оној каналот што ќе оди на сателит, или е друг. И нормално треба да се дефинираат дополнителните програмски сервиси. За жал, ќе се сложам со господинот Јордан Михајловски дека останатиот дел од собраниските седници, макар што и ние не знам колку сме интересни, тие содржини не се она што го посакувавме и што беше и позитивна идеја на претседателот Јордановски, бидејќи сеуште не најдовме една комуникација, не формиравме едно тело кое ќе се грижи за естетика на останатиот дел од каналот. И тука треба да поработиме, или треба да го дефинираме. Но, исто така, за сите дополнителни сервиси сметам дека Македонската радио телевизија треба да подлежи на лиценцирање како и другите играчи на медиумскиот пазар, зборувам само за дополнителните програмски сервиси. Се разбира клучен проблем тука е финансирањето. Не мислам дека треба да се забранат, да постојат, или да опстојат множеството на забрани што се дадени во членовите на тој начин намалувајќи ги приходите, бидејќи нас ни треба силен и квалитетен јавен радиодифузен сервис. Но, се разбира сервис кој ќе ги нема комерцијализираните програми како што е "Реалити шоу" и сл. Затоа сметам дека треба да се задржи постојното ниво на реклами, но дополнителните програми и комерцијалните програми треба да подлежат на лиценцирање и на она што се вика дозвола. Секако тука има според мене една колизија во членовите мислам дека се 80, 92 и 121 за пратењето на политичката кампања. Значи, МРТВ има обврска да ја прати, а од друга страна има забрана да рекламира. Мислам дека тука треба попрецизно да се дефинира дали пратењето на политичката кампања не значи и рекламирање на политичките партии. Затоа мислам дека треба да најдеме некој компромис.

Втора работа што сметам дека треба да остане во МРТВ, а никако во Советот за радиодифузија, а тоа е регистерот на обврзници. И тука нема да се сложам со делот од дискусијата на колешката Ивановска бидејќи регистерот на обврзници не е само база на податоци. Таму има едно 20-тина луѓе што контролираат теоретски каква е покриеноста и што се случува во 350 илјади домаќинства, тоа е нивната работа да видат дали навистина има сигнал, нема сигнал, плаќа, не плаќа. И затоа со овој процент, а без разлика и на никаков процент што го добива Советот за радиодифузија во рамките на распределбата на средствата никако не може регистерот на обврзници да се најде во регулаторно тело како што е Советот за радиодифузија. Тоа е едната работа. И тука стојам на тоа дека и нови луѓе.

Советот за радиодифузија не е наменет за тоа. Советот за радиодифузија е наменет да биде регулатор, а никако да се грижи, или да води регистар на обврзници за плаќање на радиодифузната такса и таква пракса не постои никаде во Европа.

Втората работа што е поврзана со плаќањето, а тоа е со начинот на прибирање на радиодифузната такса. Во овој момент и она што беше кажано дали ќе се случи или не, процесот на приватизација е во тек на ЕСМ согласно неколку законски решенија и проекти што се донесени и активности. Не можеме да им гарантираме или да им наметнеме на странски, или домашен сопственик нов на одредени објекти од ЕСМ тој да биде тој што ќе ја врши наплатата. Значи, мораме да сметаме на оваа варијанта. За жал, и сега без разлика што е ангажираната можност ставена законска варијанта како што постои во неколку земји во Европа, ЕСМ тука не ја врши работата и не обезбедува наплата на радиодифузната такса. Бидејќи тоа е јавна давачка нема некое специјално ново решение, туку како што добиваме еднаш годишно данок на имотот, има варијанти во држави каде што на 3 месеци добивате данок за користење, или за плаќање на радиодифузна такса. И тука мораме многу по храбро и поодлучно да влеземе во целата работа.

Во однос на некои членови нема да навлегувам многу конкретно. Само во член 46 не беше споменато тоа во делот на плурализмот се подразбира кај нас, но мислам дека треба експлицитно да стои: Заедниците во Република Македонија, бидејќи дозволите што се даваат на радиодифузните друштва треба да отсликуваат и заедниците во Република Македонија. Тоа е духот на зборот плурализам. Но, мислам дека овде можеме и тоа поексплицитно да го кажеме. Што се однесува, исто така тоа побуди многу интерес, тоа е јавните локални радиодифузни претпријатија, ако сакаме да направиме европски закони и ако одиме кон реформски потез, тогаш треба преминот кон пазарно стопанство можеби да го направиме малку поблаго, а тоа е да има некоја степенаста трансформација. Прво, за делот, оние услуги што ги нудат што се од јавен интерес да добиваат одреден процент, но за останатиот дел од програмата да се борат на пазарот на сличен начин да речеме како што се направи со приватизацијата на стоматолошките клиники. Значи опремата претходно е стекната и таа опрема ја имаат и ја добиваат на користење без никаква надокнада, но со програмата и со содржините ќе се борат на пазарот со другите компании, или институции.

Уште еднаш, на крај, многу е тешко да се најде компромис меѓу сите барања. Јас се надевам дека овој пристап што го искажа Министерството со еден широк опфат и една ширина во целата оваа работа ќе придонесе јавната расправа конечно и самите да увидат сите заинтересирани страни дека не можат да си дојдат до максимум своите барања, туку да бидеме задоволни од едно компромисно решение.

**Љупчо Јордановски:** Реплика три минути госпоѓа Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Не мора репликата да биде спротивставување, може да биде појаснување. Бидејќи господинот Макрадули ме спомна во делот на водење на регистар.

**Љупчо Јордановски:** Репликата е вие да реплицирате, дообјаснување лично.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, еве ќе дообјаснам без разлика како ја толкувате репликата. Господинот Макрадули спомна во делот на водењето на регистарот дека не преставува само дата на податоци, повеќе на моето излагање во делот на водење на регистарот. Воопшто не се залага Советот за радиодифузија да го води регистарот на претплатници и мене ми е јасно дека датата на податоци значи и обновување радиодифузна такса. Така што јасно ми е што значи водењето на регистарот и дека не е само превземање на обична дата на податоци, туку претставува обврска во водењето на наплатата на радиодифузната такса. И во моето излагање кажав дека минатиот корисник на радиодифузната такса треба да го води кај себе регистарот на наплата на радиодифузната такса и да зема соодветен надоместок од другите корисници на радиодифузната такса. Ова беше појаснување .

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Ејуп Рустеми.

**Ејуп Рустеми:** Ви благодарам господине претседател. Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Мило ми е што денес пред нас имаме еден закон за радиодифузија кој сите го чекавме едно подолго време и имавме можности денес да имаме расправи по овој закон кој сите сакаме овој закон да биде што подобар. И самиот факт дека и министерот во неговото излагање спомна дека ќе бидат добредојдени сите дискусии на пратеници кои ќе го подобрат законот и овој закон да биде што подобар. Иако сите ние знаеме дека идеален закон не постои. Имајќи го во предвид од друга страна како што рекоа и колегите пратеници дека овој закон претставува и разни интереси на разни групи и разни физички лица, можам да кажам дека еден закон кој помина еден долг пат на разни расправи, јавни расправи и разни тези кои сме имале можност да ги имаме пред нас, на крајот на краиштата го имаме овој текст кој ќе биде во две фази донесен. Јас би сакал да направам еден осврт во два три моменти на овој закон, иако не сакам да се внесам во секој член поединечно, туку тие што претставуваат позначајни членови во овој закон кои ја претставуваат обласа на Советот за радиодифузија и јавниот сервис на МРТВ. Кога овде се предлага во членот 26 да се формира совет за радиодифузија во Република Македонија и како што е предвидено се

предвидува да се формира нов совет за радиодифузија и заради причините дека ова регулаторно тело да претставува, да биде независно тело кое ќе ги надгледува реално и ќе биде независно тело. Кога го имаме во предвид фактот и кај мене се јавуваат неколку дилеми во однос на ова прашање, треба да имаме едно продолжение на Советот за радиодифузија или да остане во едно продолжение овој Совет, или да се формира еден совет, или нов совет за радиодифузија. Кога ги гледаме и предлагачите кои се јавени во овој предлог за донесување на закон, а кои се МАНУ, Универзитетската конференција, Здружение на новинари во Република Македонија и Комисијата за прашања на изборите и именувањата во Собранието на Република Македонија. Јас ова би го погледал од една димензија, предлагачите на овие кандидати доколку беше овој совет, доколку видиме од еден друг аспект, тогаш можеме да увидиме дека доколку е замислено да се опфати целото општество, цивилното општество во Република Македонија покрај тоа што можам да кажам "политичко " каде имаме именување од Комисијата за именување од Собранието на Република Македонија, тогаш можеме да увидиме дека другите заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија не ќе можат да се опфатат и цивилниот дел на општеството. На пример, овде ја имаме МАНУ од самиот факт увидуваш дека припадникот ќе биде од македонската етничка заедница. Интеруниверзитетската конференција која претставува три члена, можеме да си замислиме, иако можам да говорам со прејудикации дека може да имам реплики во однос на ова. Но, јас мислам дека може да биде само еден член на етничката албанска заедница. Кога говорам за здружението мнозинство на новинари во Република Македонија кои ќе излезат двајца, тогаш и двајцата можат да бидат од етничката македонска заедница. И станува збор за тоа колку ќе биде опфатен граѓанскиот дел на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија. Затоа би предложил до претставниците на Министерството да го имаат во предвид фактот и доколку остане во оваа варијанта да се основа овој совет за радиодифузија да го има во предвид фактот да се опфати и другиот дел на општеството. Кога говориме веднаш по ова се предвидува да имаме и Комисија за жалби и се предвидува Комисијата за жалби да биде составена од 7 члена и претставниците да се предлагаат од истите предлагачи кои се во членот 26. Тогаш,.што подразбираме со ова? Формираме две комисии, Советот за радиодифузија и една друга комисија, а претставниците да бидат исти. Се поставува прашање каква логика има сето ова. Доколку овој совет за радиодифузија велиме дека го формираме на овој начин да биде независен, да нема разни влијанија на разни групации и на разни политички партии, тогаш и Комисијата, второстепената Комисија е од истите предлагачи. Фактички ние создаваме две комисии, значи совет и комисија, што би се согласил во целост и со пратеникот Јани Макрадули кој искажа дека најдобро би било доколку не се задоволни од Советот за радиодифузија, тогаш се знае дека друга институција за правда се судските институции. Затоа е многу подобро да се размислува на овој начин да се решат овие прашања. Исто така, кога станува збор за Советот за радиодифузија го имаме и членот 46 во кој се утврдува дека во текот на доделување на разни дозволи за радио и телевизиски сервиси исто така треба да го имаме предвид фактот и за етничките заедници за да се внесе и етничките заедници за да се опише реалноста во земјава иако не е добро секогаш , мило ми е што пратеникот Јани Макрадули го спомна ова прашање дека во последно време забележувам дека само етничките заедници кои не се во мнозинство секогаш да споменуваат за правичната застапеност што е уставна рамка и нешто друго што се бара од нас. Значи, треба да го отстраниме овој менталитет, значи етничките заедници да бараат нешто и мнозинството го дава, или не го дава ова. Ние треба да изградиме нова реалност, една реалност каде ќе се одрази реалноста на општеството кое сакаме да го изградиме како мултиетничко општество.

Сега ќе говорам што претставува едно значајно подглавје, кое претставува јавниот сервис, а тоа е МРТВ. Мило ми е што имаме многу новини во ова поглавје кои претставуваат една нова реалност за овој јавен сервис кој знаете моментално во каква состојба се наоѓа, разгледувајќи ги претходните извештаи во текот на трите минати години, но кој звештај доаѓа веднаш по овој закон кој ни е на дневен ред, а на дневен ред ни е денеска и Извештајот на МРТВ.

Добро е во членот 117 се дефинирани телевизиските канали каде се утврдени првиот и вториот канал и воглавно третиот канал, како што знаеме сите е собраниски канал на Република Македонија .Јас во целост ќе се согласев со членот 117, но и со 5-от параграф на овој член каде се утврдува дека МРТВ ќе емитува и во сателит, за што се согласувам во целост. Но, од самиот факт дека досега емитувањето на сателитскиот канал во МРТВ имаме емитувања само на македонски јазик, јас би сакал овде иако не се споменува на кој јазик ќе се емитува, ако се спомене само во иднина би сакал да ја претставува реалноста на мултиетничкиот состав на Република Македонија бидејќи се знае дека имаме многу сограѓани кои работат во разни земји во Европа, значи тие не им припаѓаат само на една етничка заедница туку им припаѓаат и на другите етнички заедници. Би било добро во сателитскиот канал да се пренесува и на јазикот на другите етнички заедници со една одредена пропорционалност каде сите граѓанани на Република Македонија кои моментално се наоѓаат во разни земји во Европа да имаат можност од поблиску да се информираат, бидејќи го имаат тоа право во однос на Република Македонија и на нивниот мајчин јазик.

Понатаму, во членот 126 се говори за предвидените органи на МРТВ каде Сиветит на МРТВ, потоа Управниот одбор на МРТВ и извршниот директор на МРТВ.

Сите знаеме на каков начин функционира Макдонска радио-телевизија, директор и заменик директор на Макдонска радио-телевизија, не знам зошто предлагачите, сигурно мислат преку донесувањето на Статутот на Макдонска радио-телевизија да воспостават нешто. Но, со самиот факт дека нешто такво функционираше до сега, може да се рамислува и во друга насока да имаме и заменик директор на Макдонска радио-телевизија.

Доаѓаме и до Советот на Макдонска радио-телевизија составен од 21 член, каде повторно би ги кажал забелешките што ги имавме околу составот на Совет за радиодифузија, тука доаѓаат до израз и во овој Совет. Членовите се наредени на таксативен начин, кој ќе биде предлагач за идни членови на Советот на Макдонска радио-телевизија. Тоа се: Универзитетот "Св.Кирил и Методиј", Тетовскиот универзитет, УЈИЕ, Сојузот на пензионери, Здружението на пензионери, понатаму единицата на локалната самоуправа, Олимпискиот комитет, мнозинството Здружение на новинари, Економската комора итн., потоа Факултетот за драмска уметност, за ликовна уметност, Музичката академија итн., Здружението на писатели. Доколку ги увидиме ќе видиме дека освен двајца кандидати што можат да бидат од другите етнички заедници, тој на Тетовскиот универзитет и на УЈИЕ, мило ми е дека се опфаќа, на пример академската област, но би било добро да се опфатат и неколку други невладини здруженија што би можеле, според мое размислување да го дадат својот придонес во Совет на Макдонска радио-телевизија.

Мило ми е што, исто така за прв пат, кога се говори за овој дел на јавниот сервис, се опфаќа и категоријата на двојно мнозинство за неколку клучни прашања во Советот на Макдонска радио-телевизија што е уставна категорија, а што отсуствуваше до сега во Макдонска радио-телевизија, каде имаме неколку точки, во ставовите 3, 4, 6 и 9, се опфатени во овој механизам на двојно гласање или двојно мнозинство. Ова секако ќе го поздравам. Сепак, можам да забележам дека неколку други точки ова не е дадено, па би било добро да се размислува за донесување на Програма за натамошен развој на Макдонска радио-телевизија, што секако треба да се има предвид, да ги имаме предвид и другите заедници што не се мнозинство во Република Македонија.

Земено во целост, за неколку забелешки за кои што размислуваме дека можеме да придонесеме во подобрувањето на текстот на овој закон, на крајот би сакал да нагласам дека Парламентарната група на ДУИ ќе го поддржи овој предлог за донесување на закон.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Рустеми.

Збор има пратеникот Тромбев Томе. Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Дозволете ми најнапред, да кажам дека е многу тешко да се зборува после толкав број на дискутанти што ги искажаа своите мислења по овој Предлог на закон, но дозволете ми и јас да го кажам моето мислење по поодделни делови на законот. Денеска, добар дел од пратениците, повикувајќи се на Комисијата за транспорт и врски го кажаа и ставот на комисиијата. Така што како претседател нема да се задржам на ставот на Комисијата за транспорт и врски.

Би сакал да започнам со честитка кон министерот кој имаше храброст да го извзди овој закон конечно од министерската фиока, бидејќи веќе три години од моментот кога почна да се изработува, сум контактирал со голем број министри, сум контактирал со голем број меѓународни експерти, меѓутоа никогаш законот за радиодифузија не се најде на седница на Собранието.

Сум разговарал со нив, самиот закон да ја почне постапката, бидејќи сега ја почнуваме и ова е Предлог за донесување на закон каде што утврдуваме потреба дали имаме потреба да донесеме нов закон. Меѓутоа, никој не го извел тој закон, а еве денеска,конечно го имаме на Собраниска седница, каде што веднаш да кажам, неспорна е потребата од донесување на нов закон за радиодифузна дејност.

Законот за радиодифузна дејност е тесно поврзан, целиот овој сектор, со глобализацијата. Во рамките на Европската комисија, креирајќи го внатрешниот пазар, медиумите се сметани за стопанско богатство.

Голем дел од стопански независните сектори, медиумите, информатичко општество, информатични технологии, телекомуникации, тие сите конвергираат, знаеме и сами ние, често добиваме и телевизија на интернет итн., итн., се спојуваат во дигитално доба. Оваа информатичка технологија и самата радиодифузија се длабоко поврзани се процесот на глобализација. Впрочем, влилјанието на телевизијата е огромно. Затоа, аналитичарите се согласни дека настаните во Источна Европа од 1989 година немаше да се случат на начинот на кој што се случија, да не постоеше телевизијата.

Многу е извесно дека во наредниот период, Законот за електронска комуникација, подоцна и Законот за радиодифузија ќе конвергираат и ќе имаме само еден закон. Меѓутоа и потребата за донесување на нов закон, значи демократизирање на демократијата, веќе воспоставена со претходниот Закон, како што кажаа некои претходни дискутанти, а и самиот министер во неговото вчерашно излагање, дека ова претставува додемократизирање во оваа дејност.

Македонските електронски медиуми во претходните години поминуваа, воглавном, низ две фази. Можете да најдете различни дефиниции во различни медиуми, меѓутоа воглавном во две фази. Првата фаза е од независноста до 1997 година, до донесување на Законот за радио дифузна дејност. Во тој период имаше хаос во радиодифузијата. Се основаа околу 300 радиодифузни друштва и беше многу тешко работењето во оваа сфера без некој прецизен закон што го регулира нивното работење. Потоа, втората фаза што има свои потфази и втората фаза што почнува 1997 година и трае до денеска, каде се отпочна со легалното работење од донесувањето на Законот и од оние воспоставени норми што тој ги пропиша. Кажав и претходно во оваа втора фаза можете да најдете и повеќе потфази. Од 1997 до 1999 година, па од 1999 до 2002 година, па после 2002 година. Меѓутоа, тоа е втора, генерална фаза и еве, веќе присуствуваме на почеток на третата фаза во развојот на електронските медиуми во Република Македонија.

Законот од 1997 година имаше една и основна цел. Основната цел беше да се среди хаосот во етерот, како што кажа, поради постоење на околу 300 диви радиодифузни друштва од кои што после донесувањето на законот и еве до ден денес, постојат и егзистираат 160 радиодифузни друштва, бројка што претставува рекорд во европски рамки.

Меѓутоа, тој закон ги исцрпи сите позитивни страни и тој во денешните услови не овозможува развој и услови за фер и лојална конкуренција. Затоа се јави потребата да се направи нов закон уште при крајот на 2000-та година, што ќе овозможи развој во овој сектор и услови за лојална конкуренција. Се разбира, сето тоа поттикнато од нови технологии и начини на пренос на програмите на радиодифузните организации.

Во истиот тој период, до денеска, се јавија повеќе проблеми со кои што се соочуваше праксата. Јас би набројал, на кратко само три.

Првиот проблем беше финансирањето на јавниот радиодифузен сервис.

Вториот проблем е неможноста основачите на радиодифузни организации да основаат повеќе медиуми, медиумската концентрација, правилата беа ригорозни за основање на радиодифузни друштва.

Третиот проблем е правната несигурност на радиодифузната дејност, особено продуцирана од недефинираноста на ингеренциите на Советот за радиодифузија и досегашната управа за телекомуникации, сега Агенција за електронски комуникации. Затоа се јави потреба да се направи нов, развоен закон што ќе создаде услови за лојална и фер конкуренција.

Во претходниот период, знаете и сами, имавме два упади од страна на ВМРО-ДПМНЕ кога доставија во ова Собрание два различни закони за радиодифузна дејност, на што и ние, како политички партии во ова Собрание кажавме дека има потреба, меѓутоа дека се работи друг закон и дека тие закони што се предлагаат не беа соодветни на потребите што се налагаа во тој момент.

Еве, конечно имаме закон што Владата, почитувајќи го општиот интерес, се откажува од бенифициите што ги има со претходниот закон и востановува други правила на игра.

Но, што е она што овој текст го прави подобар од Законот од 1997 година? Најнапред, имаме неколку обврски што треба да ги испочитуваме при донесувањето на овој закон.

Особено, тука е Спогодбата за стабилизација и асоцијација, и членот 94 со кој што член сме обврзани да ја сообразиме нашата политика со аудиовизуелната политика на Европската комисија. Потоа, Директивите на Европската Унија "Телевизија без граници", Конвенцијата за прекугранична телевизија, што ова Собрание во 2003 година ја ратификува и голем број декларации и препораки на Советот на Европа што во претходниот период при различни извештаи, дали извештаите на Советот за радио дифузија или извештаите на Јавното претпријатие Макдонска радиотелевизија или предлозите на закони што беа, ние го кажувавме и укажувавме зошто во тој период некои решенија не се соодветни на законот.

Меѓутоа, исто така, во новиот закон се вградени и искуствата на практицирањето на Законот за радиодифузна дејност од институциите што работеа со овој Закон во изминатите осум години.

Како што кажав, на овој закон е почнато да се работи при крајот на 2002 година, особено беше транспарентен процесот на изработка. Покрај таквиот процес на изработка беа направени три експертизи од експерти на Советот на Европа и Европската комисија и забелешките во повеќе наврати беа имплементирани.

Кои се овие промени што се воведуваат во законот и самиот закон го прават новина. Би сакал да ги потенцирам воспоставувањето систем на дозволи, наместо сегашните концесии, со што се обезбедува независност и пофлексибилен регулаторен режим. Меѓутоа, тука би сакал да апострофирам дека се намалуваат надоместоците за дозволи за емитување на програми, досегашните концесии и телевизиите на помалку од 15%, а за радијата и до 4 пати.

**Љупчо Јордановски:** Господине Тромбев вашите 10 минути истекоа. Уште пет минути. Ми ветивте.

**Томе Тромбев:** Господине претседателе, би ве замолил.

**Љупчо Јордановски:** Продолжете.

**Томе Тромбев:** Исто така, попрецизно се определуваат обврските на јавниот радиодифузен сервис, потоа надлежностите на Советот за радиодифузија се дефинираат според

Европските стандарди, за регулаторни тела, потоа се отвора еден нов процес за емитирање на програма на регионално ниво од локалните радиодифузни друштва, многу е подефиниран надзорот на спроведување на Законот, програмите се усогласени со Европските стандарди, многу е пофлесибилен режимот на медиумска концентрација, досегашниот дуален систем, јавен радиодифузен сервис и комерцијален сектор, се воведува и трет сектор, тоа е непрофитни радиодифузни установи и на крајот се воспоставува легална рамка за трансформација на јавниот радиодифузен сервис.

Според мое мислење, има прашања што во наредната фаза треба да се регулираат и ценам дека во оваа можност би било добро да дадам свое мислење, единствено за уточнување на самиот закон во наредниот период.

Еден од најголемите проблеми, како што кажав, што го следеше обавувањето на оваа дејност е финансирњето. Имено, согласно Протоколот кон Договорот од Амстердам од 1999 година, секоја држава слободно го избира системот на финансирање на јавниот радиодифузен сервис.

Исто така, Република Македонија има обврска да гради јавен радиодифузен сервис. Оттука, многу е потребно во Република Македонија да се воспостави систем на финансирање што ќе биде предвидлив, ќе биде континуиран и што секој месец ќе носи средства од кои што Јавното претпријатие за радиодифузија и Советот ќе можат да ги планираат своите активности.

Многу е тешко да планирате активности, а секој месец да добивате различни средства врз кои што се нарушува тој план, така што на крајот на краиштата и нема никаков план. Ние, имавме конкретен систем, до сега, за наплата на радиодифузна такса врзан со електричната енергија. Тој е имплементиран и во овој закон, меѓутоа не мислам дека е најсреќното решение. Не само што не мислам дека е најсреќно решение, убеден сум дека тоа решение е сосема погрешно. Јас бев човекот кој тука го бранеше претходниот начин, таков, на финансирање. Меѓутоа, сега сум убеден дека тоа, после толку години навистина не успеавме да го направиме онака како што треба.

Ако сакаме јавен радиодифузен сервис со кој што сите ќе се гордееме, треба да направиме финансирањето да е извесно и континуирано.

Второ од прашањата за Советот за радиодифузија, господинот Јани Макрадули се обрати на оваа тема, но ние иако сме сопартијци, очигледно дека немаме исти став во ова прашање. Можеби ќе се приближиме со ставовите, меѓутоа во овој момет јас би сакал нешто друго да кажам.

Јас не сум за варијантата Советот за радиодифузија да ја има оваа ситуација каде што има платен претседател и заменик претседател, а другите волонетри. Јас ценам, бидејќи во самото законско решение сите се волонтери и се воспоставува дирекно на службите и помое лично мислење ќе биде главната личност околу креирањето и работењето на Советот за радиодифузија. Во тоа сум убеден, а во тоа ме убедува и моето досегашно животно искуство. Меѓутоа, мислам дека поодбор би било тука да имаме целосно професионален состав на сите членови на Советот за радиодифузија бидејки ова е прв пат да имаме мешовит цивилно политички начин на избор на членови на Советот за радиодифузија од кој што има и овластени предлагачи, кој што систем на овластени предлагачи во Србија доведе до проблем, меѓутоа не мора да значи дека во наши услови таквиот систем ќе предизвикува проблеми.

Проблемот што постојано се истакнува дека во Србија е укочен системот на Советот за радиодифузија не е толку од овластените предлагачи, колку што е системот на избор. Таму треба двотретинско мнозинство за да се избере член на Совет за радиодифузија, кое штоп дополнително ја отежнува целата ситуација.

Една од дилемите која што претходно предизвика доста полемики беше прекино тна мандатот на постоечкиот Совет. Јас лично не мислам дека тоа е едно од најдобрите решенија, некои од дискутантите кажаа, го кажаа и примерот со Бугарија каде што во три наврати се менвуаше Законот за радиодифузија, како која политичка гарнитура доаѓаше на влст се само да се менува Советот за радиодифузија и да се наметне влијанието врз креирањето на оваа многу, многу значајна дејност.

Тука самите овластени предлагачи не знам зошто во последен момент изваден е претседателот на државата и се согласувам со мислењето на некои од дискутантите дека претседателот на државата како институција која што сега можеби е институција која што е произлезена од претставникот од таа институција, произлезена е можеби од парламентарното мнозинство, т.е. од партијата која што го води парламентарното мнозинство,меѓутоа ние не треба на тоа да робуваме бидејки во некој друг мандат можеби ќе се менуваат и тие соодноси. Така да ценам дека како врвна институција во оваа држава сепак треба да си најде свое место во предлагачите во листата на овластени предлагачи.

И уште една битна работа околу регистарот на претплатниците, кои што во ова законско решение е впишан регистарот на претплатници од главниот радиодифузен сервис да го води Советот за радиодифузија за мене изгледа малку нелогично. Која е логикта едно независно регулаторно тело да го води регистарот на претплатници на јавниот дифузер. Контра прашање, зошто не би го водел и регистарот на комерцијалните телевизии ако ги има. Така да ценам дека најдобро би било регистарот на претплатници пак да се врати во Македонската радио-телевизија, таа да го види тој регистар, се разбира да се приалгодат и финансиските средства кои ќе се оделуваат за таа работа.

Исто така едно од прашањето кое што е поврзано со Советот за радиодифузија е комисијата за поплаки од областа на радиодифузијата, која што е сместена во Советот и сега иамаме решение со кое што Советот носи решение, а правото на жалба е во некоја комисија која што е при Советот на радиодифузија. Малтене тоа би дошло " Кадија те тужи Кадија те суди". Ценам дека решението што го кажуваше јани Макрадули, кое што е согласно и со препораките треба да оди така. Второстепената постапка кај нас согласно Уставот може да оди во судска постапка.

За јавниот радиодифузен сервис веројатно ќе имаме можност да зборуваме и по Извештајот,меѓутоа уште пред 35 години јавниот радиодифузен сервис беше и единствениот радиодифузер на просторите на цела Европа и во светот. И ден денес игра многу важна улога и затоа ја извршува успешно својата мисија. Многу е битно адекватно финансирање. Нема да се навраќам назад на финансирањето, бидејки претходно зборував, меѓутоа многу е битно финансирањето да биде адекватно решено. Се воведува тростепен начин на управување, меѓутоа кај јавниот радиодифузен сервис можеби треба да се преиспита одлуката за намалување на бројот на програмските сервиси на македонски јазик.

Моментално Македонската радио-телевизија не може да ги користи функциите на јавниот сервис. На едниот е етничките заедници, на другиот е македонските инфорамтивни емисии кои што ценам дека многу тешко може да ги обави своите функции онака како што треба согласно европските препораки.

Од друга страна можеби би било интересно и можно да се разгледа и решението јавното претпријатие да се организира како јавна радиодифузна установа но тоа го оставам до можноста заради независноста на самиот предлагач тоа решение да го разгледа. Тука според мое лично мислење би го поставил и преиспитувањето на целодневниот парламентарен канал кој што треба да се испита.

Исто така сметам дека во законот треба да се најде и да се дефинираат организационите целини на МРТВ, а тоа се радиото и телевизијата како два одделни медиуми со свои специфики.

Друго, битно прашање се локалните јавни радиодифузни претпријатија кои што едноставно во овој Предлог на закон немаат свои статус. Имено, не е јасен статусот на локалните радиодифузни претпријатија и сметам дека во самото решение многу битно е да се најде експлицитно решение на законската форма на трансформација на локалните јавни радиодифузни претпријатија. Дали ќе бидат установи, дали ќе бидат претпријатија, дали во крајна линија еден метод што се заговара како профитни установи треба да се дефинира, меѓутоа сепак ценам од моит еконтакти кои штокако претседател на Комисијата за транспорт и врски ги имав со голем број на ексепрти кои укажуваат дека тие не можат да останат како јавни сервиси во локалните самоуправи, ценам дека едно од решенијата е тие да влезат во корпусот на македонската раадио-телевизија како регионални центри, а дел од нив веројатно и да се приватизираат. Сигурно затоа што Македонската радио-телевизија планира да прави регионални центри, аовие и некогаш биле регионални центгри на Македонската радио-телевизија.

Во самиот закон, во членот 179 се задолжува Советот да ја анализира состојбата и да предложи решение за јавните локални радиодифузни друштва, меѓутоа, уште еднаш укажувам дека тука треба да имаме експлецитно решение, а не после некаква анализа која што ќе додје по усвојувањето на законот да се бара решение за локалните радиодифузни друштва.

И едно од прашањата кое што денеска апсолутно ни еден од дискутантите не го покрена, а сепак ценам дека треба да се покрене е востановување на контра развој на електронски медиуми.

Ние ваков фонд имавме во рамките на Советот за радиодифузија. Тој фонд во сите претходни години извади една голема продукција на оригинални дела, дела со кои што се штити културниот идентитет на граѓаните на Република Македонија односно различни етнички заедници, различни творештва, меѓутоа ценам дека во наредниот период ваквиот фонд треба да постои и апсолутно постоењето на ваков фонд не е спротивен на Европските конвенции и на евроспките стандарди. Така да наше право е дали и кога ќе основаме ваков фонд.

Јас ценам дека ваков фонд треба да имаме во законот за радиодифузна дејнсот, бидјеки повеќе пати тој беше баран од различни асоцијации.

Исто така многу е битно во овој закон да се пропишт околу 20 до 30 членови со кои што ќе се уреди овој фонд и тоа да биде отворен за сите автори и продуценти. Управувачката структура да биде избрана и регулирана со закон. Сите критериуми врз основа на кој ќе се распределуваат средствата да бидат пропишани со самиот закон. Процедурите за аплицирање на средства исто така да бидат пропишани, како и контролните механизми и механизмите на отчит на тие што конкурираат спрема самиот фонд на медиуми, а исто така и на фондот спрема јавноста.

Исто така да се разработи принцип за здужување на средствата и да се најдат извори за финансирање на фондот кој што е многу можно да бидат и од самата радиодифузна такса и од начинот на финансирање на јавниот радиодифузен сервис и на Советот за радиодифузија.

Има еден дел кој што можеби треба да се преразгледа и да се корегира, а тоа е длеот за јавниот оператор за пренос на радио и ТВ сигнали.

Успешното решение е обезбедена монополската положба на ова јавно претпријатие, па можеби со некоја одредба малку да се олабави таа позиција на јавното претпријатие.

Во однос на програмските стандарди сметам дека треба да се разгледа од аспект на заштита на културниот идентитет,одредбата за музичките квоти не е вградена и одредбата на минимум процент музика од домашни автори изведувачи на телевизија.

Со одредени корекции од домотехнички, правно-техничка конзистентност и јазичко и терминолошко уредување сметам дека ќе имаме добар закон. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Повелете три минути за реплика господине Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине потпретседателе.

По се изгледа малку не се разбравме па да појаснам за тоа што сакав јас да го кажам и она штоајс го застапувам како став.

Во Македонија малку институции во изминатите 15 години од транзицијата добро и ефикасно работеа. Советот за радиодифузија е една од тие и моделот по кој што работи е добар модел, но не е македонска иновација, туку е согласно препораките на Советот на Европа дека тоа е експертско колегијално тело кое се состои од членови кои се постојано вработени, а дел добива надоместок за работа. Никогаш не сум се залагал за волонтерска работа бидјеки тоа не еноси резултат, но во услови ког апретседателот и неговиот заменик се постојано вработени и се во перманентна комуникација со Стручната служба и дневните активности се покажа како ефикасен модел. Останатите членови на Советот како експерти можат да бидат ангажирани, за што треба да добијат свој надоеместок, а и со новиот Закон за работни односи имаме можност тие експерти да бидат ангажирани не само таму, туку и на друго место и на тој начин ќе добиеме многу поголем квалитет во составот на членовите на Советот за радиодифузија.

Мислам дека досегашната пракса тоа го покажа, наиде на позитивни оценки од релевантни институциине само кај нас туку и од меѓународните организации. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Тромбев една минута повелете.

**Томе Тромбев:** Накратко сакам да укажам на господинот Макрадули дека и јас сметам Советот до сега навистина перфектно си ја одработуваше неговата работа, меѓутоа согласно препоракит ена Советот на Европа, членовите на Советот треба да се на еднакви рамништа. Оттука произлегува дека сите тие или треба да бидат надвор од институцијата, или треба да бидат вработени. Ние имаме еден пример на Агенција за електронски комуникации каде што сите членови на Комисијата се вработени. Јас само го пласирав тој пример. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемаил Мехази.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемаил Мехази.

**Џемаил Мехази:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници.

Најнапред би сакал да ви се заблагодарам на денешните дискусии. Тие за нас во Министерството се од непроценлива важност за довршување на овој законски текст. Во таа смисла би сакал уште еднаш да истакнам дека она што за нас беше најбитно во оваа фаза е да го провериме концептот на овој законски тескт пред вас.

Исто така ме радува господа пратеници што сериозно го анализиравте законот од повеќе аспекти.

Министерството е подготвено во понатамошната доработка на законот да вгради дел од забелешките на пратениците, но сепак би се осврнал на одредени прашања покренати од некои пратеници.

Прво,во членот 5 од законот кој ја одредува јурисдикцијата на Република Македонија врз радиодифузните субјекти во целсот е преземен од Конвенцијата за прекугранична телевизија со терминологија и во облик како што е верификувана од ова Собрание и официјално објавена во Службен весник.

Второ во системот на овластени предлагачи нема да биде напуштен од Министерството, затоа што и покрај можноста да се искомлицираат постапките неговата предност е што претставува независен избор на советници во согласност со препораката на Советот на европа за независност на радиодифузните регулаторни тела.

Исто така потполно ја разбирам загриженоста на одреден дел на пратениците за домашното творештво.

Ако внимателно се погледаат дефинициите од законот ќе се види дека европската квота ги содржи и домашните и алвидуелните дела.

Ако вниамтелнос е анализира експертизата на Европската унија ќе се види дека сите типови на квоти, освен Европската и јазичната ќе се сметаат за повластици кои го нарушуваат единствениот европски пазар и дека инсистирањето на Македонија на вакви квоти, потенцирам, може да го доведе во прашање интегрирањето на Македонија во Европската унија.

Со сета должна почит кон загриженоста кон културниот идентитет сметам дека тој со понудените законски решенија не само што се обезбедува, туку се исполнуваат и европските барања.

Исто така би сакал да истакнам, дека воведувањето на директор во Советот за радиодифузија има за цел да ја изедначи позицијата на сите советници во Советот. Тоа е

предуслов за одлучување на Советот како колективно тело.

Во таа смисла, освен техничкото водење на седниците, претседателот и заменикот претседател се изедначуваат со останатите советници, се разбира за рамноправност на одлучување во колективно тело.

Би сакал да напоменам дека програмските стандарди, рекламирањето, спонзорството се потполно усогласени со европските стандарди и со Конвенцијата, која бидејќи сме ја ратификувале ќе мора и да ја почитувме.

Главата за финансирање, на која имаше доста забелешки, Министерството ги прима забелешките од ваша страна и истата ќе биде преработена. Како што веќе истакнав во воведното излагање, ќе биде преработена за да се усогласи и со барањето на Европската унија. Во таа смисла, сите опции се отворени и може да се случи да се појави како решение друг модел на финансирање. Во овој дел и вашата помош во изнаоѓање на најдоброто решение би била од голема корист.

Почитувани пратеници, Министерството за транспорт и врски ќе ги земе предвид сите ваши забелешки и коментари искажани денес и преку Секторот за европска интеграција на Владата веќе се прават подготовки за повикување на еминентни експерти од Советот на Европа и Европската комисија, за да ни помогнат во дозавршувањето на овие законски проекти.

Се надевам дека следниот пат кога законот ќе се најде на пленарна седница на овој Парламент многу од досегашните прашања ќе бидат затворени. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам министре.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за радиодифузна дејнсот.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за радиодифузна дејност, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Предлагач на 16-та точка е МРТВ.

**Минуваме на точката 16 - Извештај за работата на Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија во периодот мај 2004-мај 2005 година.**

Извештајот на МРТ и извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор директорот на МРТ, госпоѓа Гордана Стошиќ.

**Гордана Стошиќ:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, јас подготвував едно подолго воведно излагање, но тоа сега ќе биде многу покусо, бидејќи она што можам да го кажам и што стои во овој Извештај за работата на МРТ е извештај за последиците од се она за што се дискутираше по повод донесувањето на новиот закон за радиодифузија. Апропо загубата, апропо исклучително тешките услови во кои работи МРТ, јас ќе кажам само една бројка, а тоа е дека од денот кога профункционирал законот, односно кога е донесен, бидејќи функционирал не би бил точен збор, бидејќи постојниот Закон за радиодифузија како и да не е на сила, недостигаат односно не се собрани 3.388.750.155,00 денари, ова е со состојба на 30 јуни, што требале да пристигнат во МРТ и никогаш не пристигнале. Да функционирал Законот и да се собирала радиодифузната такса, веројатно, не веројатно туку сигурно ќе сме имале јавен радиодифузен сервис што работи без загуби, што бележи развој и што има апсолутно поинаква судбина и сегашност, а уште повеќе и иднина, отколку што тоа го има во моментот.

Бидејќи многу често се споредуваме, најмногу сакам да се споредуваме низ бројки, како пример за условите во кои работи македонскиот јавен сервис кој е основан од ова Собрание и каква му е шансата на европскиот пазар и во конкуренцијата со она што се европски јавни радиодифузни претпријатија, нема да го користам примерот на ББС, бидејќи за ББС истата личност која што ја цитираше и почитуваниот пратеник Макрадули вели дека ББС е само фандинг, фандинг, значи дотации, дотации и затоа врши таква функција за државата која што и треба, но да се споредиме тука на регионот. Минатата година Хрватската радиотелевизија имала 140 милиони евра приход, работела со толку. Одиме поблиску, Бугарската телевизија, таму се одделно радиото и телевизијата, телевизијата имала 27 милиони евра приход за создавање програма, само телевизијата. Радиотелевизија Србија имала 35 милиони евра приход. Македонската радиотелевизија, почитувани пратеници, имала приход од 10 милиони евра, односно 10.200.000 евра. И тие три јавни радиодифузни сервиси што ги спомнав, МРТ платиле и емитувале Олимпијада, ние десетина проценти пониско бидејќи сме помала држава, помало гледалиште.

Значи сме платиле и сме емитувале Олимпијада, сме платиле и сме емитувале Лига на шампиони, учествуваме во европската размена и ги плаќаме ратите и учествуваме и правиме се она што би требало да прави еден јавен сервис. Директна последица на сите овие финансиски дубиози, кои не се од вчера, кои не се од завчера, кои траат деценија, е: многу последици има. Прва жртва, така е најлесно, да се скратуваат или да се стеснуваат или да им се одложува реализацијата на правата на вработените. Тие први страдаат кога мора да се прават рестрикции. Второ е, апсолутно немање на планиран развој, ниту пак можност да се прави план за работа или за развој, бидејќи месечниот приход е непредвидлив. Тој во април беше 51 милион, а до денес е 38 милиони денари. Значи втората последица е тоа што кога ќе превземете обврски, ако немате доволно пари да ги реализирате, ќе плаќате и камати во идните месеци, значи нови задолжувања, а најголемата последица и тоа е најстрашната последица, страда програмата. И онака како што констатираме на првата страница на Извештајот јас сакам и овде гласно да кажам, детерминирачки фактор на создавањето и производство на програма во МРТ е : колку можеме да си дозволиме, не тоа што планираме, не тоа што сметаме дека треба да го има на програмата, туку она колку што можеме да поднесеме да платиме. Тоа е апсолутно лош детерминирачки фактор и фактички отсуство на уредувачка политика, бидејќи цело време стратегијата е да се преживее, да се исполни некоја квота, да се направи минутажата што е потребна за да ги задоволи стандардите, а никако не можете да спроведете квалитет. Постојат некои ограничувачки фактори во вид на некои закони, а на тоа укажуваат сите европски институции, треба да ја изземат МРТ од одредени норми и закони кои важат за сите јавни претпријатија без исклучок. Јас верувам дека тоа ќе се случи со новиот закон за радиодифузија, посебно во делот кој говори за финансирање, меѓутоа, навистина ценам дека нема потреба повеќе да го задржувам вашето внимание. Јас би завршила тука. Претпоставувам дека ќе имате прашања и ние би ги одговориле.

На крајот само неколку работи да кажам, кои беа поставени како прашања во дискусијата по претходната точка. Апропо аудиовидео документацијата ние конкурирвме, а таму во извештајот пишува и тоа е нов елемент што сакам да го кажам во извештајот, за да нема после недоразбирања дека не сме кажале точно. Да, ние конкурирвме за проглсување и давање статус на аудиовидео документацијата за национално богатство, исто како и за прогласување на МРТ за институција која е задолжена да го чува националното богатство. За жал, не сме прогласени за таква институција. За видео архивата, институција која што треба да ја чува е прогласена Кинотеката, за фонотечните записи Универзитетската и Народна библиотека, што значи ќе треба и тука да има промени во законот за радиодифузија кога ќе се носи. И тука има една техничка грешка на страница 11, состојбата на обврските кон вработените не датира од 31.12.2003, туку од 31.12.2002 година.

Јас ви се заблагодарувам, во инерес на времето толку би кажала.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Стошиќ.

Има збор пратеникот Шајноски Драго.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Зборував на Комисијата за транспорт, врски и екологија за оваа тема и еве на оваа седница на Парламентот сакам да го искажам својот став по Извештајот за работата на МРТ. Извештајот за работата на МРТ беше пофален од многу дискутанти и при одржувањето на седницата на Комисијата беше речено дека бил исцрпен и најдобар од малкуте до сега што пристигнале. Дали намерно или не, не знам, но тие заборавија на суштината. Заборавија дека не е битен само квалитетот на Извештајот, туку значењето на констатациите и бројките во него. Заборавија дека државата не плаќа пари во МРТ за директорот да напише убав извештај, туку да не прави загуби кога веќе не можеме да сонуваме за профит. Значи тоа што Извештајот е стручно и квалитетно изработен не треба да ни го помати умот и да заборавиме што треба да оценуваме, квалитетот на Извештајот или работата на МРТ. Откако постои МРТ, се слушаат истите приказни: фирмата е во фаза на реформи од најразличен тип, дека тешко се собира таксата за радио и телевизија, дека фирмата е во тешка материјална положба и што е најважно за некого, но не и за сите, дека не смееме да дозволиме фирмата да пропадне, бидејќи била од поширок национален и државен интерес. И секоја година истото, пак истото. За да се реши овој многудецениски проблем, сметам дека се потребни радикални мерки, а не формални реформи и разно разни шминки. Конечно треба по овој јазол наречен МРТ да се удри со меч, а не да продолжуваме рачно да го одврзуваме. Оваа куќа треба еднаш да сфати дека за да живее треба да работи и да сработи, а не да стои врзана со папочна врвца за државата.

Затоа, предлагам МРТ да се приватизира, како што приватизиравме фирми од многу поголем национален и државен интерес. Во исто време, покрај приватизацијата предлагам да се укине претплатата за радио и телевизија, со што ем народот, ем државата, секој на свој начин ќе се ослободат од по еден арач.

Друга причина заради која сметам дека треба да се приватизира МРТ е што таа секогаш постанува, односно се преобразува во сервис на партиите на власт, а не на државата, со што ја губи улогата за која е платена од народот. За доказ земете денес, гледајте и слушајте вести на сите ТВ станици. Од тие вести што ќе ги слушнете од МРТ ќе заклучите дека се однесуваат за друга држава, а не за онаа за која зборуваат приватните ТВ станици. МРТ зборува и

прикажува една земја на рајот, додека другите телевизии зборуваат за земја со рај во која има се, па и пекол. Безброј пати МРТ има објавено непроверени информации за настани и луѓе само по желба и налог на некој локален и државен партиец. Ги оцрнува луѓето и политичките противници на еден перфиден начин без докази и спротивно на новинарската етика. Ќе дадам само еден пример. МРТ во едногодишниот период на хајка и оценување на успешното раководство од ЕМО и српскоцрногорскиот инвеститор, објави повеќе соопштенија по налог на партиски моќници, без да ги провери информациите и без никаков доказ. Затоа, сметам дека МРТ може да се каже дака има голем придонес во она што денес е ЕМО, од фирма со пет милиони евра профит во 2002 година е фирма пред стечај. Тоа ли е вашата функција од национален интерес?! Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Три минути реплика за господинот Михајловски Јордан.

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Нема да кажам голема филозофија по повод вдахновеното и провокативно излагање на господинот Шајноски од ВМРО-Народна.

Прво, сите се согласивме дека денес донесвуаме еден револуционерен закон, со кој МРТ, а тој закон ќе го донесеме наесен, се ослободува од притисокот на државата. Целиот управувачки пакет во МРТ е самостоен, независен. Демократизација - рековме дека тој закон е револуционерен.

При додавање на вакви атрибути на Извештајот на МРТ во однос на квалитетот и нешто слично звучи многу дегутантно. Она што сакам да го кажам дека многу е симптоматично што денес ние го спротивставуваме јавниот и приватниот интерес, да сме ја уништеле МРТ граѓаните ќе се ослободеле од арачот. А, пусто турско, ќе се ослободеле од арачот!

Друго, не се согласувам со некои констатации дека со позицијата рајот и пеколот биле поттикнувани во македонското општество како некоја реалност, од другите телевизии биле давани реално, меѓутоа МРТ ја правела дискрапанцата меѓу рајот и пеколот, па го поттикнувала рајот во Македонија. Во Македонија не цутат ружи во последно време, сите знаеме, меѓутоа, колку за пример можам да кажам, а оценките доаѓаат од експертите дека информирањето во МРТ ги почитува постулатите на новинарската етика во последно време. Тоа можам да го потврдам, можат да го потврдат и други. Но за жал, она што не го сработило судството, а го апострофира телевизијата, за тоа не може да биде никој виновен, ниту ние во овој Парламент. Како наравоучение, секој со нас го носи сопствениот крст, а рајот и пеколот остануваат, за жал, за овие современи генерации на почетокот на 21 век, енигма. Тие енигми не може Македонската радио-телевизија да ги сработи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Има збор пратеникот Ѓорчев Марјан. Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине потпретседател, почитувана госпоѓо директор на МРТВ, почитувани дами и господа пратеници.

Јас ќе почнам од она што претставува вовед во Извештајот на МРТВ за работењето на нашата национална телевизија и радио мај 2003/4 година и децениската финансиска и техничко-технолошка ерозија на севкупниот заокружен систем наречен МРТВ, мене ме наведува, затоа што така почнува Извештајот, на барање одговор на суштинското прашање што е МРТВ во овој момент или што претставувала во изминатите 10 години или поточно што ние сме направиле како основач на МРТВ како Собрание да го дефинираме, пред се, нејзиното место, нејзината улога, значење и она што е најгорливо прашање финансирање на МРТВ. Одтука, одговарајќи на прашањето што е МТВ мене ми се наметнуваат 3 одговори кои што според мене во оваа деценија направија една забуна кај граѓаните на Република Македонија што е МРТВ. Дали е тоа јавен сервис и ако е јавен сервис на граѓаните на Република Македонија во делот на аудиовизуелната информација, дали таа ќе биде факт или играна серија или документ како документарна програма дека Информацијата за МРТВ не е само пари, туку дека Информацијата е едукација на македонските граѓани дека Македонија е држава, пристојно место за живеење и отворање перспективи презентирање на Македонија таква каква што треба да биде. Но, очигледно не е така. Значи МРТВ не е јавен сервис и тогаш се наметнува прашањето дали е тоа владин сервис каде што МРТВ во разни политички коалициони влади брани одредена владина политика и при тоа во функција на спроведување на одредени проекти, како што е Рамковниот договор, задолжена е и на штета на своите изборни би рекол приходи да спроведува владина политика, бранејќи ја повторно улогата на она што претставува сега веќе јавен сервис преточен во една друга димензија , преку извршната власт.

Трето, дали МРТВ е сервис на владините сервиси, затоа што во Република Македонија се дадоа многу концесии на многу телевизии и при тоа МРТВ своите, пак би рекол, изворни права еворвизиски преноси, унилатерали кои и што припаѓаат како национална куќа, заради делењето на концесиите е принудена во тој дел да стане неактративна телевизија, да стане телевизија за која што се говори како за проект руинирана фабрика и при тоа да ги губи и гледачите и зачестеноста на гледањето на емисиите и во тој поглед да страда програмки, да страда во продукцијата, да страда во техниката. А, другите телевизии необјасниво, приватните

телевизии кои што добија дозволи да стават репетитори да го користат етерот во делот на Информацијата, бидејќи за нив Информацијата е пари ги земаат веќе обучените, а најмногу се цени според мене во Македонија и од сите меѓународни претставници во Македонија обученоста на македонскиот кадар. Нашето најголемо богатсво се македонските луѓе, па и во делот на новинарството. Ако погледате кој се работи во тие други владини сервиси односно сервиси кои што добија концесии, ќе видите дека тоа се кадри обучени во МРТВ. Тоа таа телевизија го плаќала своевремено и сега наеднаш приватните телевизии се профитни, тие работат со профит, тие имаат добар маркетинг, тие имаат добра програма, а МРТВ што претставува национална куќа оди назад и тука сега се поставува прашање се обвинуваат директори, се обвинува начинот на раководење, се обвинува начинот на управување и сето тоа доведува до тоа ние како основачи да донесеме еднаш конечна одлука што треба да биде МРТВ. Јас заклучувам дека МРТВ треба да биде јавен сервис на граѓаните на Република Македонија каде што информацијата не е само пари, туку едукација на македонскиот граѓанин за достигнатиот степен на развој на Република Македонија во даден простор и време. Ако така ја поставиме работата, тогаш ќе видиме дека ние како Собрание не сме си ја завршиле нашата работа,затоа што во текот на овие 15 години видовме многу приватизациони процеси кои што се одвиваа во Република Македонија, многу чистења на биланси на претпријатија загубари. Ќе споменам само едно банкарско претпријатие кое што се викаше Стопанска банка каде што Република Македонија се награди во два наврати во 1995 и 1999 година со 500 милиони долари чистење на билансите на Стопанска банка во делот на економијата или други претпријатија во делот на културата, во делот на сите области на живеењето. А, за МРТВ ние констатираме кумулирање на загуби и никој нема храброст па дури ни Собранието кое што е основач на таа куќа да пресече и да каже дека МРТВ конечно да си најде своето место како јавен сервс во Буџетот на Република Македонија, оти друго нема. Куќата пропаѓа, новинарите си одат, остануваат на улица, се отпуштаат работници и стануваат социјални случаи и крајот е блиску.

Одтука, поаѓајќи сега од материјалното финансиско работење за 2004 година кумулираната загуба од 505 милиони денари, ние како Собрание треба да разбереме дека е плод и нашиот неодговорен однос кон националната телевизиска куќа и дека ние сите тие создадени и неплатени обврски кои чинат 919 милиони денари, кои што се плод меѓу другото и на 130 милиони денари репрограмирани странски кредити за набавка на опрема, изградба на зградата. Мене ми изгледа тоа навистина необјасниво во време кога МРТВ одстапи најголем дел од својот простор , своето најголемо капитално богатсво зградата на Македонското министерство за внатрешни работи, како може уште да се калкулираат долгорочни обврски на МТВ. Чија е зградата која што беше градена меѓу другото со пари од вработените на МРТВ, како може да фигурира повторно странска врска кога таа зграда вреди 10-тици милиони евра и сама по себе ако државата веќе ја користи за потребите за Министерството за внатрешни работи, на МРТВ треба да и плаќа голема кирија, голема рента, за да може управувачкиот тим од тоа да има бенефит и да може да нема 130 милиони долгорочни обврски пос трански програмирани кредити за опрема и зградата и второ да може да обезбеди позитивно финансиско работење. Јас меѓу другото сум ја посетил зградата и изгледа многу грдо со тие прегради од картони, гипсови каде што вадиме лични карти. Не сретнав никаде колку кирија, рента државата и плаќа на МРТВ за користење на зградата. Тоа значи дека ние како Собрание треба да се загрижиме, затоа што таа зграда е градено меѓу другото и со пари од вработените на МРТВ кои во одредени моменти издвојувале од своите плати, како што и многу други работници во Република Македонија издвојувале од своите плати на други места.

Одтука, потребно е загубата која што на крајот се искажува како загуба само во 2004 година вградена во кумулираната загуба од 29.126.750 денари да разбереме како последица и на нашето неодговорно однесување и наша немоќ пред извршната власт во Република Македонија, Владата да наметнеме една филозофија дека основачот на МРТВ, Собранието, има право со ребаланс на буџетот во буџетска проекција да ги проектира потребните финансиски средства овој наш национален јавен сервис да си ја остварува функцијата за која што е наменет. Веќе слушнавме од излагањето на директорката на МРТВ колку нашите соседи по број на население Хрватска е поголема само 2 пати од Македонија а има 140 милиони евра приход. Или Србија која што има 35 милиони евра приход или Бугарија 27 милиони евра приход, што ќе рече дека ние навистина во последен момент треба сето ова што ќе го прифатиме да донесеме заклучок дека, да дефинираме што ова Собрание ќе направи за тековната 2005 и идната 2006 година и на кој начин ние конечно ќе го решиме статусот на МРТВ, не толку да речеме во брза проекција, но можеме од сега натаму до крајот на годината да се проектира во буџетот на Република Македонија. Мислам дека нема друго решение, после она што го донесе обмуцменот како одлука за укинување односно должноста на граѓаните да ја плаќаат радиодифузната такса веќе во мај се гледа каква е наплатата во 2005 година, 43%, ќе падне и повеќе во тоа сум сигурен и на таков начин Македонската телевизија ќе биде принудена и понатаму да ја скусува и онака руинирата техника, застарена техника да отпушта вработени што не е популарно во услови кога Македонија нема простор, веќе нема ни можности да создава нови социјални случаи.

Од тие причини радиодифузната такса од 59 милиони денари или некаде милион евра за една година колку што е прикажана во овој Извештај, кажав дека веќе ќе се намалува и ќе претставува огромна бариера за постигнување добар финансиски резултат. Но, толку тоа не е ни важен, затоа што мислам дека ние можеме во Собрание да го покриеме тој негативен финансиски резултат како основач да го отпишеме или да дозволиме средства кои што ќе го покријат тој негативен финансиски план, туку важно е дека со намалувањето на уплатата месечна, последниот процент е 43% ако не реагираме на време дека ние продукциски и понатаму МРТВ ќе заостанува зад другите телевизиски куќи, приватните телевизиски куќи кои што, користејќи ја оваа поволност од нашиот амбивалентен однос кон оваа наша национална телевизиска куќа, го освојуваат просторот и гледаноста кај македонските граѓани. Исто така, неразбирливи се многу малите дотации од буџетот само три ипол милиони денари за програми наменети за странство, затоа што државата, пак ќе кажам, едне од битните елементи на државноста на Република Македонија во времето на информатиката не се само оптичките кабли и телекомуникациите, туку се исто така и аудиовизуелните информации. Во таа насока може да се размислува, бидејќи приходите во етерот од користењето на оптичките кабли и телекомуникациите се огромни за државата, таа може да размисли како во тој дел, бидејќи етерот е еден и неделив, независно дали се работи за предност на аудиовизуелни информации или за телекомуникации, како може да се изнајде простор за квалитетно финансирање на МРТВ.

Она што мене најмногу ме загрижува и барем според мене претставува апсолутна неможност МРТВ да биде во утакмица со другите телевизиски куќи, тоа е намалувањето на приходот од маркетингот. Значи, намалување на прихдото од маркетинг за 67,9% или за цели 152 милиони денари што значи близу од два ипол милиони евра намален е приходот во маркетингот. Тоа покажува дека намалувањето на придржувањето на правилата од Советот за радиот телевизија на толку и толку минути рекламни пораки. Она што претставува сега во овој момент да го наречам неквалитетна МРТВ во однос на конкурентните телевизиски куќи во рекламирањето и понатаму ќе придонесува да еродира и овој сегашен застарен техничко-технолошки капацитет и она што е најважно за мене, тоа е квалитетот на новинарите кои што ја носат на плеќи целата работа и од нивниот ангажман и од нивното наградување зависи на каков начин ќе го презентираат своето знаење пред граѓаните на Република Македонија во една национална радио и телевизиска куќа. Така што, во тој дел на материјалното финансиско работење, очигледно е јасно дека Собранието мора да се нагрби со тешкото време на носење решенија, квалитетно решение да не ги одлагаме проблемите за утре и да не го оставаме на друг собраниски состав, како ние ќе ја пречекаме 2006 година и што ќе направиме со јасно дефинираната загуба која што ќе биде уште поголема на крајот на годината, затоа што ќе паѓа радиодифузната такса, маркетингот заради конкурентноста исто така ќе биде проблематичен и ќе се соочиме со неможност на одржливост на одржување на нормалната продукција, нормалните преноси и работа на МРТВ.

Сега, во делот на програмските достигнувања и според мене објективно потребната помош од државата односно Собранието на Република Македонија како основач на МРТВ, бидејќи МРТВ е јавен сервис тој не може да биде руинирана фабрика, не може да има таков третман. Трансформацијата да се одвива само со помош на рационализација и отпуштање на работници. Тоа ниту приличи, ниту треба во една телевизиска куќа, ниту може така да биде. Напротив, најквалитетните новинари и во Хрватска и во Бугарија, во Грција и во Србија работат во националните куќи. Нивната програма е многу гледана по фрекфренстноста кај гледачите. Како може МРТВ да прибави квалитетен новинар при такви наградувања и при такви проблеми кои ги има со финансискиот резултат. А отказните решенија, рационализацијата не може да биде само еден момент, оти рационализацијата може да биде и при ист број на вработени, со разни форми. Да речеме, тука ние донесовме одлука ги укинавме оркестрите на МРТВ, кои што беа национално богатство, дел од националното богаство на Република Македонија. Па, подоцна ќе дојдат на ред и вработените во она што претставува сценографија, па вработените оние што се пратечките активности на новинарите и сето тоа создава само социјални случаи и не оди на добро. Се зголемува бројот на невработените за кои тука во Парламентот дека го смалуваме. Во МРТВ се отпуштаат работници, заради негрижата на Собранието и тоа ние мора да си го земеме и како наша обврска дека дел од тие работници кои се отпуштени, се отпуштени заради нашата негрижа и сега немаат парче леб или се борат да најдат работа во некоја друга приватна телевизија. Некои потези, пак, не можат да се објаснат и рационализацијата. На пример, ниту пак со Рамковниот договор. Не може во Тетово да нема дописник на македонски јазик, не може да има само на албански јазик во Тетово да нема дописник на македонски јазик. Значи, до тука е дојдена ерозијата на капиталот, што луѓето во МРТВ се во една страшна конфузија на кој начин да го продолжат процесот на рационализација, постигнување на колку-толку квалитетен радио и ТВ сигнал, колку толку квалитетна продукција, а во дискрепанца со финансиските можности. За дможе да има таква можност, потребни се ресурси, потребна е техника. Точно е тоа дека се распаѓа техниката во МТВ и ние сме сведоци кога доаѓаат репортажните коли, тие се репортажни коли од 70-тите години и наскоро ќе им дојде

крајот на тие репортажни коли, не ќе можат да ја вршат функцијата, а без репортажни коли вие не можете да го покривате просторот на целата македонска територија и не може квалитетно МРТВ да биде во натпревар со другите приватни телевизиски куќи кои што си набавиле современи репортажни коли, современи уреди за преноси.

Одтука, МРТВ може да врши само палијативни поправки на својата застарена опрема, на своите бетон машини, на главите на тие машини кои не чинат и за тоа Собранието може во даден момент да даде подршка за репарација и квалитетно сервисирање. Убеден сум дека во МРТВ постојат и квалитетни сервисери, постојат и луѓе кои најдобро од сите можат тој пратечки ешалон да го активираат и на таков начин МРТВ колку толку, пак ќе кажам, во овие тешки моменти, најсиромашни моменти во неговото опстојување, да опстои како јавен сервис како национална радио телевизиска куќа.

На крајот, околу програмата, јас по кој знае кој пат ќе спомнам дека нашата одговорност е огромна во делот на собранискиот канал. Ние како Собрание го измамивме национален јавен серви, националната телевизија. Најкомерцијалниот канал на МРТВ беше 3-ти канал. Гледан канал со години station наназад и тој канал МРТВ го отстапи на Собранието на Република Македонија за квалитетно пренесување на работата на Собранието. Што ние како Собрание направивме финансиски да се изборимe и при неслагање на министерот за финансии тука во буџетот, да ги уплатиме потребните средства на почетокот на проектот. Во една координација јас бев запознат дека треба да уплатиме 180 илјади евра, но тоа е премалку за еден квалитетен канал собраниски, а МРТВ си ги троши и оние малку пари за да го презентира Собранието и неговата работа. Кои новинари ние ги преземавме од МРТВ, колку пари за тоа издвојуваме и каде се парите што требаше да ги уплатиме на почетокот на работа на собранискиот канал. Значи, нашата одговорност тука е огромна. Објективно, тој собраниски канал не може да почне да работи без да се издвојат минимум милион евра во делот на техничка опременост, во делот на плати на новинари што ќе бидат ангажирани во Собранието, уредник на таа програма на тој канал, за да може да се изврши компензација МРТВ она што го губи како комерцијален дел од својата продукција, што го губи како спортски натпревари, што го губи како културни преноси, документарни и играни серии во делот на својата продукција МРТВ имаше прекрасни серии и тие се национално богатство. Анимираше актери, анимираше културни работници, анимираше научници во Република Македонија, прекрасни документарци и сето тоа сега пропаѓа, затоа што ние еве сега им го одземаме на МРТВ најкомерцијалниот, најквалитетниот канал, третиот канал, а при тоа се плашиме, затоа што политичките надгласувања се јасни и не можеме да се избориме за милион евра и 60 милиони денари да легнат на сметката на МРТВ однапред, за да може еднаш ние еден проект да го исфинансираме исцело, да го исфинансираме до крај со пари, со новинари, потоа продукција, а не да гледаме ние на собранискиот канал да се едуцираме во сериозна музика.

Меѓутоа, факт е дека тука вината е наша. Ние во тој дел треба да си ја понесеме одговорноста, до крајот на годината да изнајдеме решение со колку пари, како ќе ја покриеме таа дискрапанца во време и простор, оваа загуба како основач на Макдонска радио-телевизија. Ќе кажам ние сме основач, не е Владата на Република Македонија. Макдонска радио-телевизија не е владин сервис, извештајот ние го гледаме, ние носиме одлуки и јас ќе ве замолам, како опозиција, бидејќи јас сум претставник на опозицијата, да размислите што се однесува до Буџетот да не гласате по автоматизам. Мислам дека не може 60 милиони денари или 50 милиони денари за Макдонска радио-телевизија, бидејќи тоа беше обврска, ако ние речеме дека може, нема министерот за финансии, нема Влада која што не може да го прифати тоа. Значи наша е обврската, а ние сме граѓани кои што учествуваме, се презентираме преку тој трет канал, сега собраниски канал и наша должност е да изгласаме тој канал да биде квалитетно презентиран, квалитетно опремен, со квалитетна продукција и со квалитетни кадровски решенија.

Оттука, сметам дека во овој момент Макдонска радио-телевизија за собранискиот канал троши средства што ги нема и од она скудно би рекол, загубарско дно, троши средства за собранискиот канал, а ние не можеме, затоа што министерот за финансии ни е строг, дисциплиниран, принципиелен и тој не дава ни денар. Тој не даде 500 илјади денари за една потреба на Собранието, а камо ли да побараме сега 60 милиони денари за Макдонска радио-телевизија. Јас зборувам објективно и мислам дека така треба да размислуваме, затоа што ако не размислуваме така, според мене, јас ќе поделам една 120-тина од одговорноста од сите вас, дека ние сме ја уништиле Макдонска радио-телевизија како Собрание, дека сме немале сенс, ниту пак храброст, да се спротивставиме на некакви добри модели за финансирање, меѓутоа, без никакви ефекти по граѓаните на Република Македонија и во делот на информирањето, како што веќе говорам аудио визуелната информација.

Оттука, сметам дека тоа е тесно поврзано, оваа лимитирање на можноста Макдонска радио-телевизија комерцијално да си го користи третиот канал, за што јас ќе предложам тука до крајот на годината, ние да немаме собраниски канал, зашто мислам дека собранискиот канал не ни е потребен, туку да и го вратиме на Макдонска радио-телевизија со оштета и камата, затоа што го изгубила за нас и Макдонска радио-телевизија преку тој канал да си дојде во ситуација да си живее профитабилно во услови кога не моеже да опстојува и да и обезбедиме продукција. Продукција играна, документарна, детска

програма, музичка програма, која што ќе ја одржи во живот во конкуренција со хрватската, српската, бугарската, грчката, албанската, германската и било која телевизија, бидејќи ние имаме кадар, имаме прекрасни новинари, меѓутоа, немаме можност бидејќи не обезбедуваме квалитетен радио и ТВ сигнал. Ако патувате вие од Гевгелија, од Богородица до Велес, вие не можете да фатите ниедно македонско радио. Се слушаат само грчки радија. Тоа е факт. После Велес се слуша Радио-Скопје добро. На ултра кратки бранови се слуша подобро, но ако пробате за некоја друга станица, не можете да ја фатие, освен за локални станици, немате квалитетен радио сигнал. Исто така, ако патувате само 20 километри од Скопје во Патишка Река, ќе видите дека Патишка Река не ја гледа Макдонска радио-телевизија, нема квалитетен визуелен сигнал и селото зад Патишка Река. Тоа зборува за нас, колку ние се ангажираме како Собрание и колку сме ние мажи, кои што можеме да кажеме дека ние оваа година бараме Макдонска радио-телевизија од она што како Собрание ќе донесеме заклучок или одлука, да биде финансирана со толку и толку пари. Без тоа не може да се издржи една ваква ситуација.

Според мене објективно потребно е помош од државата заради тоа што независно дали овој концепт за кој што говорам ќе го прифатите или нема да го прифатите, но мора да прифатите дека нешто мора да направиме, инаку куќата пропаѓа, независно кој е директор и независно кој ќе биде во управниот одбор. Со вакви постулати кои што ги наброив,со вакви фундаменти не може МРТВ да обстане како продукција, како национален канал, како јавен сервис.

Тука според мене, бидејќи ги гледам секој ден репортажните возила под итно државата мора да направи набавка на нови возила, а друг начин нема освен преку Буџетот. Потребни се нова дигитална техника и

Второ, потребно е, според мене најважно нешто да се загрижиме за огромната аудиовизуелна архива на МРТВ во нашиот јавен сервис. Значи, мора да најдеме пари за конзервирање, за зачувување и префрлување на дигитален формат на историјата на Македонија. Затоа што вие ако сакате да направите електронизација сега на некои настани од битно значење за Македонија, 1956 или 1958 година, 1963 или 1968 година вие мора да направите електронизација во Софија, во Белград или во Солун. Тогаш вие давате фреска од непроценливо богатство што на некој ако не му се допадне некој детал од таа фреска може да го скине тој детал и вие нема да имате историски документ дека е така Македонија, во тој момент, 1958 година, на пример кога имаме светско првенство Шведска - Бразил и се пренесувало преку Пелистер во тој момент ние го имаме тој архивски материјал а утре ќе го немаме, може да има дел, но материјалот ќе го нема.

Во таа насока го земав спортот како најбенигна архивска документација, да не зборувам за политичките документи кои што се архивирани во архивот на Макдонска радио-телевизија кои зборуваат за самостојноста и независноста и ја афирмираат македонската државност.

Оттука сметам дека мора да најдеме пари за зачувување и конзервирање, дигитализација на оваа би рекол многу важна аудиовизуелна архива на Макдонска радио-телевизија, да не се даде во историскиот архив, затоа што таму тоа ќе биде исто еден чин кој што нема да овозможи прогрес во јавниот сервис.

На крајот би заклучил, не е работата само да го усвоиме извештајот, работата е во тоа, повторно ќе кажам и ве замолувам најсериозно да размислиме, каква е нашата одговорност во овој извештај. Тука не се спомнува никаква одговорност на Собранието. Но јас ве убедувам дека клучот на спасувањето на Макдонска радио-телевизија лежи во нас. Ние со гласање во Парламентот на Република Македонија со издржан проект, со издржани финансиски бројки како потребна сума на пари за одржлив развој на Макдонска радио-телевизија можеме да обезбедиме живот во националната радиотелевизија, а тоа ќе значи еден мал наш допринос за идните генерации, кои ќе можат да ги ползуваат тие документарци, играни серии и детски серии, спортски преноси и да бидеме и во овој дел, јас секогаш го говорам тоа, како ние да водиме артархична политика, да не гледаме што прави Хрватска, Србија, Бугарија, Грција, Албанија, Германија. Едноставно, тоа што го прават другите земји, во случајот на Макдонска радио-телевизија, треба да го правиме и ние. Клучот е кај нас, одлуката е само со стискање на ова копче, останува само Макдонска радио-телевизија да ни приготви програма, продукција, која што сметам дека ние можеме да ја поддржиме, пари за објективно репарирање и за набавка на нови технички помагала за конзервирање и зачувување на архивата и сл. Повторно ќе кажам од нас зависи, барем во случајот кога се работи за Макдонска радио-телевизија е вкупната иднина на националната Макдонска радио-телевизија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули имате реплика од три минути.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Од поголемиот дел на дискусијата на господинот Ѓорчев се согласувам, но и пред малку во претходната точка беше кажано во однос на слушаноста и покриеноста и пречките што доаѓаат од соседната Грција.

Факт е дека вие можете да поставите предавател со голема сила, доколу сакате и вие да и сметате на другата земја што е ваш сосед. Меѓутоа, Македонија секогаш ги почитува меѓународните норми и прописи во однос на силата, опсегот и сите други карактеристички во еден таков систем, што не значи дека од другата страна тоа е почитувано и се водат разговори и преговори од с трана на Министерството, за да може да се реши тој проблем. Инаку, не е решение сега ние на

Пелистер да ставиме еден репетитор со голема сила, па да одиме до Атина. Тоа не е решението. И не мислам дека Собранието тоа треба да го прави кога веќе во надлежните министерства се водат преговори, се договара таа работа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас би ги замолил пратениците да бидат кратки. Бидејќи тука е министерот за финансии, а многу се битни овие точки после оваа точка да бидат завршени. За 10 до 15 минути би можело се да се каже, барем за клучниот момент.Зтоа што оваа седница кога ќе ја прекинеме, ќе продолжиме дури во септември. Следат од утре уставните амандмани.

Повелете господине Србиновски, имате збор.

**Илија Србиновски:** Благодрам почитуван претседателе.

Ќе бидам пократок. И мислам дека дали има воопшто потреба од дискусија за Макдонска радио-телевизија, или само едноставно да гласам, но констатирајќи дека Република Македонија има јавен сервис, дека граѓаните за она што го плаќаат, добиваат квалитетна програма, дека вработените примаат редовна плата, за стресната работа што ја имаат и дека Макдонска радио-телевизија навремено ги сервисира обврските спрема државата. Значи, за жал, од сето ова нема ништо, освен излитени фрази, слушнати по кој знае кој пат, од генералниот директор дека со трансформацијата која се прави има за цел Макдонска радио-телевизија да стане јавен сервис по теркот на земјите од Европската Унија.

Не знам како ќе го одбраните фактот што Макдонска радио-телевизија нема концепт ниту програмски, ниту кадровски, ниту како се трансформира, едно стои на хартија а друго се прави во реалноста. Никој од вработените кои со години наназад издвојувале од своите примања, не знаат како и зошто големата зграда отиде во рацете на Владата, им се одземаа канцелариите, условите за работа станаа тежок стандард со лажно ветување дека сето тоа ќе придонесе за намалување на долговите на куќата. Велам лажно, затоа што пред себе го имам извештајот за работа во изминатата година, вклучително и финансискиот извештај, а тој кажува се. Да биде смешката поголема во него јасно стои дека меѓу другите обврски, вработените сеуште плаќаат кредити за зградата стари дури 25 години. Тоа ќе значело намалување на долговите на куќата, а вработените сеуште ги исплаќаат кредитите, каде што можеме да прочитаме од извештајот. Зградата е дадена, а за граѓаните нема позитивна, квалитетна програма, за вработените нама хранарина, нема плата, а Макдонска радио-телевизија како што се жали раководството се давело во долгови и повторно во ваш стил, друг е крив. Тоа ќе речете се долгови што ги направил претходниот директор во времето на ВМРО ДПМНЕ. Таквите оправдувања веќе не поминуваат во јавноста. На власт сте три години, а госпоќата Стошиќ знаеше кај доаѓа. Ако немала капацитет да се справи со состојбите, не требало ни да ја прифати функцијата. Едноставно, ако не била целта да ја уништи куќата, да ги избрка кадрите, кои ги затекна и да си ги донесе сопствените луѓе во Макдонска радио-телевизија. Се бркаат сниматели, новинари, кои имаат високо образование и кои работеле со години како хонорарци и на нивните места се примаат лица кои се без соодветно образование и со далеку помало искуство. Значи, истовремено се отпуштаат. Се примаат нови. Тоа ли е трансформација. Ќе речете луѓето кои се донесени се неопходни за процесот, но гледаноста на програмата тоа не го потврдува рејтинзите се повторномногу ниски. Значи кадровската политика што се води е тотално промашена. Ова што го зборувам важи и за македонската телевизија и за радиото. Да ви кажам и не правам кој знае колкава разлика, чинам дека се е испомешано. Истите новинари ги слушам на радио, ги гледам на телевизија. Значи работат за двата медиуми. Но, не што земаат по две плати, со соглед на тоа што секаде во светот, тоа се два различни медиума, туку не примиле плата веќе неколку месеци.

Во моментот кога атмосверата се влошува и кога вработените требало да потпишат изјави дека половина година се согласни да работат без плата, ако сакаат да останат на работа и слични конструкции. Тоа ли е јавниот сервис на СДСМ. Се фалите дека правите трансформација. Кој од овие пратеници. . .

**Љупчо Јордановски:** Ве молам господине Србиновски, зборувајте за извештајот. Имате конференции за печат, имате весници, тоа што сега го прочитавте кажете го на конференција за печат.

**Илија Србиновски:** Тоа е работењето на Макдонска радио-телевизија.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам господине Србиновски, само вие губите, не губи никој. Тоа искрено ви го кажувам, бидејќи тоа го знам од искуство.

**Илија Србиновски:** Претседателе, вие мислете како што сакате, дали губам или не губам.

**Љупчо Јордановски:** Надвор од темата сте господине. Имате извештај, додавајте конструктивни предлози како може да се подобри. Утре вие ќе дојдете на власт, некои работи ќе се оправат, за да можете да продолжите некогаш. Не утре. Вие сега наместо така да дискутирате, вие сега ми зборувате како да сте синдикалец на Макдонска радио-телевизија.

**Илија Србиновски:** Претседателе има уште две три минути. Ние секако дека ќе дојдеме на власт, тоа да ви е јасно, брзо времето оди.

Значи кој од овие пратеници може да прифати еден ваков извештај во кој без срам се констатира дека приходите од маркетинг во однос на претходната година, се намалиле за 62%. Дали под трансформација се подразбира техничко отстранување на вработените од сите

профили, само да се задоволи обврската, без да ја оценуваме уредувачката политика. Не е тешко да се констатира дека ова раководство нема никаков колпак при конципирањето на програмата. На неколку месеци се изненадува со нова програмска шема, со нови наслови на емисии, нови термини, едноставно, не не изненадуваат со квалитет. Макдонска радио-телевизија дојде до тоа ниво, јавните анкети покажуваат дека граѓаните на Македонија повеќе ја гледаат хрватската телевизија, сателитска, преку кабловските оператори, одколку домашната државна телевизија. Какво понижување за една национална куќа. На вакво ниско ниво никогаш досега нема паднато Макдонска радио-телевизија, независно кој би директор, кој бил на власт. Директор со ваков резултат, не само што треба да си даде оставка, туку треба да размисли дали понатаму треба да биде на оваа функција.

За каков национален сервис воопшто зборувате, кога Македонија гравитира кон НАТО и Европската Унија, Макдонска радио-телевизија нема допис на мрежа од светските метрополи. Расечен е националниот дописен систем, а оние дописници кои преживеаја, мораат да работат во услови како пред 40 години во домашни услови и се делумно на самофинансирање.

Подолг период сведоци сме и на подеми и на падови на Макдонска радио-телевизија, имало добри и лоши раководства, но се чини дека дел од позициите, што ги предизвика овој менаџмент не можат да се санираат. Направена е трајна штета на националниот радио-телевизиски сервис.

Значи, наместо извештај, генералниот директор треба да си поднесе оставка.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски како сватвивте коментар, или реплика. Би ве прашал, вие господине Србиновски што кола возите? Сигурно не возите мерцедес. Зошто не возите мерцедес? Немате пари да го купите. Тоа е прво,

Второ, зошто се гледа хрватската телевизија? Затоа што има секако, поквалитетна програма и технички и содржински. А знаете ли колку хрватската телевизија има дотации, или приход? Не знаете. Тоа кога ќе го дознаете ќе споредите со она што ние овде имаме, и тогаш ќе можете да го кажете тоа што го кажавте, а сега имате една минута контрареплика.

**Илија Србиновски:** Претседателе изгледа како да ми изигравате професор, а јас студент. Меѓутоа, имаме менаџмент. Менаџментот нека си одговори на овие прашања. Тие знаеја дека се на власт. Тие се три години, па нека се подобрат условите за работа.

**Љупчо Јордановски:** На овие прашања веќе три години се одговара, а јас сум професор, ако веќе тоа сакте да го знаете.

**Илија Србиновски:** Вие сте, ама овде не сте професор.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Јаневска повелете.

**Цветле Јаневска:** Благодарам, почитуван претседател, колеги пратеници, почитувана директорке на Јавното претпријатие Макдонска радио-телевизија.

Ќе се произнесам со доставениот извештај за работата на МРТВ за разгледуваниот период, мај-2004, мај 2005 и тоа за разлика од мојот претходен колега, ќе се произнесам афирмативно, а за тоа имам и аргументи.

Мојта оценка е дека истиот е квалитетно изготвен, концизен и прецизен е, но во исто време и нуди прагматични решенија за функционирање на ова јавно претпријатие, како вистински јавен сервис.

Разгледувајќи го Извештајот за работата, на Македонската радио-телевизија, повторно ќе се соочиме како и минатата година, со констатцијата дека главна карактеристика во работењето на ова претпријатие е дека тоа работење се одвива во финансиска и техничко-технолошка криза, како и расчекор во изворите на финансирањето, со трошоците на производството. Ваквата сосотјба пак дирекно се одразува на квалитетното производство на програма, за што мора програмските зафати да се планираат, согласно финансиските можности. Значи главниот чинител за квалитетна и разнообразна програма наменета за различните генерации и вкусови на граѓаните е материјалниот фактор. Тој апсолутно е ограничувачки фактор во креирањето на програмата и нивното реализирање, а за кои остануваат покуси граѓаните.

Суровите бројки во Извештајот говорат дека кумулираните финансиски обврски од сс 619 милиони денари, претставуваат 99,40% од остваренито едногодишен прилив на паричните средства од наплатената радиодифузна такса која изнесува околу 622 милиони денари, а штопатем речено е и главен извор за финансирање на оваа телевизиска куќа. Значи Македонската радио-телевизија не располага со неопходни залихи на репроматеријали и резервни делови и друг потрошен материјал и затоа троши истрошена техника и застарена технологија од која најголем дел е и амортизирана.

Свежо ми е уште сеќавањето од минатогодишната посета на Македонската радио-телевизија и разочарувачкото сознание за рунирачката состојба како на самиот објект внатре, така и на опремата со која вработентие ги произведуваат емисиите и ги реализираат нивните амбициозни програми. Сепак книговотствено искажаниот негативен финансиски резултат од работата на МРТ во 2004 година, во споредба со претходните години е значително помал. Радува исто така и податокот дека книговотствено евидентираните расходи односно создадените обврски во текот

на 2004 година се во рамките на остварените приходи во таа година, а истите се намалени за 24,7% во однос на 2003 година. Тоа е резултат, пред се на преземенит емерки и активности за рационално трошење на расположивите апрични средства и штедење односно намалување на определени трошоци со многу рестрикции и контроли, откажување и не често на сметка на квалитетот на содржините на радио и телевизиските програми. Ваквото помало остварување на вкупните расходи во однос на претходната година, исто така се должи и на реорганизацијата и реструктуирањето што е направено во рамктие на Македонската радио-телевизија, како и рационализацијата реализирана одговорно и успешно. Всушност Македонската радио-телевизија продолжува со реализација на програмата за трансформација и реорганизација, а согласно заклучоците на ова исто Собрание, донесени минатата година на 16.07.,по разгледување на Извештајот за работа на Македонската радио-телевизија. Во согласност со оваа програма издвоени се три друштва во кои не се врши основната дејност на претпријатието со општествен капитал во кој, во исто време се префрлени и 38 работници. Донесени се одлуки за оттуѓување на објекти за кои е оценето дека нивното работење предизвикува дополнително оптоварување на Буџетот на Македонската радио-телевизија.

Реализиран е во голем дел и новиот Правилник за систематизација на работните места со кој се укинати организационите делови и бројот на вработени е намален за 105. Инаку по основ на технолошки вишок од Македонската радио-телевизија отидени се дури 287 работници.

Треба да се набележат и активностите за компјутеризацијата што се одвива во Македонската радио-телевизија, како една од мерките за модернизација и унапредување на работењето, зголемување на ефикасноста и намалување на трошоците на работењето. Така остварувајки ги законските обврски од Законот за радиодфузна дејност, притоа земајки ги предвид и принципите на уредувачката политика на јавниот сервис, Македонската радио-телевизија произведува и емитува програми од информативна, образовна, културна, уметничка, играна, забавна и спортска област. При тоа заслужува внимание да се истакне и податокот дека се намалени часовите на емитување на странска обработена програма и производството на емисиите, дури и 80% сопствено.

Исто така програмите на јазиците на етничките заедници забележуваат еден висок подем во поглед зголеменост, а со доекипирањето кадровско секако тие ќе имаат и свој квалитет.

Посебен дострел во уредувачката политика на Македонската радио-телевизија е што во објавувањето и обработката на информамциите во секторот, за истите работи, исклучиво според мене професионално и според декларацијата за професионално работење. За тоа зборува и фактот дека и позицијата и опозицијата искажува незадоволство од застапеноста на телевизиските програми на Македонската радио-телевизија, што е доволен податок и показател дека навистина таа чекори кон демократизација на уредувачката политика. Сметам дека навистина заслужуваат внимание напорите и практичните ангажмани на Македонската радио-телевизија и во услови на еден оскуден прилив на средства постојано се стреми кон подигнување на квалитетот на програмите и поквалитетно остварување на функцијата на јавен сервис, фаќање чекор со забрзаните процеси на дигнатилизација во јавните сервиси во Европа. Македонската радио-телевизија изминатава година правеше напори да учествува во сите поголеми комерцијални манифестации од различен вид и така покај оскудните финансиски средства и техничките услови, прокетите на Македонската радио-телевизија беа присутни на многубројните меѓународни фестивали освојувачи на награди ипризнанија. Македонската радио-телевизија и оваа година, сакам да кажам дека успешно го организираше и меѓународниот ЕКО фестивал. Затоа јас, заради сите овие аргуменити ќе го подржам Извештајот за работењето на Македонската радио телевизија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Неколку колеги веќе го кажаа своето мислење за Извештајот кој е на дневен ред на Собранието.

Самиот наслов на Извештајот е Извештај за работа на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија. Меѓутоа, од она што можев да го видам, најголемиот дел од Извештајот е посветен на финансиското работење, на пробелмите во Македонската радио-телевизија и добро би било насловот на Извештајот да биде малку подруг, бидејки вообичаено е кога се зборува за работата на било која институција, во најголем дел да се зборува за програмите, а помал дел од извештајот да биде псветен на финансиското работење.

Веќе трета година како добиваме вакви извештаи и се нудат едни исти работи. Не можеме да видиме никаков успех кој беше ветуван на почетокот, ниту пак се гледа некоја перспектива. Тука едниствено стои констатацијата дека финансиската состојба е лоша. Лошата финансиска состојба се должи не само на проблемот со кумулираните загуби и со доволното неплаќање на радиодифузната такса односно не собирање на радиодифузната такса. Меѓутоа јас мислам дека добар дел на тоа отпаѓа и квалитетот на менаџирањето со Македонската радио-телевизија.

Во Извештајот може да се види дека кумулираната загуба сега е зголемена на 505 милијони. Кога госпоѓата Стошиќ дојде на директорското место во Македонската радио-телевизија, кумулираната загуба беше некаде околу 220 милијони и наместо, според

ветувањата да се намали загубата, имаме не двојно зголемвување, туку уште повеќе, значи од 220 на 505 милијони денари. Трансформацијата на Македонската радио-телевизија, место да оди на подобро, оди во катастрофално лош правец.

За овие кумулирани финансиски обврски во износ од 619 милијони деанри, би требало да ни се даде еден посебен преглед, поединечно, за што се однесвуаат овие обврски, на кого се должи, колку се должи, зошто до сега се чекало да не се побара излез, дури и основачот, Собранието да санира дел од овие долгови, до колку се направени од неоправдани причини. Инаку се создава впечаток, не само кај нас пратениците туку и кај вработените и кај севкупната македонска јавност дека се работи на начин само да пропадне Македонската радио-телевизија и да се продаде по ефтина цена.

Во Извештајот на страна 3 каде зборува за книговодственито негативно искажан финансиски резултат од работењето на Македонската радио-телевизија во 2004 година, се вели дека нема да бил таков резултатот до колку немало создадени обврски од претходните години, до колку немало толку големи камати и задолженија, до колку отпремнини по основ на технолошки вишок обезбеди Буџетот на Република Македонија. Помеѓу другото како една од причините стои и тоа, како што се вели, до колку не се случеше драстично намалување на книговодствено евидентираните приходи од маркетинг услугите и се вели, до колку тоа го немаше, финансискиот резултат ќе беше позитивен, со забележителен износ на остварена добивка.

Најпрвин ќе спомнам дека никаде во Извештајот не сретнав, како што се зборува за одлеани пари за технолошките вишоци, за исплата на отпремнини, никаде не сретнав и колку се одлеани пари по судските решенија за враќање на работа на некои од избрканите работници, поради непочитување на процедурата при делењето наотказни решенија од страна на менаџментот на МТВ. Никаде не сретнав податок што се случува однсоно дали има пари и приходи од хотелот во Охрид, бидејки Македонската радио-телевизија сеуште располага со објект, хотел во Охрид од кој нема покажано никаков приход. Ја знаеме и од минатиот пат приказната, не е рентабилен па не треба да работи. Меѓутоа, во исто време вработените од Македонската радио-телевизија плаќаат високи суми за сместување во комерцијалните објекти во Охрид, кога службено престојуваат таму, така, наместо овој објект да овозможи одредени заштеди, барем за Македонската радио-телевизија, значи не мора приход туку заштеди, барем во однос на ноќевањата, самиот објект очигледно им смета и менаџерите бараат начин да се ослободат и од него, кажувајки дека носи само загуби. Иста е ситуацијата и со локацијата и бараката во посед на Македонската радио-телевизија во Маврово, за што пак воопшто не сретнав ниту збор. За хотелот во Охрид се вели дека има настанато одредени пробелми и заради тоа донесени се одлуки за продажба, меѓутоа не е завршена оваа постапка, додека за бараката која е во посед на Македонската радио-телевизија во Маврово, воопшто не станува збор. Коментарот на вработените од Македонската радио-телевизија, со тие со кои разговарав за Извештајот во однос на овој дел, коментираа дека трагично е однесувањето на раководството на Македонската радио-телевизија и неводењето грижа за имотот на истата. Да не зборуваме за недомаќинското работење на менаџментот во услови кога буквално тоне Македонската радио-телевизија, одењето на директорката во придружба на своите соработници во потесен или во поширок состав, зависно од ситуацијата, само за последните три месеци ќе спомнам дека има протоколарни посети во Киев, Пекинг, Приштина, Дубровник, за одењето до Охрид да не зборуваме, а од овие посети апсолутно не се гледа никаков ќар за функционирањето на Македонската радио-телевизија, никакво подобрување на состојбата и не може да видиме колку биле оправдани ваквите постапки на менаџерскиот тим на Македонската радио-телевизија. Тоа не е само прашање кое си го псотавувам ние како опозиција, туку пред се им е нејасно на вработените кои ја делат страшната судбина во Македонската радио-телевизија.

Се зборува дека една од причините за негативниот финансиски резултат е катастрофално намалување на приходите од маркетинг услугите. Нели, трансформација на Македонската телевизија се бараше заради олеснување на работата на МТВ, а не за отежнување. Работата на менаџментот е да проценува дали некоја постапка е добра или лоша за куќата во која работи.

Самото одделување на ДОЕЛ-Аргус што требаше да бид еприватна фирма и многу успешно да работи и од тоа да има ќар Македонската радио-телевизија, барем во делот што 11 луѓе со високо образование нема да бидат на товар на Македонската радио-телевизија. Но, наместо тоа, наместо 24%, како што претходно вкупниот приход на Македонската радио-телевизија го носеа овие луѓе и маркетинг секторот, сега имаме намалување на приходите дури за 61,9% од маркетинг услугите. Дали е тоа резултат на неплаќањето на радиодифузната такса, дали е тоа резултат на недоброто менаџирање на тимот на Македонската радио-телевизија, треба да се даде одговор и зошто воопшто се покрена прашањето за некаква трансфорамција во овој дел, кога оди кон полошо, наместо да оди кон подобро. Не е само овој пример за лошо работење, не е само маркетингот пример, бидејки претходно носеше голем приход, а сега не, туку се уништи и касетната продукција, се уништи службата за претплата од 320 луѓе низ цела Македонија, која годишно пронаоѓала и над 1000 нови претплатници. Да не зборуваме за хотелот во Охрид кој во екот на летната сезона е затворен, дури и за вработените од Македонската радио-телевизија.

Никаде во Извештајот не видов колку се снимени нови дравми, филмови, колку се издадени плочи, касети и програмски изданија од национален интерес, колку се создадени нови емисии за јазикот и детски драми и емисии, нема никаков податок за тоа колку имаме играна програма, колку имаме создадена програма, колку преземена, колку купена. Од такви податоци, почитувани колеги треба да се состои Извештајот за работаа на Македонската радио-телевизија, без оглед дали е позитивен или негативен. Меѓутоа, треба да ги имаме овие податоци. Тоа го кажувам само како резултат на кажувањето на некои колеги дека солиден е Извештајот на Македонската радио-телевизија. Јас не би кажала, бидјеки ги нема суштествените податоци за оценка.

Исто така, не можев да сретнам во Извештајот,а на тоа треба да даде одговор генералната директорка, дали има и ако има, колку е ненаплатениот ДДВ на државата од страна на Македонската радио-телевизија за последните 2 години и дали е виситна тврдењето на вработените кои се упатени во оваа пробелматика дека веќе 2 години, повеќе од 32 милијони денари не е платен ДДВ на државата. Тоа е посебно интересно во периодот кога е актуелна аферата со даночното затајување.

На вработените во МРТВ кои со години, дури сега исплаќаат кредити, според Извештајот, за зградата на МРТВ. Како што беше кажано им се одзедоа канцелариите со уверување на менаџментот дека на тој начин ќе се намалат долговите на куќата, но дали е така?

МРТВ има отстапено на МВР 10 ката од објектот од кој секој кат има просечно по 1400 м2, што значи вкупно околу 14000м2 се отуѓени без речиси никаков надоместок со што куќата е оштетена во огромна сума на пари кои би можеле да обезбедат подолгорочно непречено функционирање на МРТВ. За тоа воопшто нема ниту збор во Извештајот на менаџментот на МРТВ.

Ако се знае дека во центарот на градот цената на метар квадратен се движи од 900 до 1000 евра за квадрат ако се купи, станува јасно колкава сума е во прашање или ако овој простор се издаваше под кирија и за тоа се добиеше околу 10 евра по квадрат, исто така ќе се обезбедеше прилив на пари кои се толку неопходни за нормално функционирање на МРТВ. Навистина е зачудувачко зошто не се постапува во овој правец да се обезбедат овие средства, бидејќи е нормално за секој вистински менаџер да не отуѓува дел од имотот за џабе или да го дава на користење за ништо пари.

Со овој потег менаџерскиот тим на МРТВ му има нанесено штети со несогледливи последици, меѓу другото, заради тоа што ниту една земја на Европската унија, па дури ни во соседството не е познато јавниот сервис да биде во еден ист објект со полицијата. Сето ова имаше влијание и врз падот на рејтингот на програмите на МРТВ поради недовербата во објективното и непристрасно информирање.

МРТВ располага и со паркинг простор за кој исто така нема ништо во Извештајот од над 1000м2 кој во моментот го користат странките на МВР и тоа повторно без никаков надоместок. Тоа е во контекст на домаќинското работење на менаџерскиот тим.

Доколку менаџерскиот тим имаше навистина идеја и желба да ги среди состојбите во МРТВ на материјален план можеше да оствари солиден приход и дури од наплата на паркинг просторот, а не само од киријата за давањето на зградата на користење.

Би сакала сосема накратко да се осврнам на реформите кои беа спомнувани и со кои дури и Македонското радио требаше да доживее позитивна трансформација и да се воведат новини на подобро. Наместо тоа дојде до обезличување на програмата на Македонското радио кое бележи рекорден и до сега невиден пад на рејтингот и од медиум на кој до не така одамна, според анкетите, граѓаните најмногу му веруваа, на рејтинг листите на слушаност веќе се наоѓа под неколку приватни и локални радија.

Кажување на вработените што навистина запрепастува во ова време е дека нормално е така кога вработените кои секојдневно се изложени на притисоци од најразличен вид страв за нивните работни места како и перманентните стресови не се во состојба да произведуваат и атрактивна програма. Ако направиме и најпроста методолошка постапка, според таканаречениот дневно барометарски модел, тој најчесто се применува во сондажниот тип на истражувања врз програмите на Македонското радио, ќе се заклучи дека програмата е без концепција, без уредувачка политика, потпрена врз искуството и оставнината од некои минати времиња, без одредена цел, без критериуми за тоа како да се оживее програмската шема, како да се прелее од една во друга содржина, како да се презентира од весникот коментарот до достоинственото музичко остварување.

Најпроста анализа, почитувани колеги, ќе покаже дека на аудиториумот му се нудат зависни програмски целини од политичката состојба и дневните изместувања со просечен квалитет иако програмите ги реализираат искусни професионалци.

Програмите на Македонското радио се под контрола на власта која не го заобиколува уредувачкиот тим поради што е дојдено до фаворизирање на луѓе кои не се на нивото на функцијата која ја обавуваат.

Раководната структура преку непланското работење создаде затворање на Македонското радио во сопствено заточеништво. Во Македонското радио формално постојат сектори со редактори кои, по правило, само шефуваат.

Почитуван претседателе знам дека ви е тешко тоа да го слушате, меѓутоа, кажав дека

работењето на МРТВ сепак зависи и од менаџментот на МРТВ...

**Љупчо Јордановски:** Едно сфатив дека овие информации ќе кажат колку сме партизирани по сите основи во сите институции.

**Силвана Бонева:** Па, тоа е МРТВ. По претходниот закон колегата Макрадули јасно кажа...

**Љупчо Јордановски:** Не е само МРТВ, да знаете за паркинг на м2, тоа е веќе информација колку сте партизирани секаде. Со тоа нема излез и нема резултат. Повелете. Најмалку се мисли за иднината на куќата, туку се мисли за паркингот и партизацијата.

**Силвана Бонева:** Во Извештајот за работењето на Македонското радио во периодот од мај 2003 до мај 2004 година се вели дека основен белег на изминатата година бил интензивниот процес на трансфорамција на целиот систем на МРТВ, а да се постигне оваа цел било неопходно да се изврши реорганизација и рационализација на постојните ресурси.

Уште се вели дека новата организациона поставеност овозможила да се подигне и квалитетот на програмите. Ценам дека тоа не е надвор од она што е интерес и на вас почитуван претседателе и на граѓаните на Република Македонија.

Од она што е кажано во Извештајот ништо не е направено освен разместувањето од помалата во поголемата зграда и ставањето на некои неподобни луѓе во бараките кое им служи за казнена експедиција.

Во Македонското радио нема воопшто промени, има прогон на неистомисленици, променет е дизајнот на емисиите, но тоа секако не е рационализација на сите емисии новинарскиот кадар е префрлен на Првата програма со што е направен невиден хаос, од друга страна некои програми, како на пример Втората програма од угледно радио се претвори во музичка кутија која врти музика од секаков вид за сметка на Канал 103 кој без образложение беше укинат.

Посебно воопшто не се води сметка за литературниот јазик и се почесто на програмите и на радио и на телевизија се сретнуваме со туѓ извитоперен говор, а сето ова е резултат на тоа што се укина Советот за македонски јазик.

Од 1945 година па наваму во Македонското радио постепено се формирани четирите оркестри и тоа Народниот оркестар, Оркестарот со народни инструменти, Чалгиите и Танцовиот оркестар.

Фолклорното творештво има длабоки корени во нашата традиција. Тоа со векови се создавало и генерациски се пренесувало од колено на колено...

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева ова е веќе надвор од Извештајот, историја нам овде не ни треба, а јас ќе ја прашам...

**Силвана Бонева:** МРТВ, ве молам, никој не ви дозволува да влегувате во мојот говор, бидејќи не сум надвор од Извештајот на МРТВ. Зборувам за програмата на Македонското радио.

**Љупчо Јордановски:** Не, но 1945 година никаде не е спомната во Извештајот.

**Силвана Бонева:** Нешто што се формирало од 1945 година па наваму, а сега веќе го нема, укинато е од овој менаџерски состав е вредно да се спомне.

**Љупчо Јордановски:** Колку што знам тоа беше пласирано и во минатиот Извештај, вие го повторувате и за овој Извештај.

**Силвана Бонева:** Која е трансформацијата на Македонската телевизија што е спомната? Не дозволувате во една реченица и тоа да се спомне?

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева ве молам не ја спомнувајте 1945 година, алергичен сум на нејзе.

**Силвана Бонева:** Ако сте вие алергичен, јас не сум алергична за нешто што се создавало повеќе од 60 години, а сега се уништува.

Овие оркестри почитуван претседателе кои ги наведов со своето скоро шестдецениско опстојување не само што го продолжија континуитетот на изворните музичко фолклорни традиции, туку дадоа мошне значаен удел да се оттргнат од времето на заборавот.

Значи, се укинаа сите овие оркестри, се уништи издавачката дејност на куќата, касетната продукција, со тоа презентативната можност и моќ на македонската култура и културното богатство се уништи, а се прекина и нитката со нашите сонародници во странство кои со време ќе ги заборават имињата на Бадев, Илиева, Сариевски.

Гледано од економски аспект, бидејќи Извештајот е повеќе финансиски, со растурањето на касетната продукција таа финансиски уништи мошне добар и перспективен профитен центар. Се на се од лошо полошо, наместо прогрес и програмите на Македонското радио се вратени на нивото од 50-тите години од минатиот век и ако се продолжи со ова темпо, наскоро треба да се очекува да се добие една бајата провинциска радиостаница, бидејќи веќе Македонското радио не е прво посакувано радио од граѓаните на Република Македонија.

Само за крај актуелниот раководен кадар на чело со генералниот директор се покажа како исклучително неспособен кадар кој, освен уништување на веќе создаденото богатство во изминатите шест децении, за скоро три години од мандатот не успеа да осмисли план за ревитализација на оваа куќа, упорно и систематски го разнебитува имотот, ги отуѓува во безценост сите ресурси кои би можеле да бидат добри извори на приходи за МРТВ.

Од тоа може да се заклучи дека проблемот не произлегува само од собирањето на радиодифузната такса, туку, пред се, проблемот е и со менаџирањето на МРТВ. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓице Грковска, три минути реплика.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева колку и да барате податоци во Извештајот за тоа колку плочи се издадени во продукцијата на МРТВ нема да ги најдете од проста причина што не само во нашата држава, туку и во сите земји веќе е откажана праксата од издавање на плочи во овие држави, туку се употребуваат посовремени технологии во таа смисла.

На 20 мај до Собранието на Република Македонија и до сите пратеници дојде Извештајот од Надзорниот одбор на МРТВ кој се однесува на материјално финансиското работење во периодот од 2002 до 2004 година и ако се прашувате на што се должи резултатот од состојбата во МРТВ, тогаш одговорот ќе го најдете токму во овој Извештај. Во него меѓу другото стои дека анализата на донациите добиени од државата како компензација за необезбедениот начин на финансирање покажуваат дека токму овие две години се прават првите и тоа драстични чекори за справување на проблемите стари со децении, дека не може со 50% од претплатата која се собира во исто време да се наплаќаат наследените долгови и да се финансира тековното работење.

Дека побарувањата што ги има МРТВ во најголем дел потекнуваат од рекламни услуги на политичките партии на изборните штабови на партиите, потоа од фирми под стечај, а доколку се сеќавате минатата година кога разговаравме за Извештајот за работата на МРТВ токму вашата политичка партија стоеше во Извештајот како една од должниците на МРТВ и јас би ви препорачала, доколку сте навистина искрено загрижени за финансиската состојба на МРТВ да интервенирате во вашата политичка партија да го покрие долгот кон Македонската телевизија.

Исто така во тој Извештај стои дека Одборот за контрола посебно сака да потенцира дека дел од загубата е поради лошото работење на претходното раководство што е аргументирано со склучените штетни договори со различни маркетиншки агенции и тн.

На крајот се вели дека и покрај ваквите негативни финансиски перформанси, МРТВ и нејзиното раководство се зафатило сериозно со трансформацијата на куќата со единствена цел нејзино преобразување во современ радиодифузен сервис со квалитетна кадровска и техничка основа, се разбира дека ова, имајќи ги во предвид проблемите...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Повелете госпоѓо Бонева една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко за појаснување на госпоѓицата Грковска, диск значи плоча и тука нема што да елаборираме, а ако за вас не е важна продукцијата, јас не знам како и на кој начин јавниот сервис ќе работи за зачувување на македонското културно богатство.

Велите дека први чекори за справување со проблемите ги започнал овој менаџерски тим на чело со госпоѓата Стошиќ, како тоа ќе го докажете кога од 220 милиони кумулирана загуба сега имаме 505 милиони кумулирана загуба. Значи двојно повеќе. Тоа ли е справување со проблемите? Не само постојните загуби што не се покриени или намалени, туку зголемени за два пати повеќе.

Значи, пред да зборувате нешто треба токму бројките да ги видиме во Извештајот.

(Госпоѓицата Грковска реагира на повеќе отстапено време на госпоѓа Бонева).

**Љупчо Јордановски:** Слушајте госпоѓице Грковска, не коментирајте од таму, земете реплика или процедурално. Случајно го стиснав ова на една минута, а имаше уште 14 секудни кога заѕвони. Ве молам да бидеме малку коректни.

Господине Макрадули, јас мислам дека е крај, 18,00 часот е. (Реакција од пратениците).

Добро, реплика е, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, ќе кажам само три работи.

Прво, имотот на МРТВ, согласно трансформацијата на капиталот во 1997 година и Законот од 1998 година е во сопственост на државата и Владата како субјект стопанисува со тоа и да не обвинуваме зошто е некој таму и дали тоа влијае на квалитетот на програмата.

Второ, во 2000-та година претходното раководство купува хотел, кажете ми која телевизија стопанисува со хотел, па да се секира дали е полн или празен капацитетот? Башка купила хотел што е дивоградба и за кој постоечкото раководство не може да извади имотен лист за да може да го продаде и која е логиката телевизијата да има свој хотел и да стопанисува со тој.

Се согласувам дека има дел неатрактивна програма, завчера гледав како Груевски и градоначалникот Латиновски пет минути една лопата ставаа, апсолутно неатрактивна програма.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика за Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Каде се видело и чуло почитуван колега во една зграда да имаме јавен сервис, значи МРТВ и Полиција. Кажете ми вие колку е добро за развојот на демократијата во Република Македонија и колку може да се оттргнете од впечатокот кој го имаат граѓаните дека буквално извршната власт го диригира работењето на МРТВ.

Да не зборуваме за долговите кои треба да ги отплатите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Почитувани пратеници предлагам сите да се откажеме, да пристапиме кон гласање, ја знаеме

ситуацијата, еднаш дискутиравме минатата година, сега доста се издискутира, дали се согласувате да се откажеме сите, ајде ве молам, да пристапиме кон прифаќање.

Бидејќи нема никој пријавен за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Им се заблагодарувам на опозицијата, тоа е конструктивна опозиција и конструктивна позиција, нормално.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата да пристапиме кон гласање на заклучоците.

Госпоѓо Бонева седете.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

Во салата има 57 пратеника, молам уште четири пратеника нека дојдат.

Ве молам вие од ДУИ дојдете барем два-тројца. Треба дневницата да се заработи.

Замолувам уште еден пратеник да се појави.

Предлогот на заклучоците содржан во Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 47 гласале за, 1 воздржан, 9 против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Благодарам почитувани пратеници што издржавте 11 минути повеќе, утре е битна седнциа, почнуваме со Нацрт-уставните амандмани, во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,10 часот)